СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение од Деведесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 12 мај 1998 година

Скопје, мај 1998 година

**ДЕВЕДЕСЕТТА (90) СЕДНИЦА, і ПРОДОЛЖЕНИЕ,**
**ОДРЖАНА НА 12 МАЈ 1998 ГОД.**

ОПШТ ПРЕТРЕС ПО ПРЕДЛОГОТ ЗАКОН ЗА ИЗБОР НА ПРАТЕНИЦИ ВО СОБРАНИЕТО НА РМ до стр.120

Амандманска расправа по ИСТИОТ ЗАКОН од стр. 120

1. АБДИ ФАИК 35, 40
2. БОГДАНОВСКИ ИГНАТИЕ 88, 92
3. БИЉАЛИ МЕРСЕЛ 29, 33
4. ЃЕШТАКОВСКИ АЛЕКСАНДАР 58, 66
5. ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН 1
6. КОЦЕВСКИ АЦЕ 94, 100
7. КРСТЕВСКИ ЗОРАН 20, 25
8. ЛАЗАРОВ ЈОВАН 83
9. МИНОВ ПАНЧО
10. МУРАТИ ЏЕЛАДИН (го заменува претседателот) 1
11. РАМАДАНИ ИСМЕТ 45, 48
12. РАМАДАНИ САЛИ 69, 71, 81, 83
13. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР 2
14. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ 11, 7
15. СОКОЛОВСКИ ВЛАДИМИР 50
16. СПАСОВ ЃОРЃИ (министер за правда) 27, 79, 102
17. ТРАЈАНОВСКА НИКОЛИНА 5
18. ФИЛИПОВСКИ БЛАГОЈА (го заменува претседателот) 79
19. ХАСИПИ КЕНАН 9
20. ШАПУРИЌ ЗОРАН 113, 118

СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА!

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Првото продолжение од Деведесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 12 мај 1998 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала I, со почеток во 12,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Џеладин Мурати, потпретседател на Собранието.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Продолжуваме со работа по 90-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Горѓи Атанасов, Слободан Богдановски, Туше Гошев и Маријан Начевски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со работа по - Предлогот на законот за избор на пратеници во Собранието на РМ.

Отворам општ претрес.

Г-динот Слободан Даневски има процедурално прашање.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Г-дин потпретседателе, господа министри, дами и господа пратеници.

Еве поминува веќе повеќе од 10 дена пред последната седница на Собранието која беше во функција да се изготви една информација за состојбите со водоснабдувањето од системот Брегалница, сметајќи го

тука Кочани и Овчеполието. Времето одминува, еве поминаа 15-тина дена, а водата уште не е пуштена.

Задолжен сум од корисниците на системот

(дофрлување од место дека тоа не е тема на расправа на денешната седница)

Не е тема, но, целото производство пропаѓа, затоа што ќе се развлече оваа седница, министерот може да не дојде уште за 10 дена, да даде информација. Што ќе правиме, времето си поминува, поминуваат 20 дена, месец дена^ а водата уште не е пуштена. Што ќе правата земјоделците. Штетите се огромни. Сите се залагаат дека земјоделието треба да се унапредува, а гледаме што се работи.

Барам од потпретседателот на Собранието да го извести министерот, ако продолжи денешната седница и утре да дојде министерот и да му се обрати на Собранието. Во спротивно земјо-делците ќе реагираат, со тоа што ќе испаднат и ќе ги попречат патиштата во РМ.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ова не е за дневен ред за денешната седница. Отворам општ претрес. Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Владимир Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитуван г-дин министре, почитувани колеги пратеници.

Јас се јавувам прв за дискусија по оваа тема, законот за избор на пратеници, исклучително важен закон кој треба да го донесеме. И бро-

на амандманите покажува со каква сериозност, посебно позицијата настапува и бара сите нелогичности или пропусти, по пат на амандманска расправа да се исправат.

Јас генерално би кажал дека во Македонија веќе подолго време се врти слоганот - демократски фер избори. Мислам дека треба да дојде време да го менуваме менталитетот и сфаќањето и начинот на однесувањето и да направиме таков закон каде граѓаните и медиумите ќе кажат дека во Македонија има избори. Демократичноста и ферта се подразбираат во демократските општества.

Сакам да кажам дека во овој закон, може да се забележи дека се изземени нашите граѓани кои живеат во дијаспората. Сметам дека во овој закон треба да се прифатат амандманите кои одат во правец на тоа граѓаните на РМ кои по било кој основ живеат во целиот свет да можат да гласаат во нашите дипломатско конзуларни претставништва.

Исто така во генералната расправа би рекол дек судиите не правично се вовлекуваат во изборите и на некој начин вклучувајќи околу 230 или 250 судии од Македонија, ние практично правиме покретни судови во изборните единици. Тоа еднаш беше прикажано и на една хумористична емисија, К-15 даваше покретна полиција, покретни судови. Мислам дека не смееме да дозволиме судиите да ги вовлекуваме во политиката, бидејќи сеуште е краток периодот како тие станаа независни и да ги оставиме да останат засекогаш независни.

Министерот во своето обраќање кажа дека во некои земји во Европа и во Источна Европа се практикува судиите да бидат користени во изборниот процес. Меѓутоа, јас имам една забелешка на тоа. Јас можам да кажам дека тие судии во тие земји се далеку од тоа и се

веќе независни и тоа навистина независни, бидејќи многу долг период не се вовлечени во политиката и тие навистина се независни. Можат да бидат вклучени. Меѓутоа, кај нас тоа осамостојување на судиите и таа зависност од политиката, да кажам сеуште е цврста.

Предлагам да се вклучат во изборниот процес, за претседатели на изборни комисии, истакнати адвокати, истакнати правници млади луѓе кои сигурно ќе одговорат на оваа задача. Посебно напоменувам млади стручни луѓе кои можат да придонеса, како претседатели на комисии ефикасно да си ја завршат својата задача.

Некаде на една расправа која ја организираше ЛДП во врска со овој закон, беше искажана мислата и искуството дека во Европа постојат посебни судови кои се за избор. Мислам дека тоа не е лоша идеја. Јас сметам дека тоа е можеби и најдобриот избор. Затоа треба да размислиме и за една таква опција.

Корекцијата која беше во однос на 10% плус - минус, во однос на тоа од една единица да можат да се јават плус 10 или минус 10, сметам дека е голема бројка и сметам дека таа треба да биде помала, со што би се избегнала манипулацијата и односот на бирачите точно да се преслика спрема нивната волја и желба.

Исто така сакам да кажам дека се залагам за професионален однос на пратениците, бидејќи сеуште Парламентот, пратениците ја градат законодавната власт и многу е важно пратениците да бидат професионалци и најсериозно да си ја сфатат својата работа, бидејќи сеуште има огромен дел на закони кои треба да се донесат. Значи, се залагам за професионализација, а не за, како што беше речено, или некој рече хоби парламентарци или членови на Парламентот кој од хоби тука доаѓаат и пола од нив се ангажирани во своите бизниси, а

половина или 1/4 се овде на Парламентот. Со тоа и Парламентот ќе се избори за една квалитетна и континуирана работа со, што е најважно, носење на квалитетни закони кој нема потоа да ги враќа или да ги соборува Уставниот суд на РМ.

Што се однесува до медиумите треба да кажам генерално дека сега се направи доделување на дозволите за користење на електронските медии. Сметам дека максимално во овој закон треба да биде точно прецизирана нивната улога и медиумите да се однесуваат така како што треба, сите партии кои ќе конкурираат за овие парламентарни избори да бидат претставени рамноправно, независно од нивната големина. Сите пратеници подеднакво.

Исто така сметам дека печатените медиуми односно сите постери, плакати, на некој начин се што се употребува за предизборна кампања треба на некој начин да бидат димензионирани, со тоа навистина да се постигне еднаквост во претставувањето и на таквите, да кажам плакетирања. Значи на некој начин да се избориме преку амандманска расправа да прифатиме такви амандмани кои бараат стандардизација на некои материјали кои треба да одат и во градовите, по паноата, а исто така како што реков на ТВ да бидат пратениците еднакво претставени.

Очекувам дека сите ние ќе се заложиме овие 90 и повеќе амандмани кои се дадени, воглавно од ЛДП, со внимание да ги разгледаме и да обезбедиме односно да покажеме дека сме дел од Европа и дека ќе имаме навистина избори.

**НИКОЛИНА ТРАЈАНОВСКА:**

Почитуван потпретседателе, почитуван министре, почитувани пратеници,

I/6

Минатата седница имавме можност да ги слушнеме воведното излагање на министерот за правда, г-динот Спасов, по предлогот на законот за избор на пратеници во Собранието на РМ.

Тој во почетокот на своето излагање истакна дека Владата при конституирањето на овој закон поаѓала од 4 основни принципи. Веднаш на почетокот морам да констатирам дека ниту за еден од 4-те принципи понудениот закон не создава услови за нивна реализација, туку во основа е спротивен на нив.

Имено, првиот принцип е да имаме закон кој ќе обезбеди повисока стапка на проодност на политичките партии во Парламентот. Моделот кој се нуди го обезбедува токму спротивното.

Понатаму, да обезбедиме еднаква изборна моќ на изборните единици и поправилно трансформирање на добиените гласови во пратенички мандат.

Предлогот содржан во законот вели дека во изборните единици бројот на избирачите, во принцип може да отстапува од плус - минус 10% во однос на просечниот број на избирачи во изборната единица, што во пракса би значело изборните единици да варираат со плус - минус 4.000 гласачи, го обезбедува токму спротивното, така да пратеничките мандати нема да бидат со иста тежина, а воедно тука се можни и манипулации во конципирањето на изборните единици.

Вториот принцип дека законот обезбедува повисока заштита на избирачкото право во однос на избирачките списоци е придобивка што всушност се реализира под притисок на опозицијата, пред се на ЛДП.

Што се однесува до обезбедување на стабилно мнозинство во парламентот, токму пропорционалниот модел применет на предвре-

мените локални избори во Бито,а го покажа спротивното, т.е. дека пропорционалниот модел е тој што ќе создаде стабилен парламент. Овде посебно сакам да ја потенцирам улогата на во обезбедување на поголемо учество на жените во парламентот, а пропорционалниот модел го обезбедуваше токму тоа.

Што се однесува до тврдењето дека со примената на овој закон се водело сметка да се обезбеди намалување на трошоците за избор на пратеници, сметам дека е сосема депласирано. Чистиот пропорционален модел само во еден круг, трошоците се повеќе од двојно помали, а да не зборувам за начинот на водење на кампањата која кај пропорционалниот модел е далеку поевтина.

Забелешките по однос на текстот на законот се следните:

Првото подрачје се однесува на составот на државата изборна комисија, на изборните комисии и избирачките одбори.

Дали во составот на сите овие комисии е потребен толкав број на судии. Тоа е првото прашање.

Предлогот на ЛДП во член 19, наместо 3, избирачкиот одбор да има 5 члена, по два од позицијата, два од опозицијата и 1 претставник од месни заедници.

Член 33 во кој се предвидува најавување на учеството во изборите, што сметаме е сосема нормално, но понатаму се вели дека е потребно да се наведе дали на изборите се настапува самостојно, со 2 или повеќе партии заедно, односно дека на изборите политичките партии не смеата да се јават поинаку од начинот кој го најавиле учеството во изборите кај државната изборна комисија. Сметам дека овде има преголема нормираност и решението кое беше содржано во предлогот за донесување на овој закон т.е. во неговиот член 27 беше подемократско решение, но сепак најдемократско е ако овој член се избрише.

Членот 48 кој се однесува на испитување на јавното мислење на кандидатите, политичките партии или група избирачи во изборната кампања, сметам дека објавувањето на таквите резултати на 5 дена пред изборите не е во ред, туку овие анкети да се објавуваат најдоцна 30 дена пред изборите.

Во одделот за спроведување на изборите, тоа е членот 62, се вели, граѓаните за одржувањето на изборите се известуваат преку јавен повик, истакнување плакати на видни места. Сметам дека ова воопшто не е во ред. Демократско право на глас е највисокото политичко одлучување во државата. Тоа е загарантирано со Уставот на РМ и сметам дека начинот на кој граѓаните на РМ ќе бидат информирани за да можат да го остварат ова свое елементарно право е многу битен за исходот од изборите и за ширината на основата односно базата врз која ќе се потпира избраниот парламент и во крајна линија ќе зависи неговата легитимност и стабилност.

На првите повеќе партиски парламентарни избори кои се одржаа во 1990 година, во првиот круг на гласање излегоа 84,8% од гласачкото тело. Во вториот круг тоа право го искористија 76,8% од граѓаните на РМ.

На вторите избори од 1994 година за вториот повеќе- партиски парламент во првиот круг на гласање излегоа 77,29% од гласачкото тело, а во вториот круг само 57,83%. Овде се разбира своето го направи и бојкотот.

Ако сега се остане само на известување преку јавен повик и истакнување плакати на видни места, сметам дека апстиненцијата на гласачите ќе биде голема, со оглед на вкупниот амбиент на државата, а тоа ја стеснува рамката на легитимитетот на народните избраници. Затоа потребно е да се изработат и да се доставаат до секој гласач по-

кани во кои ќе биде содржано точно избирачкото место и изборната единица каде граѓанинот ќе може да го оствари ова уставно загарантирано право.

Што се однесува до обележјата на гласачките ливчиња, сметам дека серискиот број на ливчињата е непотребен и создава впечаток кај граѓаните дека се обележани т.е. дека серискиот број дава можност од проверка на нивното гласање.

Исто така предлагам гласачките ливчиња или да се ставаат во плик или да се изработени од хартија која ќе оневозможи на избирачките одбори и другите присутни на гласањето да бидат за кого се гласало. Ова може да се оствари и со непровидни гласачки кутии.

На крајот сметам дека е основно изборите да се одржат во смирена, релаксирана атмосфера, атмосфера на доверба, а тоа е можно доколку овој законски текст претрпи извесна корекција и амандманите што ЛДП ги предлага со цел да се подобри законот да бидат прифатени.

**КЕНАН ХАСИПИ:**

Почитуван господин потпретседателе, почитуван министре, пратеници, ќе се обидам да бидат краток дотолку што нашите размислувања и ставови по предлог на законот за избор на пратеници беше досега изнесен преку јавните медиуми. Меѓутоа, овој пат излегувам на говорница само од 2 причини.

Првата причина е да му се заблагодарам на актуелниот министер за правда што во својот досегашен работен тајминг и покрај упорното инсистирање и мое лично и на Демократската партија на Турците да се сретнеме и да ги изложиме нашите размислувања по овој изборен модел

не најде за сходно да одвои време, му должиме благодарност.

Втората причина е уште еднаш да потенцирам дека понудениот изборен модел, комбиниран, 8 5 пратеници по мнозински и 35 по пропорционален принцип не само за ДП на Турците туку и за националните партии на националните колективитети чие учество во вкупната популација е 5%, дефакто оневозможува да имаат свој претставник во Парламентот. Тоа се должи како на конфигурацијата на изборните единици, по она што имавме можност да го видиме, така и по основ на високиот изборен праг од 5%. Јас незнам по која логика се овозможува влез во Собранието, освен при евентуална коалиција, за националностите чиј вкупен број во вкупната популација е 5%, а се бара изборен праг од 5%.

Оттука јас ја користам оваа прилика, со оглед на тоа што имам поднесено амандман, а тој изборен праг да се спушти на 2%, меѓутоа, денес го повлеков тој амандман и го коригирав на 3% да го запрашам г-динот министер дали има спремност од Владата тој изборен праг да го смали на 3%. Доколку таква можност нема, тогаш да активирам амандман во кој се бара квота за турската националност. Мислам дека такви модели ние имаме во Словенија, каде има квота за маѓарска и италијанска националност. Би било добро и РМ да направи еден таков чекор. Веројатно тоа многу ќе значи во меѓународни размери.

II/1 јм/вц

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитуван министре, почитувани колеги пратеници.

Еве една значајна законска област се приврШува кон својот крај со надеж дека овие денови ќе успееме конечно да дознаеме со кои правила на игра ќе одиме на есенските парламентарни избори. Во колку ова време се доближува се повеќе е видлива конфузијата, вид- лива е несигурноста на предлагачот, со тоа што ние ова пролонгирање на седницата сметавме дека ќе биде добредојдено за да го добиеме и Законот за изборни единици за да можеме да размислуваме како пакет на закони кои што конечно ќе го заокружат целиот овој потребен мате- рија. За жал, како што рече и мојот претходник колегата Кенан Хасипи, не бевме удостоени дури ни да добиеме некаква верзија на таа нова географска политичка карта на изборните единици за да можеме да видиме кои импликации и кои реперкусии објективно одредени одредби од Законот за избор на пратеници ќе се имплементираат, ќе бидат комплементарни или пак ќе бидат депласирани, или ќе бидат во колизија со тој закон со кој што треба да претставуваат една целина. И денеска кога се одвива оваа седница ние тој материјал официјално, службено го немаме добиено како политички субјекти. Дали веќе конечно обликуваме бипартизам во работата и во идната проекција на Парламентот, или нешто друго сигурно времето ќе покаже. Но, да се задржиме на овој закон. Ние во неговата прва фаза во ноември минатата година дискутиравме доста и посочивме некои пунктови каде што очекувавме дека ресорното министерство ќе има повеќе чувство и разбирање за поинакви решенија нерадикални, некоренити во смисол на она што би значело одбегнување на можностите за манипулации, калкулации, фалсификати итн. Очигледно дека зборот фер,непристрасни, демократски избори на кои што на сите ни е на врв на јазикот секогаш се

претвора во свој антипот како и понатаму да може да се направат одредени манипулации кои што ќе имаат директно влијание на изборните резултати. Калкулациите со изборните комисии недефинираниот статус, комплетното отфрлање од адвокатурата и адвокатите како можни кандидати за изборни комисии што ги назначува се разбира власта, сигурно дека адвокати можат да имаат партиите како свои претставници остава една празнина дека сакале или не сакале на независната власт, судската власт и ставаме жежок костен во раце. Оваа власт несвесна за тоа што и подготвуваме, спремна практично да биде во функција на она што беше и досега прифаќа дека таа треба да биде и учесник во спроведувањето на изборите најголемиот и утре таа која што ќе треба да пресудува во евентуалните спорови, жалби, недоразбирања итн, самата си превзема една неблагодарна улога. Ќе ве потсетам дека досега ниту еден претседател на Државната изборна комисија не бил на својата функција повеќе од половина мандат, или ги менувавме веднаш по изборите, или ниту еден не дочека да биде на таа функција и идниот мандат, се разбира врз база на многу пропусти, многу недоречености, но да се надеваме дека една од визиите на овој закон треба да бидат дека прв пат ние донесуваме закон во независна и самостојна Македонија, Закон за избор на пратеници кој што треба да биде сепак за една подалечна перспектива и да ги елиминира сите оние озборувања како последица на еден систем кој што го заменуваме со друг.

Прашањата на партиципација на политичките субјекти се обиде колешката Николина да го актуелизира, јас се придружувам дека имаме и понатаму можности дека ваква недефинирана регулатива ќе претставува проблем, или изборните комисии ќе бидат за еднократна употреба, а не би сакале да биде така.

II/3

Едно од суштинските прашања кое што јас го актуелизирав овие денови е прашањето на еволуција на парламентарната демократија во смисол на професионализација на функцијата пратеник во Републичкиот Парламент. Прашање можеби бр.1 во целиот овој законски проект затоа што објективно колку да коментираме дали требаше да бидат 85 изборни единици по мнозински модел, или 100, или 120 за мене е второстепено и ирелевантно спрема суштинското прашање, дали во идниот Парламент треба да имаме професионалци или и понатаму ќе се измачуваме привидно се измачуваат некои пратеници редовни, совесни на висина на задачата кои што тука ќе доаѓаат незнаејќи дали ќе се одржи седница, или не. Јас немам информација дека некаде во светот седници се одлагаат заради немање форум. Јас немам таква информација. Значи, најпрестижната функција во секоја држава изборот на народни претставници на слободни демократски избори која што неможе да се замени со ниту една друга функција ние дами и господа ја девалвиравме до крајни граници. Единствениот излез го гледам во донесување денеска на член во законот јас интервенирав со амандман оваа функција да се обавува професионално. Јас започнав во моето елаборирање со она можеби што не е толку и суштинско во потребата од професионално обавување на функцијата. Јас само го изнесов оној практичниот аспект измачувањето на овие седници, неподготвеноста на пратениците, неактивноста на пратениците, потполно иста дури и полоша ни е состојбата со работните тела, комисиите итн. многу поважно е нешто друго, дали ние ќе продолжиме со концентрација на огромна моќ во рацете на поедини претставници од народот, а за сметка на лични и други интереси. Концентрацијата на моќта е очигледна затоа што ако во оваа собраниска сала претседавачот мора стално да пребројува дали има кворум, дека мора стално да опоменува некого дека треба мобилните телефони да бидат исклучени и да ве потсетам на онаа прекрасна асоцијација на колегата Тантаров со тоа веќе историско

ѕвонче. Сметам дека треба да се надминеме себеси и во оваа расправа да прифатиме професионална функција на пратеникот. Вакво решение точно имаме во земји со кои што сакаме да се проведуваме, земји кои што поминуваат ист, или сличен пат на транзиција како што се Романија, Словенија и др. држави и каде што нормално ваквата одлука ќе мора да биде проследена и со друг закон кој што ќе треба да значи неспоивост на функцијата пратеник и други јавни функции со обавување на било каква профитабилна дејност со исклучок на некои, ќе ги споменам подоцна кога ќе се обидам да го бранам амандманот. Да не зборуваме за она што значи узурпација, што значи експлоатација, што значи привилегија за обавување на приватна профитабилна дејност. Дали ние сеуште ќе се оправдуваме дека не се созреани условите за да имаме професионална функција. Кои услови треба да се созреани, кои услови треба нови да создадеме. Пресметките покажуваат дека овој Парламент троши повеќе средства отколку кога сите пратеници би биле професионалци и кога сите седници на Парламентот и на комисиите би се обавувале спрема предвидениот распоред. Кој не верува. нека направи една математика.

Второ, професионалноста се подразбира и одговорност на пратениците дека не ќе може од Парламентот да се отсуствува неоправдано почитувани дами и господо. Оправданоста ќе ја одобрува претседателот на Парламентот лично, а се знае кои се тие случаи и кои се тие оправдани отсуствувања. Доаѓањето во Парламентарната сала кој кога сака , во попладневните часови по завршени приватни работи за да се обезбеди само привидно присуство и кворум мислам дека треба да бидат зад нас. Ако сакаме достоинство на овој дом, ако сакаме легитимитет ако сакаме да не почитуваат граѓаните, јас јавно ве повикуваме почитувани колеги пратеници во овој закон за избор на пратеници да воведеме професионално обавување на функцијата.

II/5

Прашањето на правото на глас во Законот е регулирано со неколку членови. Во првите три,четири члена тоа право го имаат сите граѓани кои што имаат државјанство и кои што се полнолетни со 18-годишна возраст. За да потоа во членот 75 се допрецизира дека гласачите го остваруваат своето право на избирачките места во Република Македонија и со избирачка легитимација. Значи практично поедноставено право ќе има да се гласа само во Република Македонија. Сигурно дека едно од виталните прашања, прашање решено во најголемиот број држави особено помалите држави на кои што важно им е секој еден државјанин да гласа било каде да се наоѓа. Македонија со изразита дијаспора раштркана по целиот свет сигурно дека едно такво организирано овозможување на гласање претставува пречка и товар. Меѓутоа, дали смееме и овој изборен циклус едноставно да го оправдаме со комплицираноста на овозможување на условите. Сигурно дека амбициите да овозможиме да се гласа на сите континенти можеби се премногу оптимистички и премногу храбри. Меѓутоа, зошто еднаш да не почнеме, дали да биде европскиот континент, па во краен случај зошто да не биде опција граѓани на Република Македонија кои што живеат во поранешните републики на СФРЈ. Зошто да не почнеме од нешто? Само ќе ве потсетам дека за референдумот за самостојноста се гласаше во целиот свет, пописот се обавува на сите континенти и зошто да не ја кажеме вистината дека кога прибираме помош за државата практично се обраќаме на сите граѓани кои што имаат државјанство па и тие кои што немаат и кои што живеат секаде во светот. Трета да размислуваме, сигурно дека прифаќам коментари кои што ќе следат, дали судбината на оваа држава и на нас кои што живееме во неа треба да ни ја решаваат некои кои што живеат во Австралија, или во Америка. Прашање дискутабилно затоа што ниту тие ќе ни ја решат судбината, ниту пак

треба да ни ја решат, но дека треба да имаат равноправно право на глас со сите нас кои што живееме ка треба да биде еден позитивен исчекор ако сакаме она што често и го изрекуваме како политички субјекти дека за сите треба да постои еден интерес било каде да живееме. Македонија треба да ни биде единствената политичка партија. Ако е така,шансата за приближување, шансата за историски интерес реален, непристрасен еве ја тука. Да овозможиме навистина овие прекрасно изречени зборови од сите нас и челните луѓе во државата да се обидеме барем да започнеме да ја реализираме.

Прашањето на рамноправна медиумска претставеност. Можеби е најсериозното прашање дадено со најмалку регулатива и многу би рекол паушално. Се предвидува само рамноправна застапеност, ниту во кои медиуми, дали имаме право да бараме подеднакво од она што значат медиуми финансирани од државата и приватни медиуми, или пак ќе важи за сите. Дали во сето тоа се предвидени санкции, се предвидени правила на игра? Ниту санкции, ниту правила на игра. Јас само ќе ви споменам искуства кои што досега не се непознати да ударниот термин неколку часови пред молкот биде узурпиран за платена политичка програма наместо тоа да биде финиш на севкупната предизборна активност со нај-повикани во државата, лидери на партии и сл.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:** (Продолжение)

Понатаму, на Втората програма на која се емитуваат емисии за националностите имаме такви прекршувања на изборниот молк што нема смисла да ги повторувам. Во саботата навечер во предвечерјето на локалните избори настапуваа министри на Владата кој треба да бидат повикани за почитување на законите, дами и господа. Настапуваа слободно со пропаганда, со повик да се гласа за овој, за оној, затоа што тој другиот ако победи ќе биде катастрофа за градот, за селото, за локалната самоуправа, утре треба да очекуваме етикети дека ќе биде катастрофа за државата.

Ако ние, дами и господа имаме очигледно коренит негативен однос на Македонското радио и телевизија по усвојувањето на законот дека претплатата ќе оди заедно со обврските за електрична енергија. Коренит негативен однос затоа што веќе финансирањето е двапати зголемено и нешто и веќе практично таа господа таму не ја интересира мислењето на граѓаните и на јавноста. Градовите се заборавени, остана само Скопје, да биде интерес на овие медиуми. Дали можеше да се дозволи пред 15-тина дена Законот за денационализација кој се очекуваше 50 години да биде префрлен на пренос на Трета програма на Телевизија. Тоа е провокација која мислам заслужува ваква јавна критика. Верувам дека и овој Закон за избор на пратеници ќе ни донесе изненадувања во таа насока што граѓаните на Републиката кои не можат да ја следат Третата програма својот гнев ќе го изнесуваат, ќе го истураат на нас како пратеници зошто гласавме закон со кој обврските за Радио и ТВ претплатата ќе одат заедно со електричната енергија.

III/2

Прашањето на локации каде може да се обавува предизборната активност. Мислам дека овој член мора да претрпи измени. Се вели дека може да биде дозволено предизборни собири во училишта, простории на локална самоуправа ако нема други погодни простори. Дозвола за тоа дава одговорниот на установата. Што значи тоа? Тоа значи дека ќе бидеме ставени на милост и немилост на директорите на училиштата, а се знае кои се тие директори, на другите установи и на единиците на Локалната самоуправа.

Сметам, во членот, и за ова имам поднесено амандман, стриктно се забрани користење на простории за предизборни собири во болници, детски установи, старски домови и воени објекти. Сето друго треба да биде недозволено обврска да се дадат простории на сите заинтересирани политички субјекти без никакви ограничувања.

Во прилог на ова ќе ви кажам што ми се случи овие денови. Советничката група на Демократската партија на Македонија во Тетово има 4 советника во Локалната самоуправа. Како оваа Локална самоуправа подолго време не работи, од познати причини, граѓаните имаат зголемен интерес за контакти со советниците на Демократската партија на Македонија. За да оваа советничка група им излезе во пресрет на граѓаните побара по писмен пат, од градоначалникот на општина Тетово можност еднаш неделно во четврток од 17,00 до 19,00 часот се овозможи во било која просторија, обична просторија не сала, да можат советниците да комуницираат со граѓаните. Добивме одговор од градоначалникот дека граѓаните нема што да контактираат со советниците на ДПМ, ако имаат потреба ќе контактираат и ќе комуницираат со градоначалникот кој најголемиот дел од своето време

го гледаме по митинзи и други активности. Да не ни се случуваат вакви нешта ќе ве молам практично да ги елиминираме овие замки и можни препреки.

Прашањето на картографијата, како што популарно ја велиме, сигурно дека мора да претставува комплементарен дел на овој Закон. Најавите дека тој закон ќе оди во две фази прашање е колку ќе биде рационално со единствено оправдување ако првата фаза самиот министер ја испушти поради неконтактирање со политичките субјекти и сега нормално ќе бидат потребни две фази, не ќе знаеме, а некои знаат, сигурно, знаат многу убаво, не ќе знаеме со каква географија на изборни единици ќе стартуваме, а треба денеска да се изјасниме за закон за избор на пратеници. Мислам дека сето тоа претставува една намерна и смислена манипулација за да може и понатаму до максимум да се прават разни комбинации.

Прашањето на фазно предлагање на кандидати значи најавување на предлагање го сметам како депласирано и мислам дека политичките субјекти или предлагаат кандидати или не предлагаат, нема потреба од најава на предлагање и само уште еден важен сегмент.

Во претходната фаза беше предвидено дека пратеници можат да бидат предложени и по мнозинскиот и по попропорционалниот модел. Значи, и на листа на кандидат и на листа на кандидати. Со оваа конечна верзија таквата можност е исфрлена.

Прашањето на едукација на гласачите, многу битен елемент, кој мора сеуште да го следи и покана за гласање. Мислам дека објективно ќе имаме ви изборни единици прекроени во однос на претходните два изборни мандата и мислам дека сеуште ако сакаме масовен одзив на гласачите треба да ги удостоиме и со соодветна покана за гласање во

која нормално ќе биде наведено и изборната единица и гласачкото место.

Благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Шапуриќ (се откажа) Има збор господинот Крстевски

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници. Би рекол дека еден од првите предуслови да се има фер и демократски избори е, барем министерот за правда да ги слуша дискусиите на пратениците. Очигледно уште на почетокот немаме претставник на Владата (министерот влезе во салата) а, се вративте, добро. Сега е полесно за дискусија.

Навистина тајмингот веќе работи за да ги дефинираме условите под кои наредните парламентарни избори треба да се одвиваат и се разбира дека едно од клучните, а за мене не најклучно прашање, е изборниот систем. Тој е секако голем предизвик за остварување на демократските права на граѓаните загарантирани со Уставот, меѓутоа, тој секако во контекст на се она што таа демократија ја сочинува е само еден поважен дел да речам можеби најфункционален оној кој најмногу ги иритира политичките партии. Инаку, овде не би барал во предлогот на Владата некаква систематичност, желба за задоволување на некои принципи кои произлегуваат од еден или друг модел, бидејќи во

теоријата и праксата има големи спротивставувања за тоа кој модел е пофункционален, кој е подобар, дека тие во основа зависат од конкретната земја и конкретните политички и економски услови на земјата на која се применуваат, туку би рекол ова е сепак еден избор кој веројатно максимално владеачката структура си го одбрала за себе за да има подобри услови на изборите. Тоа е така бидејќи и светската пракса покажува дека некоја долгорочност во примената на принципите нема, многу зависи од тоа која власт кога дошла и со кои демагошки средства го бранела некој модел.

На пример, во Францускиот политички систем еден беше изборниот модел за време на социјалистите со губењето на власта тој истиот се промени така што тука не би барал посебни причини зошто сега го имаме овој модел, а пред тоа го имавме само мнозинскиот.

Сакам да кажам дека за фер и демократски избори подразбира барем при конципирањето на законот да се задоволат оние вообичаени елементи кои едниот или другиот модел ги дава. Кај мнозинскиот систем сигурно како основен мотив за фер избори треба да биде точно она што овде се критикува од Либерално - демократската партија да нема отстапување поголемо, ние предложивме плус односно минус 5% од бројот на избирачи по изборна единица како би можело навистина, да се докаже интенцијата на Владата која произлегува од ставот на министерот изнесен во обраќањето до Парламентот дека Законот треба да отслика иста изборна моќ на граѓаните по изборните единици.

Спрема тоа, мислиме дека во амандманската расправа токму тој елемент треба да биде предмет на прифаќање на Владата дотолку повеќе и меѓународните експертизи на овој текст укажуваат на тој проблем како основен проблем за обезбедување на фер и демократски избори.

Што се однесува до оваа комбинаторика која е дадена во нашиот предложен модел сметам дека навистина кај дел од мнозинскиот модел најмногу трпи критика прашањето на правото на кандидатите да се откажуваат од вториот изборен круг и едно многу важно прашање кое произлегува од основниот модел на мнозинскиот принцип, а тоа е определбата во вториот круг да одат само првиот и вториот кандидат. Тоа не случајно се потенцира во мнозинскиот принцип на гласање од проста причина што и самиот модел, во основа, треба да обезбеди поголема кохерентност и поголемо присуство на пратеници од една политичка партија која ќе има можност при формирањето на извршната власт да делува самостојно за да во извршната власт обезбеди поголема поддршка на своите предлози кои ги дава. Ваквото миксирање во нашиот случај или квази мнозинскиот принцип кој се вградува на одреден начин ја руши таа постилација врз која е предложен овој дел мнозинскиот систем и тој на одреден начин во некоја мера заедно со пропорционалниот систем на одреден начин ќе даде искривена слика на волјата на гласачите, бидејќи е познато од политичката пракса секогаш кога име голем број на партии во земји кои се во транзиција, кои слабо се развиваат, голема невработеност, со неразвиени медиуми и тн. дека гласачите најчесто ги миксуваат гласовите при определувањето иако не е принцип на политичко определување, туку гласаат за една листа, друга листа итн.

Понатаму, кај пропорционалниот систем, кој во основа, треба всушност да ја одрази релацијата помеѓу волјата на гласачите, социјалната структура на гласачите и во земји каде има позиција на малцинства најдискутабилно прашање е токму прагот под кој во мнозинскиот принцип треба да се оди при гласањето. Се чини дека тука иако во овој момент изгледа минорен пристапот на одлуката што ја

носиме најмногу можеме да влијаеме дали понатаму политичкото милје во Македонија, полека, полека ќе ја напушта кохерентноста која се ствара само во партиите по национална основа или ќе отвориме еден внатрешно партиски процес на интеграции каде голем дел од припадници на други националности ќе влезат во партиите поготово оние кои ќе се диференцираат по поголемиот број на гласови што ќе ја добијат од граѓаните и на тој начин одговорноста за таа кохерентност ќе ја преземат истите. Вака на овие избори доаѓа до израз така да кажам само политичката свест во партиите при составувањето на листата во делот на пропорционалниот модел да предложат можеби кандидати од националностите, што е малку за верување.

Во таа смисла, по мене, многу не дефинирано е и прашањето на тоа дали овој закон подразбира децидно право или обврска да се појави носител на листа и дали граѓаните воопшто ќе имаат можност да видат за кои личности партиите се определуваат при составувањето на пропорционалните листи. Јас лично не можам да утврдам на база на предлогот даден во овој Закон.

Факт е дека нема идеален политички систем и факт е дека земји по пат нашата се наоѓаат во одреден број проблеми, пред се, економски, политички опкружувања итн., имаат потреба од нагласен мониторинг при спроведувањето на изборите како основен услов за фер и демократски избори. Се чини дека овој закон само во основа ги допира некои постулати на прашањето на медијското претставување на политичките партии, меѓутоа, морам да кажам дека две реакции на одреден начин веќе даваат една искривена слика што се може да се случува на наредните парламентарни избори по основа на ова прашање.

Прво, невообичаено, иако законот ја дефинирал кампањата и рокот на почнувањето, овие денови видовме дека политичката партија СДС плаќа политички програми со кои врши агитација, кои во основа се предизборни активности. Спрема тоа, веќе е покажан еден однос спрема прашањето на кампањата како главен елемент на медијското претставување и на фер изборите.

Второто прашање по кое мислам дека овој Парламент треба да сноси и одредена политичка одговорност е одлуките кои ги носи Советот за радиодифузија при доделувањето на концесии. Веќе и на врапчињата им е јасно дека е извршена позитивна дискриминација на медиумите и без образложение еден број медиуми поготово некои кои имаат и традиција во тој, како го нарекуваа порано организиран хаос во етерот делуваа и работеа, сега наеднаш ги снема.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Се чини дека премногу се плетка некој во слободното јавно изразување и тоа на одреден начин дава една искривена слика.

На крајот, од една јавна полемика во која главниот и одговорен уредник на "Нова Македонија" искажува свој политички став како ќе се однесува во изборната кампања, јасно давајќи до знаење дека ќе застане зад владеачката партија, укажува на тоа дека по прашањето на медиумите, за кои средства даваат граѓаните преку собирање на даноци, сеуште има политичко одлучување кое на одреден начин негативно ја легитимира Македонија на претстојните демократски избори.

Што се однесува до органите кои треба да ги спроведуваат изборите, се чини дека предлогот малку посветил внимание на она што се конкретни проблеми, кои произлегуваат од праксата која се јавува на последните четири избори што се направени, било да се тоа парламентарни или локални. Мислам дека е многу важно и тоа сериозно да го сфатиме, овие укажувања што доаѓаат од науката, од професорите и еминентни правници да ја видиме позицијата на составот на комисиите и претседателите на комисиите по основ на правото на судииите да ги водат. Немојте да дојдеме во еден апсурд да се водат уставни полемики и уставни спорови околу тоа прашање. Имаме доволно време да го расчистиме, да ги отстраниме сите можни девијации кои би се однесувале како последица на легитимноста на наредните из бори.

Тоа исто така се однесува и на забелешките кои меѓународните институти, Советот на Европа итн. ги даваат по основ на составот на комисиите и по основ на процедурата на жалби и поплаки по избирачкиот материјал, можноста да се реагира уште во времето на пребројувањето на гласовите, улогата на посматрачите и нивниот увид при отворањето

на материјалите како и едно прашање со кое се соочуваме, а кое на одреден начин создава; од најразличен тип проблеми, бидејќи не се исти просторните услови во кои се гласа, а тоа е гласањето на оние кои чекаат во ред и после 19 часот, кое е многу важно прашање ако се земе основниот принцип дека на секој граѓанин треба да му се овозможи да дојде до гласачкото место и да го исполни своето право на глас.

Дека власта нема да остане неагилна и остава само по се- бе доста сомневања околу наредните избори, зборуваат и активности- те околу избирачките легитимации. Иако тие се предвидени уште од 1994 година, ние немаме активност која со сигурност ќе гарантира дека еден и пол милион гласачи во оваа држава ќе ги добијат своите легитимации, дека тука нема да има селективност, дека нема администрацијата да ја одигра својата бирократизирана улога да ги одвраќа граѓаните од правото да се стекнат со избирачка легитимација. Тоа би морало да биде првенствено задача на Министерството за правда и треба што побрзо да се заврши со давањето на избирачките легитимации, особено да се обезбеди при нивното печатење таква законска процедура која нема да доведе до никакво сомневање дека на било кој избирач ќе му се оневозможи да има избирачка легитимација или заради некакви несредени, неажурни полициски досиеја, лични карти и тн. ќе се совпаѓаат случаи на легитимации и н. Тоа би било една црна петна на целокупното гласање, бидејќи, верувајте, и малку да се најдат такви проблеми со документацијата ќе создаде политички раздор, афери, недоверба во резултатите од изборите итн. Тоа се елементарни технички работи, за кои ако денес сме укажале нема никаква основа по тоа прашање да се најде изговор. Во време на компјутеризација, во време на администрираше итн. да не се за- вршат тие работи навистина ќе биде најголем срам за наредните избори.

IV/3.-

Според тоа, сакам да потенцирам доста работи и навистина би било добро во одредена фаза и пооперативно, што го покажа пред се министерот за правда со опозиционите партии при предлагањето, позитивно да ја финишира со давање афтентично толкување по амандманите, да водиме дебата околу аргументите кои се наведени во амандманите за да се подобри текстот. Сакам да потенцирам дека позицијата на Либерално - демократската партија, односно Пратеничката група со овие амандмани не е да ја усложни процедурата на гласање, туку да го подобри текстот на законот и да овозможи поголема доверба кај граѓаните, да си го исполнат своето граѓанско право.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Горѓи Спасов, министер за правда.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Прво, му благодарам на конструктивниот тон на пратеникот Зоран Крстевски и за пофалните зборови по однос на мојата конструктивност досега. Меѓутоа, би сакал прво да дадам неколку одговори на она што беше кажано досега.

Прво, дека Владата предложила модел што и одговара само на владеачката партија, сметам дека не е точно. Не е точно од две причини. Кога започнавме дебата за тоа каков модел и одговара на Република Македонија, политичките партии во опозицијата имаа сосе- ма спротивставени гледишта. ЛДП бараше чист пропорционален модел заедно со малите политички партии, ВМРО - ДПМНЕ бараше чист мнозински модел, можеби малку дополнет со некој пропорционален дел и исто така политичките партии на малите партии бараа пропорционален модел , политичките партии на албанците бараа пропорционален модел. Владата ќе беше многу среќна ако можеа така спротивставени политичките партии да излазат со заеднички предлог и да кажат дека

ова е најумниот предлог кој што го предлагаме на Владата како алтернатива на тоа што Владата може да понуди. Со оглед на тоа што нашата опозиција неможеше да се согласи во таквите работи, Владата, излезе со еден предлог што мислеше дека сепак претставува најдобриот можен компромис за Република Македонија и истовремено ја обезбедува најважната димензија од изборниот систем. Тоа ги обезбедува оние основни принципи за кои јас зборував, а тоа значи сепак 85 пратеници од вкупно 120 да бидат избрани по мнозинскиот модел и 35 пратеници да бидат обезбедени по пропорционалниот модел. Сметаме дека на тој начин сите политички партии во Македонија на некој начин би требало да бидат задоволни, затоа што тој обезбедува сепак, она што сакаме за големите политички партии, ако имаат среќа и ако имаат успех и добро ја одработат својата работа, да имаат доминантна политичка група во политичкиот парламент и да обезбедат стабилност на политичкото мнозинство, она за кое пред малку станува збор, а истовремено низ пропорционалниот модел на сите политички партии им се обезбедува таканаречен резервен сигурносен вентил, да не излезат од политичката трка целосно заради слабостите кои ги има од друга страна мнозинскиот модел. Тоа беше идејата и мислам дека во основа токму таквата идеја, како што спомна господинот Крстевски, неможе целосно да се остварува, затоа што тоа е прашање на политички из- бор, тоа е прашање на проценка што во одреден момент на одредена политичка средина најмногу и одговара.

Што се однесува до другите забелешки, бидејќи тече таканаречената општа расправа по предлогот, јас сакам да ви кажам нешто. Владата со максимално внимание ги проучи амандманите од политичката опозиција. Ги проучи со максимално внимание сите предлози кои беа дадени во овој период и можам да ве известам уште сега, пред да почне дебатата по амандманите дека Владата реши да ги прифати речиси во целина сите забелешки на опозицијата. Тоа значи Владата во основа прифати бројот на судиите да биде сведен на

минимум, во Државната изборна комисија ќе има само тројца судии од Врховниот суд,во избирачките комисии ќе има само по еден судија од основните судови, а избирачките одбори ќе бидат од пет члена. За тоа се истовремено подготвени дополнителни амандмани таму каде што нема доволно амандмани од опозицијата да ги исполнат тие работи.

Второ, Владата сосема од разбирливи причини го прифаќа предлогот на опозицијата во вториот изборен круг да одат само двајцата кандидати кои ќе добијат најголем број на гласови. Тоа е она што мислам дека беа главни барања на опозицијата и сметам дека на тој начин навистина одиме во пресрет на сето она што опозицијата сакаше да го изврши како генерална поправка на законот.

Оттаму, ве молам, бидејќи најголемиот дел од забелешките во дебатата се однесуваат токму на овие димензии, доколку е можно што поскоро да преминеме на амандманската расправа, врз основа на која навистина ќе можеме да ја водиме дебатата по оние прашања кои сеуште не се доволно разрешени, за кои постои недоволна јасност односно доволно спротивставени ставови за кои може да се аргументира преку оваа говорница.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Билали.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Дами и господа, денес, а веројатно и идните неколку дена, расправаме за една доста важна работа, работа која не го тангира само овој Парламент, туку ги тангира и интересите, непосредните интереси на граѓаните, ги тангира и интересите на институциите, научни и стручни и

културни итн., ги тангира и интересите на некои меѓународни владини и невладини организации и секако, го тангира интересот на имиџот на државата како целина.

Ние како партија да поаѓавме од нашите теснопартиски интереси, веројатно ќе бевме склони кон тоа, дури ќе инсистиравме на тоа да се прифати целосно мнозинскиот систем, односно модел на изборите, бидејќи општо е познато дека за големите партии, односно нивен интерес е, односно мнозинскиот систем оди во прилог на големите политички партии. Меѓутоа, кон ова прашање пристапивме доста одговорно и сакавме да направиме еден објективен пристап кон сите чинители со објективност во нашата држава. Така, поаѓавме пред се од интересите на граѓаните, што е најважно, а исто така и од интересите на натамошниот развој на демократските процеси во Република Македонија. Значи, за нашата партија е многу поважно да се направи голем напредок, односно голем чекор кон трансформација на изборниот систем во правец на некои демократски, реални, објективни и фер избори, значи, да се лансираат поопширни реформи во изборниот систем и да се прифатат одделни трансформации во изборниот систем. Општо познато е дека во неколку наврати пред средствата за јавно информирање се произнесовме дека нашата партија во принцип е 50% со 50%, значи) пропорционален со мнозински модел и тоа го предлагавме, без оглед на тоа дали сепак тоа би претставувало одделно оштетување на нашите интереси, односно теснопартиски интереси подобро речено. Меѓутоа, ние појдовме од една реалност. Таа реалност е дека ако се вршеше соодветна комбинација 50% со 50%, што значи 60 пратеници да се избираат според мнозинскиот модел и 6 0 пратеници според пропорционалниот модел, практично ќе имавме можности, тоа значи гласачите, односно граѓаните да се определуваат истовремено и за кандидат, фактички да имаат едно лице до кое ќе се обраќаат за сите нивни

проблеми, а исто така да имаат можност да се обраќаат до една по- литичка партија на која тие и ја дале довербата, од причина што се една политичка структура, како што е политичката партија, носи по- голема тежина во своите ветувања за разлика од поединец, односно кандидат кој се кандидира според мнозинскиот модел. Исто така, со комбинацијата што ние ја предложивме, веројатно во Собранието на Република Македонија ќе имавме поголем колорит на претставување на групи, етнички заедници кои според ниеден модел не ќе беа во можност да дојдат до овие клупи и секако тоа ќе значеше еден поликолорит на нашата демократија и нашата слика пред Меѓународната заедница. А исто така тоа немаше да значи дека ќе имавме таква состојба што не можеме да формираме една потрајна, подолговечна и п стабилна влада од причина што мнозинскиот систем ќе балансираше во однос на колоритот на парламентот.

Значи, ние како партија просто и едноставно меѓу алтернативите фер демократски избори и теснопартиски интереси се опре- деливме за првото, без оглед на тоа што тоа претставува и одделни отстапки од нашите интереси.

Во принцип, ние го поддржуваме предлогот кој е пред нас и за кој денес тука расправаме, условно да се прифатат некои амандмани кои не го нарушуваат концептот на законот, меѓутоа, се претпоставува дека дополнуваат одделни празнини, несигурности, нејасноти итн. и условно да не се прифатат некои амандмани кои во принцип ќе го нарушат концептот на законот, а не претставуваат чекор кон реални, демократски и фер избори.

Зошто го поддржуваме предлогот? Сметаме дека за разлика од постојната регулатива, сметајќи го тука и законот за изборни единици, овој закон сепак претставува голем чекор ков целта - реални

и објективни и фер и демократски избори и затоа ние во принцип го поддржуваме. Тука сме за да укажеме на некои наши забелешки. Се поставува прашањето кои се всушност тие забелешки.

Прво, сметаме дека текстот) многу повеќе треба да се до-прецизира за да не дава можност за поинакви толкувања, кои можат да се толкуваат и позитивно и негативно, а исто така да се комплетира текстот и утре во праксата, кога ќе се изведуваат изборите, да немаме одделни правни празнини со кои нема да можеме никако да се снајдеме. На пример, во предлогот некаде пишува дека од бројот на избирачите во принцип може да се отстапува плус минус 10% во од- нос на просекот на изборните единици. Значи поради самиот факт што тука постои зборот "принцип" се поставува прашањето дека можното лимитирање плус минус 10% не претставува фиксирање, значи претпоставува отстапување и од овој лимитирачки фактор.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:** (продолжение)

Сметаме дека бројката односно проценката 10%, евентуално ако се прифаќа, па дури и 5% се доволни рамки, доволен простор да се покријат сите географски разлики, сите административни проблеми и поврзувања и сите можни комуникациски поврзувања помеѓу населбите.

Или пак некаде пишува дека членовите на Изборната комисија, кои се судии, значи претседателот и двајца членови по правило треба да имаат престојувалиште во соодветната изборна единица. Тука на секој кој правнички оваа реченица ќе ја прочита не е јасно дали е тоа задолжително или не. Значи дали ова има императивна содржина, или не или има само една револутивна содржина. Дури, тоа може да претставува, како што стои во текстот и суштински проблеми. Односно ние имаме изборни единици каде можеме да кажеме дека немаме токму тројца судии кои се неопходни за таа изборна единица, кои имаат престојувалиште во таа изборна единица, или пак можеме априори да претпоставиме дека некои лица односно судии, можни членови, кои ние сметаме дека се можни членови на Изборната комисија воопшто да не се прифатат кон оваа работа што значи ќе ја доведеме работата кон апсурд.

Или нешто да кажам во однос на празнините кои стојат во текстот, односно во предлогот. На пример некаде пишува Врховниот суд може да одлучува по жалбата против решението на државната изборна комисија, меѓутоа никаде не се определува рок во рамките на кој рок се можните одлуки на Врховниот суд.

Второ прашање, разликата плус 10%; минус 10% во однос на просекот за секого сметаме дека е голема разлика и таква разлика може да ја доведе во прашање квантитативната вредност на гласовите

како елементарна вредност, односно уставна граѓанска вредност. Замислете колкава е диференцијата односно разликата 10% плус, минус во однос на просекот. Од прилика според некои проценки просекот би требало да биде некаде 17.800 гласачи, значи ќе имаме изборни единици од 16 илјади до 20 илјади. Разликата е 4 илјади гласачи сепак е голема разлика и тука дури постои можност да се генерализира максимумот и тоа врз регионалниот сегмент, етничкиот сегмент, а можно е и партискиот сегмент. Затоа сметаме дека би требало да се прифати можната варијација помеѓу изборните единици плус минус 5%.Тоа е стандард кој е прифатен од повеќе европски држави, тоа е стандард кој се сугерира од одделни актери на Советот на Европа и ОПСЕ и мислам дека ќе беше коректно и тука ние да се согласиме со дадените амандмани на тој концепт.

Трето прашање. Во сегашната фаза на развојот на демократ ските процеси можеби ќе беше позитивно да се воведе така наречениот систем на пол од причина што сепак бројчано некои национални заедници не се во состојба да дојдат до свој претставник во Собранието ни според пропорционалниот систем ни според мнозинскиот принцип, па можно е воведувањето на таква позитивна дискриминација ќе беше корисна за државата и ќе беше корисна за таа национална заедница која ќе имаше свој претставник кој ќе ги претставуваше најнепосредно нивните интереси во Собранието. Такво искуство ние имаме во Данска, Финска, Франција Португалија итн. Тоа РМ ќе ја легитимираше реално како една држава која најсериозно чекори кон демократските процеси и општите реформи.

Во однос на елиминациониот праг, кој се предлага тука иако има одделни мислења тој да биде поголем односно помал сметам дека и првото и вториот ги има и позитивните и негативните страни.

Секако лимитот односно елиминациониот праг од 3% ќе овозможуваше поголем колорит на овој Парламент бидејќи ќе се претставуваа повеќе партии и структури тука, меѓутоа мораме да бидеме свесни дека во постојната фаза, постојната политичка култура во постојните рамки на демократските процеси тешко дека ќе направевме стабилна влада и веројатно после година дена ние пак ќе требаше да одиме на нови избори.

Јас мислам дека во иднина би требало посериозно да се размисли кон реформите во изборниот процес, изборниот систем и би требало за замена на системот кој е присутен во предлогот систем на фиксна листа можеби ќе беше поадекватно да се прифати барем за иднина зборувам, комбинираната листа што претпоставувам дека секој гласач би имал право на два гласа. Значи, едниот глас за партијата, зборувам за чисто пропорционалниот систем, и вториот глас за кандидатот за таа партија што се определил. Фактичко гласачот ќе врши рангирање на кандидатите и тоа рангирање ќе претставуваше обврска за политичката партија која ја формулира кандидатската листа.

Сметам дека ќе бидат потребни подлабоки анализи на нашата реалност и економска и социјална, и етничка и културна и врз основа на таа реалност да се изгради правната изборна регулатива се со цел да се изгради нов систем, демократски изборен систем.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-динот Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Г-дине почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници, почитуван г-дине министер, ме потсетија некои од колегите на Касандра , гледајќи наваму дали сум ја гледал и проучувајќи го законот го споредувам со Касандра и она што видов една емисија на Македонската телевизија токму околу Касандра и тоа научници,психолози, доктори,

студенти, млади луѓе кои што се изразуваат дека е тоа за деца, дека е испод секоја уметничка, не знам каква вредност јас го гледам и законот малку така и затоа го споменувам тоа , а си викам мајката имаше филм еден циганите летаат во небо од Русија, па "куќа за бесење" на фамозниот Костурица, што знам што сакаше да каже со тој филм, па"Џипси Меџик" незнам што сака да каже со тој филм, затоа што воопшто не сум уметник, меѓутоа во споредба со Касандра тоа значи да се споредиме ние и најразвиените земји во светот кои што по толку години постоење на државата, демократијата и капиталот, дојдоа до одредена лоцираност на проблемите во подеднаква мера од образовно воспитен аспект од аспектот на политичката и економската еднаквост, па дури тогаш дојдоа до две три големи партии. Нема како кај нас на пр. 35-36 партии и сега се бориме на некој начин на пат да ги запреме да дојдат овде во Парламентот. Така и за Касандра гледајќи дека не чини ништо , а навечер се покажуваат улиците на Скопје жива душа нема и на стадионот преполно народ. За жал не осетиле луѓето ништо, тие што сакаа зборуваа , има доста истомисленици можеби овде, но се извинувам тоа е тоа. Би сакал да кажам нешто за законот.

Ние ако се занесуваме дека сме Америка, дека сме Канада, па можеби поголеми од Јапонија, мислам во индустрија и во се тогаш не би било на одмет да разговараме за еден ваков закон и за еден праг, како што рече претходниот колега пратеник дека 5% и тн, да не полемизирам многу околу таа работа.

Прво, јас не сакам да зборувам воопшто, ама ниту еден збор да кажам за демократијата затоа што имам свое мислење за демократијата. Овде во една книга од 2-3 страници е напишано што е тоа избраник, според мене, дека треба да го слупа народот, гласот на слабите, на послабиот, на посиромашниот, на најјакиот, на гладниот, на човекот

што не работи , на човекот што е во беда и сиромаштија односно што е богат, да го пренесе овде, меѓутоа се да направи да дојде до рамнотежа измеѓу желбите на оние што ме праќаат мене, вас овде и институциите на системот. Верувам дека институциите на системот се демократски. Да се направи рамнотежа и сожителство ќе воспоставиме такво. Кој не знае да воспостави рамнотежа тоа значи малку од сожителството и она што велиме Устав бега надвор и се знае дека при такво однесување ќе имаме одредени негативни последици спрема законот на државата и ќе дојде до нешто несакано. Тогаш не се знае ни што е сирово ни што е суво.

Дали овој фамозен член 94 во петтиот став со процентот од 5% може да обезбеди да речеме, цитирам една реченица "Да се претставува својот народ и својата националност во очекување на неговата слобода, правда, безбедност, мир итн.", понатаму горчината заради претходното да се биде со висока национална граѓанска и државна свест, свест на чесни патриоти и родољуби, свест на го- лема демократија и свест на разбирање на зборот сожителство , дали овој член 94 став 5 тоа ќе го обезбеди.

Избраникот е тука и мора да го слуша гласот на тие што се најслаби, кои имаат најголема потреба од правда, кои што очекуваат нивните права да бидат вистински, актуелни, почитувани, се разбира со соодветни решенија во институциите во системот во нашата земја, а тоа е Уставот, Повелбата на 00Н , Женевските, Париските Хелсиншките и др. конвенции. Дали со членот 94 тоа може да се обезбеди. Ние имаме разни повици од нашите избраници, Таквиот повик, повикот на тие најслаби, повикот на граѓаните не е важно дали се слаби или јаки, дебели или не, сите тие што ги претставуваме и ќе ги претставуваме во иднина, некој друг ќе ги претставува , на тој што ќе ги претставува му даваат чувство на деликатноста на тежината за извршувањето на

Неговата задача и секој ден да се потсетува дека треба секој да биде спремен за тоа и да даде одговор бидејќи одговара пред народот кој му го дал имунитетот, односно правото да биде овде, но и да одговара пред себеси , пред својата совест. Дали членот 9 4 тоа ќе го обезбеди. Да не читам понатаму за да не произлезе некоја лоша конотација и да не дојде до некоја лоша конотација јас сакам да дадам свое толкување, произволно толкување.

Знам дека сите вие од поголемите партии, немојте да мислите дека сум против големите партии, јас припаѓам на левата партија, која е голема политичка партија иако во последните четири месеци ни е нанесена голема неправда фамилијарно. Јас пак тука ќе бидам , во СДСМ, од левата страна,. Малку сум излажан, но не е важно, има време да го исправиме и тоа. Дали ако се биде како ром Фаик Абди од СДСМ заради тоа што е голема, или да речеме демократска односно либерално демократска или не знам која друга голема партија тогаш ќе го претставува својот народ, својата националност. Не, тогаш тој човек ќе свири според правилата на таа партија и ќе игра според тие правила. И тоа е нормално како што знаете. Педесет години помина еден систем каде што не можевме да го кажеме она што го кажуваме сега. Тоа е мое кажување во време од 1979 година, до 1984 година, пет го- дини, после тоа пет години немав пасош јас, Фаик Абди и сите сакаа да знаат што се крие поради целото тоа што го барам. Тоа е, демократија - еманципацијата. И што е лоша еманципацијата за сите. Ништо не е лошо. Да се еманципираме . Ако овде се замислува во овој Парламент со тоа 5%, како што рече колегата пратеник, д-р по професија, турчин дека според оној изборен систем и Ендоховиот метод, без разлика на колку гласови без разлика - нема. Значи ако е 5%, а овој веќе има според тој систем над 25 илјади , над 26 илјади, што е таа обрачунска бројка тогаш што ќе биде - нема. Овде има само претставници на големите

политички партии и македонци и албанци , од ПДП, НДП итн. Па господо од Владата господо пратеници жал ми е што вака зборувам пред 10-15 души овде, дали сакате ние малите да формираме еден друг блок, дали сакате да има таква иницијатива. ПЦЕР и демократската партија на ромите и партијата на Амди се договоривме да бидеме заедно Они се приклучуваат, сакаат, ние ќе продолжиме со турците, со одредена група на власа, со одредена група на муслимани, на срби итн. ќе се собереме на едно место и ... Нема ли да биде срам на оваа држава, нема ли да ни биде срам пред себеси. Сигурно пред себеси нема да бидеме чисти, за нас ќе биде исправно тоа, но и за вас нема да биде исправно ако не го бришете ставот 5, член 94 да не постои воопшто.

VI/1. - СС-ВБ

**ФАИК АБДИ:** (Продолжение)

Има избирачко тело, има. Нема избирачко тело, нема. Она што претходниот колега го кажа, мислам дека е многу исправно, многу добро, без разлика на пописот кој како се декларирал. Нека ми кажат моите пријатели, колеги и од Велес и од Струмица и од Свети Николе и од Радовиш, колку ги има таму од мојата националност што пишуваат не знам како тунгузијанци, не е важно. Тие доаѓаат кај мене, бараат помош. Јас има помагам.

Мислам дека тоа не се сака. Мислам дека тоа нема да биде демократија. Би сакал да верувам, бидејќи имаме фер и демократски избори, дека нема да се дели леб, брашно, шеќер, зејтин, некое работно место, некоја функција, некој реваншизам, дека нема да постои, дека Македонската телевизија нема како до сега само да ги прашува лидери-те, односно претставниците на големите политички партии, овие мали не се важни, па онака. Дека се ќе биде во ред и дека претставувањето ќе биде без пари. Би сакал да верувам дека тоа ќе биде така.

Меѓутоа, сите вие знаете, што сте овде, вие сте ми колеги, ако не повеќе, но во секој град, да не кажам по колку, затоа што имам список, имаме друг список што не е официјален пак наш список е, да не кажам огромна бројка, колку е, тие нас не слушаа, гласајте за оваа или онаа партија. Еден глас повеќе, пратеник во ова место. Еден глас помалку другиот добива. И по едниот и по другиот модел.

Мислам дека на сите ни е јасно, не сме деца. Сите сме луѓе јадеме од уста, тука. И, ова што сте го замислиле и што Европскиот совет дава некоја институција таму, Стразбург, позитивно мислење јас половина успеав да го прочитам затоа што мали букви се и замешани една врз друга, требаше да побараме од министерот превод на македонски. Требаше да се зафати многу.

VI/ 2 . -

Можеби тие нас не замислуваат како да сме ние Америка. Или, како да сме во најмала рака Германија или толку сме развиени, толку ни е свеста развиена и толку на нашите граѓани е развиена свеста, што да речеме, Бил Клинтон се знае од која партија е или пак во Индија Ганди итн. итн. Немојте да ги потценувате малите политички партии, затоа што тие се дојдени овде, тие сакаат не по своја желба, тие си формираат партија да речеме Ромите формираат своја политичка партија заради тоа што 50 години никој не го поставил овде, во ова тогашно собрание прашањето на таа националност. Ако овде од 1990 година немаше пратеник Ром и политичка партија немаше да се по- стави прашањето во преамбулата на Уставот на РМ и признавањето на она што се вика име и презиме, националност во Уставот. Немаше да се дојде до радио и ТВ емисии, немаше да се дојде до пишан збор, до фестивали, па на крајот општина и н знам уште што други работи.

Никој друг не се осмелил тоа да го каже, ниту пак имал интерес. Но, тој бил, Фаик Абди дали бил многу будала или многу паметен не е важно, тој тоа го направил заради тоа што од него го бараа неговите избирачи, избраници. И, тоа е демократија во денешниов свет. Треба да се цени дека таа етничка припадност, таа мала националност, колку е мала, таа е пет пати поголема во душата, е почиста, да ми опростите, од многу други, дека таа убава плодна Македонија и најверна на оваа Република Македонија од многу Македонци, дека јас овде, зборувајќи дека не признавам дека, на ниеден Македонец не признавам дека е поголем Македонец од мене, па некој од една партија се смееше, господинот Фаик Абди се кити со туѓо перје. А јас, како реплика односно како републик она како реплика, како се вика, ние така зборуваме по малку, јас го употребувам тој збор, нека ми простат моите братучеди, јас сум тој, станувам и кажувам дека ја знам мојата општествена положба. А дали вие ја знаете, господине Вашата општествена положба?

VI/ 3 . -

Ние сме потполно рамноправни. Без разлика што во Уставот пишува дека РМ е национална држава на македонскиот народ. И, некој погрешно толкува дека во времето до 1984 година или после 1984 година Уставот гласеше вака, уставната дефиниција на државата, господинот министер за правда тука е, тоа го знае убаво, сигурно, веројатно доста добар дел од нас знаат дека во времето од 1970 до 1974 година додека не беше прогласен Уставот постоеја 52 уставни амандмани, според кои уставната дефиниција на македонската држава гласеше вака: Социјалистичка Република Македонија е национална држава на македонскиот народ и држава на албанската и турската народност и на етничките групи во неа. И понатаму, од класен аспект, на сите работни луѓе итн. итн,итн.

Понатаму настанаа некои измени за што не сакам да зборувам, меѓутоа ова е вистината за што предлагам активно учество во создавањето и на преамбулата и на уставната дефиниција, член 1. Меѓутоа, видете, прво пат ова го кажувам, сакам да кажам дека, дали некој од вас заборава, дали РМ заборава што се случуваше во оваа сала 1990-1994 година. А? Одвај ја сочувавме државата. Дали може некој да заборави овде имам едно писмо на англиски напишано до неговата екселенција амбасадорот на Индија во Белград поради тоа што Индија заседаваше, ова народот не го знае, Индија заседаваше со Советот за безбедност. Замолен од г-динот Андов, не е тука, го спомнувам, ако е во канцеларија ова го слуша сигурно, нека дојде нека каже дека не е така, со моја група да појдам до Белград, мислам дека и г-динот Глигоров тоа го знае, кај индискиот амбасадор бидејќи тие заседаваа со Советот за безбедност, да најдеме спонзори за прием во ОН. Тоа било на 18 декември 1992 година, на 8 април 1993 година свечено РМ е примена во ОН. Тие разговори со 89 делегации и делегати, не ве прашуваа вас Македонците дали сме рамноправни, нас не прашуваа дали сме рамноправни со Вас, односно дали вие не признавате. А, тоа е големо нешто.

VI/ 4 . -

Заради тоа, бидете малку по, да речам, со поголемо европско однесување. Да речам, ама спуштете се на земја во Македонија, зошто ова е Македонија. Сеуште е рано да ги стигнеме тие стандарди што важат за развиените европски земји, односно за светот. Тој праг од 5% да не постои, а трката по бирачите, веќе почнува. Особено по Ромите, а бе, трчање по Ромите, пишувај за ова, пишувај за она. И, сакам да речам еден добар пријател, за кого сметам дека ќе биде еден од најголемите еднаш ми рече, симнувајќи се одозгора, разговара на англиски ми рече "кралот не смее да лаже". Го слушам некни на телевизија па си викам ај, овој лаже бе. Не чини вака.

Јас незнам што, вие мислите не е важно кој што мисли и тој голем пријател мој пак е мој голем пријател, но ова е држава. Со држава играње нема. И, да завршам, да не одземам многу време, јас поднесов амандмани 3-4, тогаш ќе се јавам ќе ги образложам малку поубаво и мислам дека се разбирам со г-динот министер за правда г-динот Горѓи Спасов. Некни разговаравме малку. Не може во општина Центар да има 15.300 и 400 и што ја знам, а Шуро Оризари, општина Шуро Оризари 13 плус 5.900 некаде околу 18.000-19.000 заедно со Чучер, Сандево и незнам кои таму. Тоа значи се знае, таму има 5.300, 5.400 и во Шуро Оризари уште 1.500-2.000 Македонци, многу е тешко да речеме ако е човек муслиман, веднаш мисли дека е Турчин или не знам што некој тунгузијанец. Ако е христијанин по вера, тој е веднаш Македонец. Знаете

Кај мене имаше една кирајџика Ленче се викаше, мрсулава малку, па рече Македонка е, јас реков го расипуваш просекот на Македонците. Немој така. Но, не е важно, така се декларира. Тоа е повелба на ОН. Можеби требаше 1945 година да дојде кај нас, да видиме, а не откога настапи демократијата тука на прагот.

Би сакал да верувам дека овие работи ќе се сведат на едно разумно ниво, би сакал да верувам дека нема да има таква трка

каква што имаше и, да ви речам многу ми е криво кога се зборува овде, односно во сите акти пишува, поготово за државните комисии итн. , избор ните право имаат најголемите политички партии односно оние политички партии што оствариjа најголем број на гласови во првиот круг на избори. Зошто во првиот круг? Дали тоа значи дека вториот го негираме? Тоа е закон на негација на негацијата. Значи ли тоа дека луѓето беа во право кога зборуваа дека нешто е, да не речам измајмунисани во првиот круг, а? Значи имало нешто. Мислам дека е срамота.

Јас воопшто не би го употребил тој термин во првиот круг. Зошто во вториот круг не учествувале, не учествувале, не учествувале. Тие што беа тие се тука. Тоа е тоа. Па на избори кога ќе излезат фала богу нека бидат овде 50-60 души, ќе формираат Влада и тоа е тоа. А, не во првиот круг. Тоа е споредно признаваше на некоја грешка. Или пак, толку сме големи демократи затоа што ова се големи партии, мисли- ме дека ќе бидат големи, мислиме дека ќе бидат овде една цела редица ќе опфатат тие 60, па нека има и од нив во тие државни комсиии, затоа што има големи манипулации, се лаже, се краде, се прави ова и она, ваму и таму.

Мислам дека тука има некои лоши позадини и не би сакал некој друг коментар освен да кажам дека не се согласувам со такво нешто јавно да го кажам. А, кој мене ме прашува? И, многу е тешко што овде пред сите вас, нека бидат и 120 пратеници овде, па и цела Македонија надвор пред граѓаните е друга работа, оваа седница се пренесува, авторитетот и личностите на секој наш поединец луѓето го знаат. Овде да се избере од некоја мала партија, па незнам кој да е, незнам колку да знае, колку да е политичар, незнам колку да е демократа, економиста, каков да е, па тој е од мала партија, тргни го на крај. Сега ако треба од факултет тука ќе ги носиме и во Влада и незнам каде, се ученици. Ученици ќе носиме само затоа што сме голема партија. Јас ова сакам да

кажам дека немаме добри министри, затоа што јас минатиот пат кажав дека имаме големи "мустаклии" министри, ама мора да знаеме дека и на друго место има кадар. Не може а да не речам некни, гледајќи една емисија на една локална телевизија од 12 партии некој таму да спомнува и да каже дека состојбите на Ромите во Северна Рајна Вествалија и нивното враќање во Македонија затоа што јас овде поставував не еднаш , 50 прашања поставив, 50 пати, одговорот беше се округло па на ќоше, и дури еднаш прочитав еден убав текст и реков дека г-динот Лепавцев се изразил тогашен екс министер за градежништво и урбанизам, ја немам ништо против него како човек, ние се поздравуваме кога се среќаваме, меѓутоа од прилика рекол вака - на подарен коњ не му се бројат забите. Можеби парите идат овде, а сега каде ќе трошиме тоа е наша работа.

Тоа е голема ујдурма, тоа е голема срамота. А, тој народ таму страда. Тој пат што е направен таму, 3,5 години парите да се обезбедат, господинот Бузлевски да е тука тој ќе го потврди тоа, пред мене, пред Амди пред незнам кој таму во ПТТ, но човекот од градот, оној Х, богатиот, не потпишува. Е сега се нашол овој поголем демократ заради тоа што сигурно е попаметен домаќин човек,. подготвен е, од Демократската партија, даде и тој свој дел и патот се направи. Добро, сега сме рамноправни затоа што тој пат е направен.

Ајде да прошетаме внатре, да видиме како живее .тој народ. Благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-динот  Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Почитувани колеги, почитуван министре,

Бев на мислење дали да кажам нешто во врска со законот или не, меѓутоа слушајќи ги дискусиите од моите колеги, навистина се одлучив и јас да кажам нешто. Зошто?

VI/ 7 . -

Сакам да кажам нешто што е во рамките на реалноста. Не смееме и не треба никогаш односно секогаш без разлика дали сме во позицијата или во опозицијата, или која партија сме, чашата да ја гледаме само полупразна. Затоа што, едно е сигурно, дека за овој закон што денеска се наоѓа пред нас и за кој закон ние дискутираме ги помина сите фази што се процедури, парламентарни ги поминува, но што е многу битно се расправаше за овој закон на сите нивоа и сите форми од релевантни партии, од релевантни лидери на партии и мислам дека Министерството за правда, односно министерот, морам да кажам реално дека беше широк и со сите имаше време, имаше енергија да ги консултира. Можам да кажам дека овој закон е еден од најконсултираните закони што се донесени, односно влезени во парламентарна процедура.

Што сакам со ова да кажам?

Понекогаш се поставува прашањето дали пратеничката група на ПДП ќе биде задоволна, односно дали ќе бидат задоволни со овој текст на законот? Сме задоволни, затоа што знаевме и знаеме уште сега дека во тие консултации односно во тие наши предлози немаше ни- каква, ќе немаше никаква логика односно не ќе беше објективно да се прифатат сите наши ставови односно комплетно нашиов став за ваков закон, затоа што знаевме дека за овој закон се консултирани исто така и други партии, исто така релевантни. И, ако одиме по логиката дека сите тие што предлагаат нивни ставови и да се прифаќаат односно да испаднеме со закон во кој што сите ќе бидат задоволни, тоа е невозможно. Ние, од невозможното не можеме навистина да направиме нешто апсолутно возможно.

Зошто сме задоволни? Затоа што во однос на првиот закон за избор на пратеници, овој закон првпат што доаѓа пред нас каде што ние сме и консултирани и нашиот збор донекаде е релевантен и почитуван.

VI/ 8 . -

Имавме закон со кој одевме на избори на првите парламентарни на вторите, донесен од Влада што не беше повеќе партиска. Чисто комунистичка влада. Тогаш ни предложи закон и ние моравме како таков да го прифатиме и да одиме на избори. Со тој закон ние на двапати бевме на избори. Тогаш ниту некој не праша, ниту некој не консултираше, ниту имаше некоја пратеничка дебата, група, комисии или, ако имаше, немаше можност да имаше комисии од пратеници од повеќе партии итн. Тоа значи дека еден сегмент што ни дава за право да бидеме донекаде задоволни со ова што се нуди како предлог на закон.

Исто така, причина за да бидеме задоволни е таа што овој закон, со самиот модел, значи комбиниран, каде што се удоволени потребите, предлозите односно сугестиите што ги даваат и другите партии, по се изгледа не можеше да се оди со пропорционален или комплетно со мнозински затоа што и тогаш еден дел од пратениците и до политичките партии ќе беа незадоволни. Мислам дека тука сме јасни и не можеме и не треба повеќе да елаборираме.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:** (продолжение)

Задоволни сме и од една друга причина што овој Закон имплицира друг Закон во пакетот на овие изборни закони, даречеме, Законот за изборни единици. Вие знаете дека ние како политичка партија односно како парламентарна група колку пати на оваа говорница сме кажале, не само тука и низ сите разговори што сме ги обавиле и со институции инсталирани во нашата држава, дали е тоа НДА или други институции дека Законот за изборни единици беше закон , кој еклатантно ги рефлектираше сите тие неправди кон електоратот на кој сметавме ние дека се наши гласови односно гласови на политичката партија чиј претставник сум јас.

Точно е тоа дека ние како пратеничка група интервенираме со одредени амандмани и тука бевме многу скромни, не сакавме да одиме со амандмани кои би го нарушиле концептот на Законот, затоа што однапред ќе знаевме дека такво нешто не може, ама нема ни шанса, ни реалност не може да се прифати, туку одиме со амандмани кои навистина ќе придонесуваат еден ваков Закон да добива во квалитет уште, затоа што се амандмани кои, навистина, овозможуваат мапи корекции во одредени одредби на овој Закон.

На крајот, пошто имавме и експозе од министерот, ни се нудеше се, ама баш се што е кажано од експерти, дали од Советот на Европа итн., тоа значи дека нашата интервенција односно кога велам нашата интервенција, интервенцијата на сите пратеници од други и од сите

пратенички групи со амандмани, веројатно нешто ќе се прифати, велам и повторувам ќе се прифати тоа што не го нарушува концептот на Законот.

Знам, а и на оваа говорница слушнав дека дали пратениците да бидат професионалци итн., ако сето тоа се врзува само со кворумот, мислам дека е само еден сегмент, кој во овој случај не држи многу. Ако се прават вакви компарации со парламенти од Европската Унија или од понапредни држави, не може, затоа што таму Уставот овозможува во салата да има толку пратеници колку има заинтересирани да учествуваат во некоја дебата за одделен закон. Меѓутоа, другата технологија пак е толку усовршена, што во чинот на гласањето и моментот на гласањето пратениците се за час тука и гласаат. Тука пречката е во одредбата во Уставот, што ние секогаш мораме да бидеме тука над 61 пратеник. Овој Закон, навистина, каков е таков, не може да го регулира ова. Сето тоа што се поврзува, односно се врзува со кворум , тоа веќе кворумот се врзува со, добро рече некој дискутант тука, се врзува во тоа што е одговорност, ниво на пратеникот кон задачата односно кон тоа што е биран како пратеник. И ќе завршам со една моја реченица, на крајот дека Законот ќе биде во прилог односно ќе биде добар за таа партија и за тие кандидати на кои ќе им веруваат гласачите т.е. електоратот.

Се надевам дека овој текст на овој Закон односно овој Закон ако добро се спроведува од тие што треба да го спроведуваат, сакам да верувам дека ќе имаме добри демократски и фер избори.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

За збор се јави господин Соколовски.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги!

Еве конечно го добивме и вториот текст односно завршниот текст на овој многу, да кажам, акт или битен Закон во овој политички момент за нашава држава. Една моја општа забелешка во почетокот дека ваквиот Закон требаше да го добиеме многу порано , со оглед на фактот дека постојат и ќе постојат и во амандманската расправа многу спротивни гледишта, многу спротивни мислења, па и самиот факт дека за овој Закон веќе се пријавени над стотина амандмани покажува и докажува дека, најверојатно ваквата расправа требаше да ја водиме многу порано за да добиеме некакви, би рекол, пречистени мислења, размислувања, кои би биле внесени во текстот на оваа завршна фаза на Законот.

Од друга страна ни претстојат сигурно и други закони, како што е Законот за избирачките единици, кој треба да се донесе и кој е во предлог, потоа, техника на изработка на легитимации и гласачки подготовки итн., што сметам дека ќе дојдеме во еден цајкнот итн., што сметам дека ќе дојдеме до тоа да направиме некои грешки и ќе овозможи Законот да биде спроведен како што е и замислен. Целта на овој Закон, ова што го кажа и министерот, а и претходните дискутанти, да овозможи фер и демократски избори, каде што на секој политички субјект му се овозможи рамноправно да учествува во изборната трка односно за добивање места во идниот состав на Парламентот.

Сметам дека една основна забелешка на овој втор текст, по мое мислење, е преголемата инволвираност на судската влас во политичката власт. Имено, и преку изборот на Државната комисија, преку изборот на избирачките одбори и избирачките комисии преовладува фактот дека преголем број на судии, од Апелационите судии во нашето судство се инволвирани во Државната комисија, во избирачките комисии, во избирачките одбори. Навистина, оваа бројка од 255 судии кои се инволвирани во самиот процес на гласањето, во самиот процес на решавањето, па и во процесот на одлуката по жалбите, приговорите, навистина, претставува еден редок пример во светот, веројатно, на една директна инволвираност на судската власт во политичката власт. Иако, министерот го кажа во својата накнадна дискусија дека голем дел од тие амандмани ќе се усвојат и дека таа бројка ќе се редуцира на некој начин, апсолутно држам до мислењето дека ваквата инволвираност на судската власт е преседан и мислам дека постојат низа примери во светот каде овој начин се одбегнува на многу порафиниран начин и се одбегнува апсолутно било каква инволвираност на судиите во изборниот систем. Тоа и во нашиот Устав, во членот 100, став 3, е јасно кажано дека судската функција е неспоива со друга јавна функција. Сметам дека ваквиот пример и оваа забелешка, како основна забелешка во овој Закон држи и мислам дека веројатно ќе биде расправа и во некои други меѓународни институции и асоцијации каде што ќе се расправа по овој закон. Посебно, од аспект што при решавањето на жалбите, при решавање на споровите кои ќе настанат во текот на процесот на гласање, каде во ситуација, во една посебна ситуација, на една политичка тензија, тој Врховен суд да решава одреден број на жалби,

каде што ќе бидат сигурно на некој начин основните десет правила на секој судски систем во вакви процеси игнорирани, од аспект што во таа тензија, во тој политички набој, во таа брзина ќе се решава брзо без присуство на инволвираните страни понекогаш, без основните начела на контрадикторност, непристрасност, така што ќе дојдеме во ситуација во тој процес на решавање да се донесуваат брзи и несоодветни одлуки од страна на Врховниот суд. Јас еве накратко би ги кажал кои се тие забелешки кои ги имам забележано од аспект што ја читав и експертизата на Советот на Европа односно на т.н. Венецијанска комисија, која го анализирала овој Закон во март, практично така е и назначено како Мартовски предлог и би кажал неколку збора во врска со тие забелешки и што практично од тие забелешки дел од нив се внесени или што не било внесено.

Морам да кажам дека во членот 2 каде што се зборува во ставот 3 во однос на изборните единици бројот на избирачите во принцип може да отстапува најмногу минус 10 до плус 10% во однос на просечниот број на избирачи во изборните единици или грубо кажано се работи за избирачи кои се во +, - преку 4 илјади гласачи. Мартовскиот предлог кој бил доставен до Советот на Европа бил со предлог од -15 до +15%, што очигледно дека Владата и предлагачот при забелешката на Венецијанската комисија дека навистина се работи за широк дијапазон од - 15 до + 15%, го редуцирала тој број на -10 до +10%, или тој дијапазон е некаде од 4 илјади гласачи. Сметам дека и оваа редукција на -15 до +15%, + - 10% е навистина голема бројка и точно во таа насока и амандмански ќе се интервенира од страна на нашата пратеничка група од ЛДП, каде што предлагаме една бројка од + -5%, која сметаме дека е реална бројка на процена на избирачкото тело во избирачките единици,

избирачките единици, во изборните единици и каде што не ќе биде можност да се манипулира на некој начин со таа бројка.

По однос на членот 4, па и членот 5 кажано е дека опфаќа проблематика, кој има право да избира и кој има право да биде избран. Во членот 4 е спомнат зборот или со други зборови право да избира има секој државјанин на Република Македонија, кој наполнил 18 години живот и има деловна способност. Морам да кажам дека зборот државјанин значи и веројатно, сигурно го толкува поимот дека секој државјанин, кој живее и не живее во нашата држава или е привремено отсутен, има право да гласа. Сега се поставува основното прашање што е со тие државјани наши кои живеат привремено во странство, а на кои на некој начин им е оневозможено со овој Закон да го остварат своето гласачко право.

Во однос деловната способност, јас тоа го дискутирав и во комисијата, го прифатив фактот дека ова е уставна категорија или член препишан од Уставот, каде што поимот деловна способност не е објаснет ниту во Уставот, ниту тој може да се сфати на било каков начин. Но, морам да кажам дека забелешката на Советот на Европа односно на Венецијанската комисија е токму во таа насока што бара да се додефинира тој поим или во членот 5 да се каже кои граѓани не можат да бидат избрани односно да не можат да гласаат, па е кажано во таа насока оваа деловна способност малку да се проанализира и подетално да се даде анализа и објаснување на тој поим и е кажано во три такви предлози. Така, граѓанин не може да гласа кој е во притвор со што се оневозможува или ограничува неговата можност за акција или слобода. Вториот предлог е, државјанин или граѓанин кој се наоѓа под легална неспособност и третиот предлог е граѓани кои се потполно или

делумно неспособни со валидна, судска одлука. Значи, на некој начин го дообјаснува поимот деловна способност, или со други зборови дава прецизно и точно кои се тие граѓани што можат да имаат право да гласаат и кои граѓани односно во членот 5 имаат или немаат право да бидат предложени за избор.

Во однос на изборниот систем, исто така забелешка дава Советот на Европа дека во членот 89, па и 90 вели вака:" за да биде избран кандидат во првиот круг, треба да добие апсолутно мнозинство од избирачкото тело од 1/3 односно од регистрираните бирачи во изборната единица". Забелешка е на Советот на Европа дека навистина се работи за голем цензус, голем критериум од 1/3 на запишани избирач во една изборна единица од фактот што се случува, тоа кај нас го покажаа и локалните избори, дека од вкупниот број на запишани избирачи во една изборна единица излегуваат многу мал број, посебно можеби во првиот круг, така што се случува овој цензус од 1/3, практично е невозможно да се постигне. Тој е начин и знаеме што значи, се оди на вториот круг, се прават економски трошоци итн., и предлог е на Комисијата односно Советот на Европа да се намали тој цензус, но во случајов очигледно е дека тој предлог не бил земен предвид.

Во однос на членот 6, во однос на неспоивоста на функцијата пратеник во други функции, веројатно, треба да се земе предвид или да се внесе како додатен дел, сепак, оваа функција неспоивост, да не се однесува на функции кои не се од меѓународните асоцијации, меѓународни институции итн., така што да не се случи одреден број кандидати кои се кандидираат за пратеници во идниот Парламент да им се оневозможи да се јават, поради тоа што членуваат во некои јавни

функции, во некакви меѓународни институции или во меѓународни асоцијации.

Членот 12 зборува за Државната изборна комисија и вели дека во последниот став: " Претседателот и членовите на Државната изборна комисија, секретарот и нивните заменици се именуваат на предлог на Комисијата за избор и именување".

Исто така, забелешката на Советот на Европа односно на Венецијанската комисија е дека за оваа комисија, мислам на комисијата за избор и именувања не е кажано составот на таа комисија, барем во овој закон не е кажано бројот на членовите на таа комисија и една од тие забелешки и што требало во самиот закон да се спомене и нешто повеќе за таа комисија, односно за нејзиниот состав и структурата.

Реков дека во амандманската расправа повеќе ќе кажам нешто околу сите овие забелешки што ги имаме во однос на поединечно на сите членови, но јас вака накратко би спомнал некои, да кажам, мои забелешки, кои секако, би ги бранел во текот на амандманската распара.

Прво, околу членот 51, а тоа го спомнав и во првата фаза кога дискутиравме за овој закон дека во однос на изборните плакати требаше да се каже за кои димензии на плакати ќе се работи, за плакати кои не би требало да изгледаат невкусно. Потоа, во членот 82, претпоследниот став, каде што се однесува на прогласување на неважечки гласачки ливчиња, исклучиво право му е дадено на претседателот тоа да го дефинира и вели:" Претседателот на избирачкиот одбор го прогласува дали гласачкото ливче е важечко или не и за кој кандидат е гласано". Сметам дека тука треба да се воспостави некаков систем на вклучување и на другите членови од избирачкиот одбор, со поединечно гласање, да

се изјаснуваат кое е тоа ливче кое е земено како неважечко. Тоа се однесува, на членот 83 каде што исто така е кажано во однос на листите на кандидатите.

Членот 89 го опфаќа токму оној дел каде што и дискутирав околу третинското мнозинство за добивање на кандидат во првиот изборен круг во четвртиот став се зборува за процентот или прагот на преминување од првиот во вториот круг, каде што е кажано дека е 7% во предлогот. Постојат примери во светот како што е Франција, каде што е 12,5% итн. Мислам дека и ние со нашиот амандман што го прелагаме од страна на нашата партија тоа го спомнавме, веројатно и тука министерот спомна дека првите двајца одат во наредниот круг, што е прифатливо и сметам дека е едно подобро решение.

Членот 98 каде што се зборува за поништување и повторување на гласањето, сметам дека постои една мала колизија меѓу ставот 1 алинеја 1, кој што вели, се однесува на изборната комисија со решение ќе го поништи гласањето на гласачкото место за избор на пратеник, односно листа на кандидат во изборната единица ако се утврди дека во гласачката кутија има поголем број гласачки ливчиња кои влијаат на резултатот на гласањето за да во ставот 2 вели гласањето нема да се поништи во случаите од став 1 алинеја 1 во овој член и покрај тоа што бројот на гласачките ливчиња во гласачките кутии е поголем од бројот на избирачите кои гласале, доколку тој број не влијае на резултатите од гласањето. Тоа е субјективна сепак констатација. Мислам дека веројатно е тоа корегирано. Добро, јас тоа отприлика би рекол една ваква општа расправа си давам право во текот на амандманската расправа да земам учество и подетално ги образложиме нашите

барања. Сфатам дека ќе постои волја и желба од министерот и министерството да се прифатат амандманите и да навистина донесеме еден закон кој ќе биде и ќе овозможи фер и демократски избори, каде што ќе партиципираат сите партии. И само да кажам на крај за изборниот модел, иако тоа е веќе завршена работа и покрај тој дијапазон на мислења на партиите од типично комплетно мнозински систем, на пропорционален систем за кој бевме ние како ЛДП па и партии сметаа на 50 или 60, на 80 итн.%, сметам дека намалувањето од 40 на 33% во пропорционален процент на кандидати кои ќе бидат избрани за составот на новиот Парламент сепак претставува некакво субјективно право, би рекол и на Владата и на владеачката партија да овозможи, веројатно по нивно мислење поуспешни избори на владеачката партија.

Благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани министри, почитувани колеги пратеници.

Добар е текот во однос на конструктивноста, иако мислам пред се би сакал, министерот кажа дека ќе ги прифати сите барања или забелешки на опозицијата, што колку министерот ќе прифати во значајниот дел. Не би била опозиција ако не бара уште повеќе. Тоа е најнормално и во дадениот случај сигурно ќе се случи, опозицијата ќе бара се повеќе и повеќе, но најосновниот и најважниот дел е да се создаде една демократска атмосфера и во оваа расправа а особено во делот, да создадеме претпоставки за обавување на изборниот чин односно на контролата на изборите и на крајот формирање на демократски институции.

во тој дел би истакнал, особено позицијата во парламентот сигурно со својот дел, иако имаме 100 амандмани, сега сигурно тие се и надминати, се сведуваат на неколку битни работи што министерот и во тој дел на демократската конструктивна расправа и пратеничката група на СДСМ ќе даде свој придонес во амандманското надградување и подготвуваат одреден дел на амандмани кои произлегоа од оваа расправа и министерот кој се искажа дека ќе ги прифати.

Во делот на искажувањето и амандманскиот дел и забелешките и во овој општ претрес на опозицијата, сигурно својот конструктивен дел би го потенцирал, но, нормално преовладува и оној дел на недоверба на владеачката структура, на Владата, на пратеничкото мнозинство изразено во различни варијанти, искажано преку оваа говорница со агилност, преку мерки и создавање на клима на изигрување во однос на одредени решенија во законот и сл. Мислам и тоа би било во ред, но треба да кажеме јас би истакнал тука дека тука има одредени контрадикторности

со одредени политички ставови истакнати пред се од шефот на одредена пратеничка група која е во парламентот, кој јавно истакна дека ниеден закон односно и кој бил закон нема да му помогне на СДСМ.

Околу овој дел на конструктивноста јас би сакал да истакнам дека на СДСМ не му треба било каков закон. На СДСМ и на своето владино мнозинство и парламентарно мнозинство му треба закон кој ќе овозможи демократски, фер непосредни и многу имиња се кажуваа во однос на изборите. Таков закон му треба да СДСМ, пред се од причина што СДСМ во своето досегашно дејствување во овој плуралистички период во развој на РМ од 1990 година имал политичка храброст и доблест, имал така наречено политичко срце да ги влече сите важни потези од тој период, не би сакал да ги набројувам. Тука се пред се реформите од политичката сфера, од одлуката за референдум, Уставот на РМ, реформите во политичкиот дел и економскиот дел. Во тој дел СДСМ имал и одреден дел на коалициони партнери кои сигурно дале свој придонес. Но, тие што изјавуваат дека било каков закон нема да му помогне на СДСМ, тие целиот свој период, не би рекол некој израз, но дали се шлепале или во тој дел учествувале во таа игра. Многу е голема разликата меѓу делот на влекачот и делот кој што ќе се шлепа во тој дел, затоа што влекачот ќе продолжи, а оној кој е влечен ќе остане или ќе биде преввртен на првата кривина и ќе остане на одредена рамница, па ќе чека некој нов да го шлепа и да го довлечка до некоја бензинска пумпа или до првата гаража или градот. Тој е оној' дел од изнесените конструктивни забелешки од страна на делот нивниот прокламиран политичко и јасен став во однос и на изборното законодавство на подготовката на изборното законодавство и на делот на спроведување на изборите. Мислам дека и од оваа говорница е местото од каде тие ставови треба да се соопштуваат, а нашиот став е јасен дека ни треба таков закон кој ке овозможи демократски и фер избори.

VIII/3.-

Изградбата на законодавството за избор на пратеници, беше истакнато овде е почнато да се изградува од поодамна.

Првиот парламент на РМ, беше избран по, како што беше речено од Владата од бивша Социјалистичка Република Македонија и јас би рекол дека тој закон за тој период си одигра своја улога. Реформата на тој закон за избор на пратеници почна во првиот парламент некаде во 1994 година и во тој дел се направија одредени доизградувања. Во овој парламент се водеше една жестока дебата во однос на тоа дали е потребен нов изборен закон, или постоечкиот изборен закон да се надогради. Основниот дел на тој закон кој амандмански беше доведен до усвојување во првиот парламент на РМ, беше тоа што изборниот модел врз основа на подрачната политичка клима, врз основа на тогашниот демократски развој, беше предложен модел, 120 мнозински и 20 на пропорционален систем. Сега слушам и во јавноста и во медиумите дека тогаш, иако биле одредени партии, СДСМ блефирал. И тогај СДСМ беше најискрен, го предложи тој дел, но опозиционите партии во парламентот не го прифатија таквиот изборен модел, 120 со 20, а целосната реформа во тој период наложуваше на нов изборен закон, од принцип на прекројување на изборните единици. Во тие амандмански интервенции во 1994 година се зафатија и некои други реформи и други укажувања во однос на споивост на пратеничката функција и сл.

На вторите парламентарни избори во РМ, се отиде со вториот закон и видовме, во тој дел, во иста форма, не изменет, како што се водеа изборите и во 1990 година.

Продолжувајќи го работењето на реформата на изборното законодавство, според мене се направија најголеми реформи и она што беше заговарано во целокупниот период на парламентарната расправа во законот за локални избори.

VIII/4.-

Во законот за локални избори според мене беа вградени доста демократски форми кои ги покажа законот за избор на пратеници како недостаток. Тогаш се направи и едно подемократско истапување, пред се, мислам, во законот за локални избори, во однос на формирање на избирачките одбори. Тогаш во избирачките одбори и во општинските изборни комисии се воведе принципот на формирање на политички дел, партиски дел и независен дел кој го контролираа тој дел. Што се случи во тој дел, на сите вас ви е јасно. Општинските изборни комисии беа составени од еден судија и претставници од позиција и опозиција а исто така и избирачките одбори.

Тргнувајќи од искуството на спроведените локални избори по новото законодавство со реформиран дел, ние треба да пристапиме во изградба на овој закон кој ја помина претходната фаза;, мораме да истакнеме и да се согласиме, од страна на Владата и ресорното министерство и министерот за правда, со огромни напори и успеси во претходни расправи и консултирање со релевантните политички фактори во државата, иако беа, може да се даде одредена белешка, кои забелешки беа изнесени тука во од нос на недоволно вклучување на помалите политички партии. Но сигурно и тие во својот дел можеа да ги изнесат своите забелешки.

Сметам дека врз основа на искуството, врз основа на изградбата досегашна на изборното законодавство, можеме да предложиме закон кој ќе овозможи пред се демократски и мирни избори и кои резултати ке се почитуваат.

Истакнав јас во досегашната фаза, имаме некаде околу 100 амандмани. Што е тоа што се забележува на овој предлог на закон предложен од страна на Владата.

Ако се систематизираат тие амандмани и би се свеле на неколку групи, барем според мене. Понатамошната систематизација ќе покажува дека огромен број на амандмани има само на еден член, што значи реални амандмани според моја оценка 6ИЈ биле некаде 15 до 20 кои подобруваат и те како правно техничкиот дел што е многу битно. За тој дел не стана тука збор. Знаете се работи за избори во кои мора да го доведеме до перфекстност правно техничкиот дел, да не оставиме правни празнини, за кои ќе требаат правни толкувања, бидејќи се работи за конкретни резултати а и за изборен модел во кои за мало предимство ќе се бираат претставници на граѓаните.

Систематизирајќи ги така и забелешките кои беа истакнати и амандманите кои беа доставени до нас пратениците, јас би се обидел да дадам одреден коментар и одредени гледања во делот на тие забелешки.

Прво и најбитно е, тоа што тука беше дадено и м ислам дека е постигнато усогласуваше, но, со одредени забелешки каде се враќаме на најважниот дел што го регулира овој закон, тоа е изборниот модел. Изборниот модел, иако беа истакнати забелешки, јас досега не сретнав одреден амандман, бидејќи би ја променил целата структура на законот. Ние во претходната расправа низ забелешките и мислењата го пресековме тој проблем и е прифатен комбиниран или мешовит систем си доминантно мнозинство на 85 изборни единици на унииноминални, така наречени изборни единици и 35 на пропорционалната листа.

Точно е, и министерот кажа и одредени пратеници, дека изборниот модел доста влијае на однесувањето на граѓаните односно на бирачите, а тоа однесување спрема изборниот модел, влијае и на резултатите од изборите. Но, во претходната расправа и сега сметам дека ваквиот изборен модел, комбиниран на овој степен на развој на демократските односи во РМ, гарантира политичка стабилност, што сметаме дека е многу битно и формирање на институциите после изборите, во делот

на извршната власт и другите делови кои произлегуваат од формирање на извршната власт.

Втора или битна забелешка која треба да се прокоментира и беше истакнато од одреден пратеник, тоа е кој има право да бира, односно кој има право да биде биран.

Точно е дека сите граѓани државјани имаат право да бираат Законот го санкционира правото да бираат на граѓаните државјани на РМ, кои немаат постојано место на живеење. Мислам дека тој дел треба да се сфати во таа смисла, во овој период на развој на нашава држава, пред се од технички аспект, не можност на дипломатско конзуларни претставништва, не можноста на оддалеченост во тие делови и се нуди решение кое во овој период мислам дека е прифатливо, тие граѓани да можат да гласаат на местото на своето живеалиште односно последно пребивалиште, што реално гледано навистина е многу тешко, но сигурно би било тешко и доколку се најдат одредени преодни периоди. Решенијата која ги нуди овој закон сигурно не можат да бидат применливи во тој дел каде што живеат нашите граѓани. Ние во една држава како што е Америка или Канада со огромни пространства, со ваквиот начин на формирање на избирачки одбори на органи, со рокови кои го гарантираат објавувањето на резултатите, ние мораме да изградиме посебна постапка или постапка преку која тие резултати благовремено ќе бидат доставени и ќе им се овозможи реално преставување на граѓаните, да го дадат својот глас.

Најголемите забелешки во претходните расправи во оваа денешна расправа се сведуваат околу изборните органи, многу важен сегмент кои треба да ги спроведат из борите.

јас во претходниот дел истакнав дека одреден дел на изборните органи во РМ, се решени со законот за локални избори. Во светот,

колку што мене ми е познато има два типа или модели. Има чисто државни органи кои ги спроведуваат изборите и политички дел. Мислам дека е одбран оној најсоодветниот дел во кој се застапени паралелно полити ките партии или учесниците на изборите врз основа на одредени критериум кои, дали се најсоодветни или не, не знам, но, тоа е она што е опипливо рамноправно претставување на делот на позиција - опозиција, земајќи го за репер постигнатите резултати од претходните из бори. А во овој закон мора да ставиме одреден репер. Тоа е постигнатите резултати, или партии кои постигнале одредени резултати, одреден лимит, на последните локални избори. Тој дел за мене во праксата е потврден во из бирачките одбори кои беа составени од еден претставник на позиција, еден на позиција и еден претседател од редот на граѓани, неопределени, или угледни, во таа смисла.

Што се случува сега?

Се случува, со сите петни жили опозицијата бараат избирачките одбори да се прошират со дваица претставници од позиција, дваица претставници од опозиција и претседател кој би бил политички неопре- делен или виден граѓанин. Јасни се калкулациите и тоа е најчесно и нај- поштено. Секој во овој дел, покрај контролата гледа да се биде застапен со својот дел и да ги застапи своите интереси. Големите партии бараат да бидат тие застапени, во дадениот случај тоа се ЛДП и ВМРО-ДПМНЕ. Тие не водат сметка за малите партии. И тука треба да се најде оној кри- териум и внатрешната поделба, како би одела поделбата меѓу позиција- та или опозицијата. Инсистирањето на дваица, зошто не се инсистира на тројца или ја четворица. Од политички аспект и од реален аспект прифа- тливо е ова решение. Но од технички аспект замислете дека ќе се созда- дат одредени метежи. Кога ќе влезе граѓанинот, избирачкиот одбор ќе биде од пет мина, па посматрачи од 10 партии, па додека се развие тој систем.

Затоа според мене е прифатливо продолжението 2+2, да се изнајдат критериуми за застапеност на сите партии, а не само на големите кои го гледаат својот дел од позицијата или опозицијата.

Кога ќе го развиеме овој систем нагоре ќе дојдеме до општинските изборни комисии и на други значајни органи кои ги формираат избирачките одбори, или така наречените изборни комисии на пратеничките мандати, или на изборните единици за избор на пратеници. Тоа е соодветно решение на решението за општинските изборни комисии кои ја завршија својата работа. Искуството, ќе повторам, за локалните избори помина во демократска фер конкуренција, без големи притужби и жалби и решенија. Во тој дел и тука е застапен и истите проблеми се јавуваат и при општинските односно изборните комисии за изборните единици.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:** (продолжение)

И тука е застапен паритетот, двајца претставници позиција врз основа на одредени критериуми, двајца претставници на опозиција и еден веќе елементот, оној елемент кој го имаме ние во нашиот прифатен мешовит систем меѓу политички партии и делот на независниот дел кој би ја констролирал и усмерувал работата т.е. судија на основните судови. Сметам , не би рекол дека тврдам како некои претставници овде беа споменувани имиња на угледни професори, тоа е мислење знаете, додека не помине на Уставен суд никој не може да каже дека единствено и добро решение, а не противуставно е во овој дел да бидат вклучени судиите како независен дел, како трета власт кои независно ќе ја обавуваат својата функција и ќе ги усмеруваат органите. Би сакал да истакнам доколку ги формираме каде што има одредени предлози чисто политички органи почнувајќи од изборните, односно избирачките одбори, комисиите, тогаш би довеле до претходна предизборно закрвување, односно подигање на страстите. Многу е тешко во однос на критериумите и преовладување, однапред прејудицираме мнозинство на една групација или на друга групација. Како што знаете реалноста и вербата во резултатите многу тешко ќе дојдат. Затоа ова е утврден принцип во овој период на учество на судиите како дел на независниот дел меѓу политичките субјекти кои учествуваат во борбата е прифатливо законско и уставно решение. Во тој принцип мислам ќе има и одредени амандмани. Министерот укажа во делот на развивање и до Државната изборна комисија. Државната изборна комисија сметам дека требало и таа да биде изградена на овој општо прифатен принцип, затоа што ние кога го носевме Законот за локални избори во тој период не ја формиравме Државна изборна комисија бидејќи изборните органи се формираат за 4 години и во тој дел Државната изборна комисија имаше свој мандат.

IX/2.-

Што значи Државната изборна комисија беше составена по принципот на претходниот закон. Затоа одредено решение на паритет во Државната изборна комисија рамноправно учество на делот на партиите од позицијата, рамноправно учество на делот на партиите од опозицијата и дел на учество на судството пред се во тој дел на Врховниот суд би ја развиле целата пирамида и шема на тој комбиниран систем меѓу политичкиот дел и независното судство. Мислам во таа смисла треба и да се оди кон изградување на органите кои ќе ги спроведуваат изборите во својот дел во однос на претходните прашања за организација на изборите и во делот на многу важниот дел за кој малку беше зборувано за заштита на избирачкото право на граѓаните и за утврдување на резултатите од изборите во однос на жалбените постапки. Доколку се инсистира на формирање на целосно политички органи мислам дека овој Парламент ќе донесе погрешна оценка во однос на одвивање на изборите и на признавање на резултатите од изборите.

Мислам дека другиот*дел што беше многу битен од страна на опозицијата е и потенциран, министерот го прифаќа со одредено мислење секој да си ја најде својата партија, тоа е изборниот, односно пропусната можност за избор на мнозинскиот дел. Во првиот изборен круг имаше одредени забелешки, а особено пропусната моќ за во вториот изборен круг. Доколку е прифатливо решението опозицијата имаше свои амандмани, мислам е прифатливо решението во вториот круг да одат оние кандидати на листи кои ќе добијат најголем број на гласови и да се води борба меѓу првиот и вториот, односно да преминат во вториот круг само двајца кандидати. Мислам тоа е прифатливо решение што дава одредена урамнотеженост и се изедначува со голем број на вакви изборни закони каде во вториот круг одат само двајца претставници.

Мислам дека тие се во основа овие две забелешки од опозицијата во тој голем број на амандмани. Имаше одредено прашање во делот на носителите на листа, дали ќе биде партија, или листа, во Законот не било јасно, кој сака да го чита е јасно. Но, би му укажал на министерот да се прочисти точно тој член за да не настанат одредени недоумици кое е основното решение. Решението е на пропорционалната листа да биде делот на партијата со својот симбол и носителот на листата. Тоа треба јасно и гласно да биде истакнато во тој дел што би можело да се спроведе.

Многу е важечки сегментот, делот на кампањата, организацијата на кампањата и во оваа расправа беа уфрлувани одредени дневно политички настани од оваа говорница, како главен уредник на едно гласило се определувал, па како одредени политички партии плаќале свои политички програми, што е најдемократски, најрегуларно и со овој Закон ќе се регулира. Платените политички програми се независни, одредени партии си имаат свои гласила, свои електронски, или пишани медиуми и тоа е најлегално и најдемократски. Никој не може да му го оспорува правото на друга партија во делот и во однос на свои платени политички програми бидејќи не е ни забрането ниту со овој Закон и се прејудицира особено да се атакува на одредени носители во средствата за медиумите за нивни изнесен став во одредена полза, или во друга полза. Мислам дека при расправата во овој Закон ако носи кон подобрување на медиумското претставување мислам би било во ред тој дел и би допринело, би го сфатил во таа смисла, а не во смисла, да изградба на демократски, но дај да уфрлиме и одредени дневни настани спрема одредени личности, или одредени медиуми.

Мислам дека од доста пратеници беше истакнато дека и во амандманската расправа и во расположението и желбата на министерот, односно претставникот на Владата кој истакна дека се прави напори во однос на изградба на демократски, фер закон во кој сигурно истакна и пратеникот Исмет Рамадани нема да бидат сите за- доволни и не може да се направи таков закон. И во понатамошниот дел сметам дека опозицијата и покрај прифатениот дел што е и најнормално ќе става забелешки на понудените решенија, но не треба да го изгубиме од вид и другиот фактор кој во овој период доста влијае и доста е важен во однос на сликата која ја дава РМ, тоа е мислењето од меѓународните институции и органи кој и министерот во своето уводно излагање можеби не ги потенцира доволно, но сигурно тие ќе бидат показател за нашето изборно законодавство и врз основа на тоа за спроведување на изборите. Се согласувам најдобар изборен закон е оној за оние што ќе му ја дадат довербата на гласачите и на крајот кои ќе ги добијат изборите.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Денеска пред нас се наоѓа не само еден важен закон, не само многу важен закон, не само еден од најважните законски проекти, туку за мене ова е најважен закон во секоја држава и ако се споредува ус- ловно со Уставот како фундамент, како темел од кој произлегуваат сите закони и други правни акти, ако може да се споредува по мене дури е и поважен и од самиот Устав условно речено. Зошто? Од добар изборен закон и од квалитетна изборна регулатива, а посебно од овој закон ќе произлезе квалитетна легислатива, квалитетен Парламент, а од Парламентот како што знаете произлегува и Владата , судството и другите државни органи. Затоа на овој проект му давам голема важност и жал ми е

повеќе од опозицијата, позицијата некако не ме чуди затоа што има свој претставник значи кој предлага ваков закон што по мое мислење го делам мислењето не само на моите избирачи, на сите албански во Македонија, туку и на сите граѓани на РМ и дека за овој законски проект треба да дебатираат сите до еден од пратениците, бидејќи тој не се донесува секој ден, посебно повторувам, потенцирам опозицијата. И начелно би рекол дека ќе требаше членот 65, повторувам од Уставот на РМ целиот, а посебно ставот 2 да се операционализираше подетално што не е прифатен воопшто, посебно институцијата на оставка на пратеникот, кажав и на минатата седница каде што вели: пратеникот оставката ја поднесува лично на седницата на Собранието. Што јас со нашите прилики се согласив и уште еден мој колега, додека повлекувањето, апстинирањето значи сосема малку, да не кажам ништо. И да одиме со ред.

X/ 1. - СП/ЦТ

**САЛИ РАМАДАНИ:** (продолжение)

Бидејќи со поставувањето на дневен ред па оваа точка, намерно, сакав, овој пат, како и обично, овој законодавен дом, да греши, па од тие причини се се јавував да му го обрнувам вниманието, кога се утврдуваше дневниот ред за да предлагам оваа точка да се симне од истиот..

И затоа,целата дискусија одеше и ќе оди кон погрешна насока!

Зашто?

Затоа што, и за време на првата фаза, на 80-тата седница, одржана на 3 и 4 декември минатата (1997) година, т.е.во во прилично опширната дебата од цели две книги со 188 страници, во партиските и меѓупартиските разговори и " договори" и до највисоко ниво, дури и со странски фактори, владеачката Партија на СДС и нејзината Влада со севкупната нејзина структура и нејзините институции, вниманието на внатрешни и надворешни надлежни фактори, го насочувале на невиден вешт начин кон најактуелната и најдискутабилната тема од формално-правен политички карактер околу трите модуси односно варијанти на изборниот модел: досегашно-мнозинскиот, потенцијално-пропорцијалниот и компромисnонавидно, комбинираниот принцип!

И во овој поглед, по се изгледа, ја постигнала својата камуфлирана и прикриена цел, со уште едно манипулирање односно измама, не само на пошироката јавност туку и на парламентарната и вонпарламентарната опозиција!

За жал, овој пат, во овој контекст, спаѓа и мојата најквалитетна Демократска партија на Албанците односно коалицијата на ПДП-А-НДП, со минорните познати недостатоци на иифилтрирања, свесно или несвесно, директно или индиректно!

Но, за мала среќа, што може да биде од голем значај, во тој контекст, не спаѓам и јас и како таков, со контрааргументи ќе се обидувам да се спаси тоа што се може!

Имено, зашто? Затоа што:

Моето главно внимание не е насочено кон изборните модели, бидејќи тоа е од секундарен значај при оваа прилика.

За мене, примарно е тоа, дека, ако овој законодавен дом, не само што со години донесува закопи и други правни акти, како невалидни, од кои околу 99, 99 % беа предложени од страна па Владата ма владеачката партија и нејзините коалициони партнери, туку постојат некои закони и други правни акти, кои во никој случај н еможе да ги предлага Владата, туку самиот Парламент, како што е напр. Деловникот за работата на Собранието и т.н. со кои Владата нема никаква врска, бидејќи таа не е надлежна да ги спроведува истите правни норми!

Ист е случајот и со изборната регулатива, а во прв ред со Законскиот проект за избор на пратеници!

Имено, Владата, како во секоја држава, исто така и во РМ. е една од трите врсти на власта, самостојна, али не и прва, односно најважната, бидејќи првата и најважната е легислативната, т.е. законодавната власт,како што е Собранието на РМ., од кое неминовно произлегува Владата, која ја избира и му одговара, т.е .и се разрешува од истото Собрание!

И во оваа прилика, се поставува имплицитно и експлицитно прашањето:

Дали има логика, дали има ресон д' етре, дали има смисла, да органот односно власта, во овој случај, Владата, да му ја крои судбината, да му предлага и импонира правни акти, во овој случај изборен закон, да му издиктира постапка за избори на повисок орган односно на власт, како што с Парламентот, од кого Владата зависи?!

Накратко, како што е случајот со Деловникот и некои други акти, и овој законски проект за избор на пратеници, треба да го припрема, предлага и усвои самото Собрание на РМ, секако во соработка со најрелевантните политички партии, какви што се и со сите нивните пратенички групи, со облигателен консензус, во што пократок рок да се предлага од надлежен потенциран орган и други фактори како што е погоре речено!

Меѓутоа, ако вака не се постапува, јас сум должен да дебатирам и по овој предлог-закон каков што е и од кого е !

( После претставникот на Владата - дебата во Собранието )

Иако за било кој законски проект, членовите на владеачката партија на СДС, како и за оној за избор на пратеници немаат никаква потреба да водат расправа, бидејќи има кој да

X/ 2. -

предлага и образлага за нив, туку овие можат само формално да го потврдуваат истото со кревање на рака и со тоа е се свршено.

Меѓутоа, како и во поголем или помал број на случаи и оние дебатираа тихо од формални причини за да ги подржуваат тие предложени проекти, без разлика на тоа какви се истите.

Додека од 212 земји во кои се вршат парламентарни избори, во 69 се применува мнозинскиот модел со еден круг, со два круга уште во 31 земја, додека мешовитиот во 20 земји.

Во нашите услови, објективно речено, не одговара потполно ниеден од овие модели!

Во прв ред изгледа дека неможат да се одржуваат изборите, но, не е така!

Предлозите за повеќе изборни единици во пропорционалниот модел ниту заслужуваат внимание, бидејќи се лоши обиди за уште една разединување и губење на гласовите на избирачите, посебно за помалите партии и националните колективитети!

Било кој модел од овие предложени, иако сите имаат помали или поголеми слабости, за време на идните избори посебно внимание треба да му се посветува што во поголем број, па дури и до околу половината на најнежниот пол како што е женскиот. Додека во некои земји, иако не потполно рамноправно, како што е нарп. Шведска со 41 %, Финска со 39 %, 11ориешка со 36 %, САД со 11 %,бројот на жените претставнички на избирачите е на многу повисоко дури и во Албаничка, во нашиот законодавен дом само со 4 жени односно со Нешто повеќе од 3 %, што е не само премало, туку и катастрофално, бидејќи само во редовите на чените Албанки во Македонија има толку по способни дупло туку што броји вкупно лица кои седат на овие парламентарни клупи, без никакво претерување. Но, политиката е лоша, дури и во редовите на моите најблиски соработници!

Дилемата околу изборниот модел, значи во исто време и слабост и неснаоѓање, односно експериментирање, што понатаму ќе ни кошта многу скапо за да се дојде до вистината кој изборен модел одговара за нашите прилики! Тоа времето ќе го покажува и докажува, но немаме време за експериментирање, туку од сега треба да се побара и пронајде правиот пат,а нс после неколку години, како што доцниме секогаш на овие балкански простори!

Дефектите на мнозинскиот систем доведоа до тоа да во овој состав на Парламентот имаме пратеници и со околу 10 % гласови од севкупнтото гласачко тело. Дури и јас не се оссќам толку пријатно што во однос на 10 против кандидати за време на првиот круг и на 4 за време на вториот круг од објективни и субјективни причини добив околу 30 % гласови и се осеќам помалку осакатен и како со едно оштетено крило!

Овие дефекти би се повторувале и со комбинираниот и со чист пропорционалниот модел!

Граѓаните на РМ и те како се разочарани скоро со сите партии, иако е мојата најквалиетна, ако не и најмасовна, но со некои познати недостатоци, кои или мора да ги отклопува или ќе бидат потребни исто така кардинални соодветни новитети, додека пајголемитс партии имаат и најголеми грешки,па затоа излезот во цела РМ е или во една нова варијанта со три подваријатни, т.е. решавачката улога да ја земе над себе апсолутното мнозинство на партиски неопределените избирачи, во соработка со помалите, али и правите демократски партии, било тоа по организирано или привремено али и постојано со можноста на кандидирање од група избирачи кои ќе бидат одлучувачки фактор со предлагање на најспособните, али кадри некариеристи, кои ги имаме колку сакате, но тие треба да се поттикнуваат и стимулираат, па дури и да се замолат!

Од сето тоа што е речено до сега на говорницата на Собранието на РМ и во други прилики околу оној законски проект, иако со разно-разни гледања, и во рамките на истата политичка партија, дури и на владеачката, постојат разни контрадикторности, дилеми, несигурности и од сето тоа резултира дека сме многу далеку од предвидувањата како треба да изгледаат демократските процеси и институции и што се однесува до изборната регулатива, а камо ли како ќе се спроведува истата во практиката за време на изборната процедура и

X/ 3. -

консеквентно па тоа и работата на законодавниот дом од кој треба да произлегува и извршната власт, каква што е владата, те судството и другите управни органи но државата!

Со распаѓањето на т. н социјалистичко општествено уредување на монистичкиот систем на комунистичкиот диктат, само на перфиден и камуфлиран начин истите или сличните актери односно нивните верни следбеници, наводно дека основаа нови политички партии, наводно да би ги поставиле темелите на плуралистичкиот систем, а де фацто само се одвојија разни групации, елити и кланови, со исти или слични идеи и обидувања, па дури и со договори да наводно на еден нов,"модериран",реорганизиран " начин и понатаму да водат иста политика, иста соработка, па дури без традиција, без основа, сето тоа се претвори и во анархија и се упропасти целиот систем и во стопанскиот и во политичкиот и во социјалниот и т.н. поглед.

Тоа се гледа и од разните формални видувања и околу овој закон, а на крајот се сведува на исто: на бирократски, технократски,клански и групашки начин, без инвенција, без креативност и без здрава и трајна подлога за добробитот на граѓаните на РМ.

Дека овој законски проект е ептен лош, слаб и некреативен се гледа и од самите шаблони, наводно дека нешто треба да се измени, дека мнозинскиот систем претставува кочница, но дека треба само малку да се отстапува од тоа. Со минимално отстапување преку делумно пропорционалниот принцип, се прави една фасада, која скоро не значи ништо а и да е комплетно, сепак за нашите услови не би значило многу!

Повторувањата наводно дека за овој законски проект имаат дадено позитивно мислење европски експерти и некоја организација, не е убедливо и не значи многу. Со години тоа се повторува, но таквите мислења во оригинал и во превод не им се достуваат, или сосема безначајни дури и на пратениците. И да е дадено некое позитивно мислење тоа е од фер плеј причини и се дава за познати и признати начелни институции кои се и така преземи од странски закони, додека специфичните не ги познаваат странските и тие се наши внатрешни работи и главоболја, кои не може никој да ги познава подобро од нас самите.

Долгогодишната, практика, набљудување и поерцептирање, дури и со децении на изборната регулатива, а посебно нејзиното (не)спроведување во практичниот живот е повисок квантитативен и квалитативен аргумент од илјада други и туѓи, било тоа кога се и со добра намера! Тоа од причини што ние ги знаеме подобро нашите прилики, а посебно оние кои се натоварени преку нашите глави!

X/4.-

Од досегашниот изборен закон треба да преостане и дел од второто поглавје: Предлагање и утврдување на кандидати,како што е од членот 20 ст.2:"Кандидатите за претставници на собранието ги предлагаат и утврдуваат граѓаните...",од седмото:СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ, под 2: Гласање чл.37 ст. 1 : "Гласањето се врши лично", но тоа треба да се спроведува,а не да се злоупотребува и фалсификува од поедини членови на избирачките одбори и други неформални поединци и групи како што беше случајот за време на парламентарните и локалните избори и во овој поглед, како и други безброј неправилности и нерегуларности,"

Додека Предлогот за донесување на Закон за избор на пратеници во Собранието на РМ. имаше 99 членови односно 37 страници текст, Предлог-законот има повеќе членови (122), а нешто помалку страници(34), но, поголема разлика има во неговата содржина:

Така во истиот член 2 ст.2 само бројот на пратениците кои се избираат според мнозинскиот систем од 80 е зголемен на 85, додека според пропорционалниот принцип од 40 е намален на 35! Исто така во изборните единици бројот на избирачите во принцип може да отстапува од минус до плус 15 во однос на просечниот број на избирачи во изборните единици сега е намален на 10, што е исто така преголем и не би требало да има отстапување, бидејќи тоа е тенденциозно и е прилагодено на интересите на владеачката партија нејзината Влада.

Членот 4 непотребно е поделен, посебно "Право да избира и да биде избран, со членот 5, каде се операционализира нешто поопширно, но се греши катастрофално, кога се ограничува за државјани кои се наоѓаат "на издржување казна затвор", дури да избира, за кое нема конкретно, а ние преку посебен амандман бараме бришење на ал.3, ст.1 од член 5.

Една многу погрешна одредба дека "Пратениците не можат да бидат отповикувани" со ист текст е префрлен од членот 6 во 8, но за да се исправи оваа кардинална грешка треба да се измени членот 62 ст.4 од Уставот, од кого е дословно препишано, само што во законскиот предлог се употребува во множина!

Почнувајќи од членот 9 и во поголемиот дел само се препишуваат одредени правни институции без никаква измена или само со игра на зборови од типот на хронологијата од синтактична природа и не само што не се земени во предвид забелешките, предлозите и сугестиите и од страна на некои конструктивни расправи на поедини пратеници за време ва првата фаза,туку во многу случаи и порестриктивни одредби како за инает, односно со скривена намера да му одговара на предлагачот со обидување да ги добие и овие парламентарни избори, но и другите ги имаат своите пресметки и модуси. па како такви ќе превземаат соодветни мерки за одбрана на своите и народните интереси.

По овој повод не сакаме да должиме околу најголемите грешки, бидејќи на соодветен начин интервенираме со соодветен амандмани каде имаме напишано и многу кратки образложенија за истите и нешто поопширно ги браниме истите., почнувајќи од членот 2, 5, 15, 16, 2^36, 81,94 , 100 и 101.

Ако вршиме компарација помеѓу првата и конечната верзија или пак подетално за оваа последната скоро за секој член има што да се каже и обрнува вниманието односно негира во целина, што ќе беше подолга расправа суи генерис.

Меѓутоа, по овој повод треба да се истакнуваат некои други елементи поврзани со тоа: Имено, уште за време на првото воведно излагање на претставникот на Владата на владеачката партија на СДС, со полни контрадикторности дека, од една страна, наводно, "Со овој Закон треба да обезбедиме, пред се,задржување на добрите решенија од нашата досегашна парламентарна пракса и создавање на дополнителни услови за стабилност на политичкиот систем, односно за формирање на стабилна влада како услов за продолжување на демократските реформи за кои постои консензус меѓу политичките партии во М.", но подолу признава дека треба да постои и "зголемување на задоволството на граѓаните и на нивните политички партии од изборните закони, од можноста што тие закони ја даваат за избор на најдобрите претставници на народот во Парламентот, како и во зголемувањето на чувството дека гласот на секој избирач има подеднаква важност.".

X/ 5. -

И кога би било така, и након новите тенденции,носталгијата за минатото и упоредува-њето наводно дека "мнозинскиот модел во разни негови варијанти останува и понатаму во сила во држави, како што се Франција, Англија, Канада, Индија, Египет" и т.н. Вкупно во 114 земји во светот односно во 54 %...се користи со овој модел, не не интересира многу, бидејќи се различи-ти и условите и тоа ие значи дека и тие земји се во право. Ако им одговара на нивните избира-чи и на демократијата нека си ја задржат,додека во нашите балкански услови а посебно кај нас без традиција од овој вид не одговара никако, а посебно кога се работи за земја со мултиетникум состав на населението!

Поради овие причини беа и реагирањата на поголемиот дел на политичките партии, но тие или не ја ; постигнале својата цел или не ги прашуваше владеачката партија и нејзината Влада или пак се манипулирани за лични или групашки тесни интереси и беа принудени да пристанат на еден скоро никаков компромис!.

Ако навистина ниеден од политичките субјекти не предлагал зголемување на бројот на пратениците До уставниот максимум, како ниту компарацијата дека Словеначкиот парламент брои 90, Словачкиот 83, нема никаква врска со нашите услови, иако, да бевме во други прилики, јас би се определил и за минимум, напр.за 50-100 пратеници што ќе требаше да се измени и Уставот, но, бидејќи се злоупотребува и бројот од 120 пратеници и оди на штета на другите национални колективитети, посебно на Албанците и за да би се поравнала оваа аномалија предлагаме максимумот од 140 пратеници!

Предлагачот како да признава дека се плаши од порадикални промени т.е. за прифаќа-ње на пропорционалниот модел, иако признава исто така дека овој модел многу успешно фу-нкционира во Австрија, Белгија, Данска, Норвешка, Турција и т.н. односно во 75 земји во светот или пак во 35 %!

По пат на Италија и Германија, Русија и Унгарија, како и 22 земји односно 10 %, познат како полупропорционален, исто така е работа на нивните услови и упоредувања, се види и од бројот и процентот на разните земји е многу опасно и не може да се применува букфално!

Кога сме кај мнозинскиот модел, тој ниту некогаш им одговарал, ниту им одговара, ниту пак ќе им одговара уште за децении, или и векови на нашите услови.

Што се однесува до пропорционалниот, тој има една мала предност,бидејќи постои можност да се "постигне по реална застапеност на политичките партии во Парламентот, мерена според бројот на добиjените гласови", но, катастрофално е нда се наведува дека "ќе се добие по компетентен парламент преку можноста секоја од партиите своите најспособни кадри да ги стави на пропорционалните листи", бидејќи не е тешко и најслабите кадри со најмалку 500 изјави на граѓани да основаат една партија, да ги манипулираат во одредените средини и да ги кандидираат нивните челници, додека на страна да си останат многу по способни кадри кои не сакаат да се занимаваат со партиски игри!

Трошоците би биле навистина помали, али последиците и од материјална гледна точка во перспектива се многу поголеми и од овој аспект!

Со чист пропорционален модел : постои можност за пофорсиран плуралистички парламент, но, стручно исто слаб, ако не и послаб дури и од лошиот мнозински модел!

За нашите специфични услови нема некоја релевантност и фактот што во 61 % на Западно-европските земји го практикуваат пропорционалниот, додека во 2/3 е чистиот пропорционален или комбиниран изборен модел!

Било кој модел да се прифаќа, за демократски и фер избори макар и да се обезбеди "увид од страна на граѓаните и нивните политички партии и да се отсранат навреме евентуалните негативности во избирачките списоци и сите сомненија дека некој сака со нив да манипулира", оваа можност исто така може само малку или никако да ја измени состојбата, бидејќи од една страна рокот е многу краток или граѓаните не се информираат доволно или не се доволно упатени или рамнодушни затоа што во овој поглед немаат демократски навики а за оваа имав и лична перцепција кога во мојата изборна единица за цела недела се јави само еден граѓанин и тоа во туѓо име и не сврши работа ниту за една стара жена! Излезот е само во посетата на надлежните, како и на партиите сами да ги проверуваат и запишуваат незапишаните избирачи , кои се присатни, како и другите кои не се дома, вклучувајќи ги и тие кои се наоѓаат на пат или вон земјата и ажурноста на оние кои ја немаат уште регулирано проблемот на повторното стекнување на државјанскиот статус!

X/6.-

( Крајот на дебатата за Предлог - закнот за избор на пратеници во Собранието на РМ.):

**НЕГИРАЊЕ НА ДВАТА ИЗБОРНИ МОДЕЛИ И ПРЕДЛАГАЊЕ НА ДВА НОВИ:**

Секако е јасно дека со донесувањето на овој закон овој дом, доцни многу и досегашниот веќе не може да се применува и дека мнозинскиот модел во нашите услови не одговара никако!

Применувањето на овој неадекватен модел доведе до тоа да составот на овој Парламент исто така да биде дискриминаторски во однос на Албанците и другите помали национални колективитети кон живеат во Македонија,во однос на Македонците.

Имено, покрај другите злоупотреби на изборните комисии,избирачките одбори и т.н.,голем "допринос" во негативната смисла на зборот, дадоа и дефектите на овој модел, биејшќи се губат гласовите во разните изборни единици, некои пат и до недозволен максимум до 49,99 % на штета на Албанците и со тоа се губи голем број на пратенички места, што уште по драстично ја намалува не само фактичката состојба, туку и намалената службена на националниот состав на населението спрема последниот и нереалниот попис од 1994 г.

Конкретно, од 120 пратеници, ако се признава процентот на исламската верска заедница од 55 % , тогаш во овој дом треба да има токму 66,5о патени- ци од оваа конфенсионална припадност. Ако се прифаќа максималното определување на Албанците од 40 %,тогаш во овој дом треба да има 48 пратеници Албанци докда ако се приваша најниската граница на сите партии на Албанците од 1/3 т.е. 33,33 %,тогаш треба најмалку 39,99,6 односно рамно 40 пратеници Албанци. Но, иако и неслужбената нереална реалност од 23 % жители Албанци, што е минимум над минимумот од 27,6,т.е.28 пратеници,на Албанците им се одземени токму 9 пратеници, иако за овие четири-пет години се знае колку е природниот прираст на Албанците и со службени анализи од околу 30 %,што ќе значеше дека на овие есенски парламентарни избори од 1998 г. треба најмалку да имаме во овој Дом 36 пратеници Албанци.

Слична и несразмерна е состојбата и со помалите национални колкективитети, како што се турците, кои место еден пратеник, каква е состојбата сега, треба едно 5- 6 пратеници, како се изјасни и нивната партија.

Слично е и со Ромите и т.н.

Во овој контекст, на штета на Албанците и другите фаворизирани се Македонците односно во прв ред владеачката партија на СДС наместо со најмногу 78,сега има 98 пратеници т.е. токму и тоа према нереалната службена евиденција 20 пратеници повеќе,т.е. во прв ред на штета на Албанците,а сега и службено веќе нема 65, иуку околу 60, а тоа значи дека на идните парламентарни избори се што може да биде повеќе од половината т.е. од 60 пратенички места отворено на штета на Албанците и другите национални колективитети без разлика на тоа кој изборен модел ќе биде прифатен!

X/7.-

Тоа е реална слика овој состав на Парламентот и од национален поглед и од партиската мината игра, македонците и владеачата партија на СДС толку голем број на пратеници стоеле четири година на туѓи пратенички клупи!

Од сите изборни единци каде живеат во мнозинство, во значителен или во помал број Албанци, почнувајќи од Куманово, Шкуп - Скопје, Тетово, Гостивар, Струга, Крушево,па и Битола, Прилеп, Ресен и т.н., каде Албанците требаше да имаат поголем број на пратеници да не беше во прашање и играта со мнозинскиот принцип каде што уште по конкретен пример имаме со Керчовца - Кичево:

Спрема геополитичката состојба на распоредот на населението, па и националната припадност, треба да има ниту помалку, ниту повеќе туку токму пет пратеници, без обзир на територијалната поделба и бројот на избирачите, по која исто така е во согласност и со досегашното и со идното распоредување. и тоа по еден пратеник Албанец мора да има регионот на Зали и Зајазит –з ајашката Река, еден Ретхрт - Зали и Тухинит-
Туинската Река и еден во самиот град. Додека Македонскци двајца и тоа во градот и македонските села со дел од градот од кои во секој пети мандат едниот треба да е со ротација турчин, а секоја десетта година ром и т.н.

Меѓутоа, во сегашниот состав на овој Парламент,како што е познато Заедничката општина Керчова - Кичево дри и спрема нереалниот службен попис од 1994 г., со 52, 6 % Албанци има еден пратеник, додека со 39 % Македонците имаат двајца, што не може веќе да се толерира во никој случај!

Се поставува прашањето: да ли оваа состојба воопшто во Македонија ќе ја исправи предложениот модел: комбиниран мнозинско - пропорционален: 85:35!

Кога веќе се признава скоро од сите партии и други фактори дека мнозинскиот систем има толку дефекти и треба да се измени, зошто се оди на таква мала и скоро безначајна измена кога може тотално да се одстрани мнозинскиот принцип како кочница во секој, а во прв ред во националниот поглед!

Поголемиот дел на партиите, посебно парламентарната и вонпарламентарната опозиција, па и пошироката јавност се определија за пропорционалниот принцип, кој навистина е поефикасен, по ефтин и во однос на мнозинскиот модел има поголема предност.

Комбинариот како се предлага е уште една фарса на владеачката партија на СДС, која по секоја цена се обидува да остане на власт, иако и тоа нема да и биде доволно!

Иако има некои наведени предности пропорционалниот изборен модел, неговиот генерален недостаток за сите партии и национални колетктивитети е што во некои ќе злоупотребува за кариеристички, локалистички, материјално - финансиски, клански, групашки и други тесни и од етичка гледна точка недозволени интереси,бидејќи, не секогаш, се кандидираат најслабите кадри, кои од познати али и неоправдани причини се наоѓаат на врвот на раководството на поедините партии и како такви ќе им се наметнуваат и на претседателствата, собранијата, па и на нивните конгреси и бидејќи иститe сами ќе бидат на првите места на листите на кандидати, постои голема опасност во Парламентот да дојдат и многу слаби односно најслабите кадри, што ќе беше на голема штета на граѓаните, затоа што нема да ја извршуваат на

X/8.-

стручно и квалитетно ниво својата функција во легислативната власат, туку од нив ќе произлегува и слава екзекутивна власт,т.е..Владата на РМ!

Од овие причини, со едно многу длабоко, рационално, објективно, реално размислување и анализирање на нашите специфични прилики, а тоа може да им служи и на други земји со исти прилики, јас ,лично, мислејќи дека ова ќе го приваќа и пошироката јавност, без дилема и на категоричен, али и креативен, т.е.творечки начин, ги отфрлувам двата овие предложени модели како надекватни и пртедлагам два нови од кои едниот суи генерис т.е. од своја врста, беше некако во сила за време на парламентарните избори од 1969 г...

Имено, место предложениот мноизинско - пропорционалниот принцип:85:35, предлагам ГРАЃАНСКИОТ ПРИНЦИП и НАЦИОНАЛНО- ПРОПОРЦИОНАЛНИОТ ПРИНЦИП: 70:70!

По конкретно: и за едната и за другата варијанта модел или принцип на собирите на избирачите во секоја месна заедница од мнозинството на присутните избирачи од една петина односно 20% за секој модел се предлагаат најмалку по двајца кандидати за секоја изборна етница и тие кандидати кои ќе добиваат најмалку 20 % односно една петина во секоја месна заедница се истакнуваат како кандидати во едната и другата кандидатска листа, додека понатамошната процедура продолжува на нормален предвиден начин.

Се гласа само во еден круг и кандидатот кој добил било тоа и еден глас повеќе во листата на кандидати сперма граѓанскиот модел е добитник, додека во листата на национално - пропорционалниот со една изборна единица во цела РМ тие кои имаат добиено повеќе гласови се распоредуваат спрема националната припадност за да се исправи аномалијата на граѓанскиот принцип , за потполна национална рамноправност на сите национални колективитети спрема нивниот сегашен реален процент во цела РМ. Се предлага максимот на бројот на пратениците предвиден со актуелниот Устав на РМ ,за да се запазува поквалитетно оваа рамнотежа и да се навикнеме на потполна национална рамноправнот со оваа корекција!

Со тоа, улогата на политичките партии не е намалено, туку кампањата можат да ја водат нормално, само малку на посоодветен начин со фаворизирање на нивните кајспособни кандидати.

Секако дека ова е нешто ново, креативно т.е. творечко и треба време за размислување и стабилизирање на мислите, акциите и дејностите, па и поради овие причини предлагам овој Предлог-закон да се смета како нацрт и истиот да има уште една фаза за поширока консултација и со политичките партии, граѓаните и меѓународниот фактор посебно странските експерти со едно научно-правно образложение суи генериес.

Само на овој начин ќе имаме квалитетен и рамноправен Парламент и иста или слична Влада. Во спротивно, се ќе биде како и досега! Благодарам - Тунг.!

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор господинот Јован Лазаров.

Пред тоа министерот за правда Горѓи Спасов има кратка интервенција.

**ГОРГИ СПАСОВ:**

Почитуван господине потпретседателе, почитувани господа пратеници, јас навистина не разбирам во име на која политичка партија говореше денес господинот Сали Рамадани и во име на која парламентарна група од две причини. Една е колку што знам дека парламентарната група или политичката партија која тој ја претставува, наводно, ги напуштила институциите. Ако е тоа враќање во институциите, мене ми е многу драго.

Второ, во врска со Предлог-законот за кој тој говореше јас имав мошне долга и конструктивна дебата со лидерот на Демократската партија на албанците, господинот Арбен Џафери, кој меѓу другото исто така по тој повод достави до Министерството за правда само шест амандмани, во кои што во првата реченица вели дека во принцип тие се залагаат за пропорционалниот систем, меѓутоа би го поддржале и комбинираниот модел според кој 60 пратеници би биле из- брани на пропорционалниот принцип, а 6 0 пратеници на комбинираниот модел, односно нешто што исто така Министерството за правда и Владата го имаа предвид при конечната одлука за овој модел. Тоа е едната работа.

Второто на кое тие особено инсистираа и за кое господинот Џафери ми рече дека тие со големо задоволство би го поддржале законот, доколку биде прифатена таквата нивна иницијатива, а тоа е да не се прифаќа критериумот членови во Државната изборна комисија

предлагаат политичките партии кои во првиот круг од парламентарните избори добиле најголем број гласови, туку критериумот за предлагање во Државната изборна комисија и во избирачките одбори да бидат резултатите од последните локални избори. Тој предлог, тоа е амандман од господинот Џафери, е прифатен, што е во овој закон и од таму од вкупно практично шест амандмани кои тие ги предложија, три амандмани веќе се вградени во основниот текст на овој закон, со што се обидувавме максимално да ја почитуваме волјата и на еден таков политички субјект.

Сето ова што го слушнав навистина е сосема различно од она што мене ми беше официјално изнесено од лидерот на една релевантна политичка партија или релевантна политичка група. Меѓутоа, исто така, тие на крајот ни предложија еден амандман, кој што се мислам ние можеби треба да го прифатиме и за кој што ќе дебатираме во рамките на амандманската расправа, а тој амандман гласи вака:

"Ако некој пратеник ја напушти пратеничката група на партијата која го избрала во парламентот, тогаш на него по некој автоматизам му престанува мандатот".

Се надевам дека тоа не се однесуваше на господинот Сали Рамадани.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Реплика за господинот Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Недоразбирање, господа. Прво, ние помалку се знаеме, јас не сум Арбен Џафери, туку јас сум Сали Рамадани - Крчова, пратеник од Крчова - Кичево.

XI/ 3. -

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Кичево, употребувајте ги топонимите.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Недоразбирањето е во тоа што и минатиот пат на минатата седница и денес на многу благ тивок начин ви реков што е тоа повлекување, што е тоа оставка. Каде е оставката, ве молам? Членот 65, став 2 од Уставот вели дека пратеникот оставката ја поднесува лично на седницата на Собранието и ако треба да го објаснам тоа, не би сакал, но штом барате, ние како пратеничка група веднаш после одлуката на Претседателството на Демократската партија на албанците, односно на коалицијата Партија за демократски просперитет на албанците и Народна демократска партија одржавме еден состанок горе во нашата канцеларија и јас и уште еден пратеник, двајца од нас шест колку што бевме, без Арбен Џафери, одлучивме односно се прононциравме за оставка, четворица, тоа не е веќе тајно, за повлекување. Вие знаете дека ние два пати се повлекувавме, односно апсциниравме. Оставката ја барав и минатиот пат. Значи, господинот Арбен Џафери како претседател на мојата најквалитетна, најсериозна партија, со тие недостатоци кои сум ги рекол неколку пати, одлучив- ме во Претседателството за повлекување на пратениците, но мислат за оставка, не за повлекување за два-три дена, четири - пет месеци или шест. Сега, прво реков минатиот пат, можеби не сте следеле, Арбен Џафери треба да дојде тука на говорница, па прв да поднесе оставка како што бара Уставот - никаде; не пишува ни во статут ни во други програми, па по него ќе се наредевме сите ние уште пет други, тоа е нели првиот, па уште пет - шест, а јас седмиот со едно експозе од саат до два проштално и така ќе беше вред. Немојте вие да се мешате во тие наши партиски работи. Тоа е прво.

XI/ 4. -

Второ, каде се тие началници, градоначалници, советници кои дадоа оставка. Тоа е партиска работа, јас немам проблем со тоа, туку треба тука да се поднесе оставката, не знам каде се моите другари, треба да поднесат оставка ако треба тука. Јас ги чекам нив и спремен сум за оставка, но до 19 мај. Од тогаш веќе,уште шест месеци има мандат, да не кажам зошто што би направил после тоа, но јас сум за оставка, но сите, а не само јас. Но тоа е преку владеачката партија убаво наместено во партиски работи, ваму - таму, тие игри Сали Рамадани не ги јаде, да знаете. Сега што.

Кого претставувам? Јас го претставувам прво мојот електорат и мојата партија само делумно и тоа што напишал господинот Арбен Џафери амандмани, дали вие ќе ги прифатите тоа е ваша работа, јас ќе гласам за нив, но јас си имам 12 амандмани.

XII/1 НН/ЛБ

**САЛИ РАМАДАНИ:** (продолжение)

Во Уставот, господо пишува, пратеникот го претставува електоратот, но во своите настапувања во Парламентот е независен, самостоен. Јас сум пратеник кој претставувам електоратот, претставувам партија, а не своето лично име Сали Рамадани. Со тоа јас што го поддржувам тоа, значи го поддржувам предлогот. Значи повеќе од овие принципи сум за пропорционалниот, а не за комбинираниот или мнозинскиот, меѓутоа не краси еден творечки начин за нешто ново сите, значи јас го барам другото и мојата партија можеби ќе се согласува утре кога ќе види дека јас предлагам нешто подобро и за мојата партија и за бирачите. Тука нема никакво недоразбирање. Недоразбирањето не е со мојата партија, тоа е наша внатрешна работа, туку е со вас , со партиите со Владата.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Очигледно некои работи се разликуваат со статутот на пратеничката група на ПДП НДП.

Има збор г-динот Јован Лазаров.

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Почитувани пратеници, почитуван министер еве ја добивме конечната верзија на законот за избор на пратеници со кој што воведуваме еден нов изборен модел и во кој, убеден сум е вградено целото наше позитивно искуство стекнато во изминатите два изборни циклуса. Мое лично убедување е дека законот овозможува да се каже дека во Македонија се создадени услови за фер и демократски избори.

Со оглед дека партиите и од позицијата и од опозицијата имаат спротивни мислења, дијаметрални во некои погледи, кој изборен модел да се примени предложен е сега модел кој што е комбинација на мнозинскиот и пропорционалниот со 85 пратеници од мнозински изборен модел и 35 пратеници од пропорционален изборен модел. Гледајќи ги

досега предложените амандмани гледам дека некој предлага измена на овој дел од законот, што значи дека сите партии го прифаќаат овој дел што е суштински, за кој се водеше и најголема дебата во јавноста јавно преку средствата за информирање.

Познато е дека нашата партија беше да се усвои изборен модел кој ќе биде пропорционален, а Македонија да се подели на 10 - 15 изборни единци, но јасно е дека не можат сите предлози на сите партии да се прифатат и од тие причини Социјалистичката партија го прифаќа овој модел и ја спремна да излезе на изборите, се разбира и по овој модел.

Јас, ако се сеќавате на мојата дискусија уште при нацртот на законот реков дека не постои изборен модел за кој може да се каже дека е најдобар и не постои изборен модел за кој може да се каже дека е недемократски. Сите изборни модели кои што се применети во земјите со демократија се демократски модели, и право е на секоја држава да одлучи кој модел ќе го примени.

Досега не беше дискутирано зошто токму 8 5 пратеници со мнозински а 35 со пропорционален, иако во нацртот алтернативата беше да се оди со 80 пратеници мнозински дел а 40 пратеници пропорционален. Тоа беше едната алтернатива.

Втората алтернатива беше пропорционална, која што сега е отфрлена. Јас за мои информации правев некои пресметки како би изгледала поделбата на Македонија на 80 изборни единци, на 85 и на 90 изборни единици. По моја пресметка 85 пратеници во мнозинскиот е долен праг можен каде што Македонија може некако природно да се подели, без многу вештачки прегрупирања. Така на пример по овој модел Неготино, Ресен, Делчево, Гевгелија, Дебар сите се тие една изборна единица и целосно се вклопуваат во овој изборен модел кој

што точно одговара 85 пратеници по мнозински дел и 32 пратеници на пропорционален, без да се земаат населени места од други општини. По истиот модел Велес е три изборни единици и многу други места. Штип е две изборни единци, Кавадарци две, значи целосно се вклопува во овој изборен модел. За поголемите места како што се Скопје, Битола, Тетово, Куманово таму проблемот не е толку голем бидејќи и помал праг можеби одговараше, иако по мое лично убедување и 90 пратеници по мнозински дел ќе беше уште подобро затоа што тогаш можеше да се стесне онаа граница од плус минус 10%. Иако претходно имавме плус - минус 15% отстапување, тоа плус - минус 15 ќе беше веројатно ако се одеше на 80 или на нешто подолу број на пратеници избрани по мнозинскиот изборен модел.

Има забелешки токму на овој дел зошто е плус-минус 10%. Мислам дека тоа е објективно затоа што би било повторно вештачки префрлање на едни населени места од една општина кои немаат ни географски ни комуникациски врски со друга општина. Вештачки би гласале за пратеник од друга општина кој пратеник не може да доаѓа во тие места и само би се создавале компликации. Да е Македонија една рамница како што е Холандија, која што би имала врска во сите, не во четири правци , туку во шест, осум правци тогаш може да одиме на било кој модел и можеме да кажеме, дури да бидеме толку прецизни плус - минус 5% да го прифатиме. Но во овој предлог мислам дека плус - минус 10% е сосема доволно, но ќе има и од тоа во неколку изборни единици отстапување затоа што во законот се вели по правило ќе биде плус- минус 10%.

Мислам дека во законот има и едно рационално решение кое што околу поништувањето на изборите, тоа искуство го имавме во изминатите два циклуса каде што многу пати заради едно ливче кое се појавуваше вишок во гласачките кутии^ се поништуваа изборите и

гласачите главно се малтретираа да излегуваат по трет пат. Државата ја кошташе тоа заради тоа што мораше да ги плаќа сите комисии, а најчесто тие повторени избори не влијаеја на конечниот резултат. Само ќе споменам еден пример во Неготино, каде што се поништи во едно село изборот, иако вкупниот број на гласачи беа 500, а кандидатот бегаше 2000 гласа. Значи, сите 500 гласачи да гласале за вториот кандидат тој н можеше да го помине првиот. Значи толку беше убедлива разликата и толку очигледно дека тоа ливче не влијаело на резултатите. Мислам дека сега ова е едно решение кое овозможува да не се повторуваат резултатите. Се разбира, за тоа ќе цени изборната комисија, политичките партии ќе имаат право на жалба и до колку сметаат дека се оштетени дека тоа ќе влијае на резултатите ќе може тоа да се корегира.

Имаше доста дискусија околу професионализацијата на пратеничкиот мандат. Мислам дека тоа е неминовност, процес! кој што мора да дојде и во Македонија, но сеуште лично сметам дека во овој момент економскиот степен на развој на Македонија е недоволен кој што ќе гарантира целосно платен елемент кој ќе гарантира за судбината на пратеникот по завршувањето на неговиот мандат. Ние прво треба да донесеме закон за пратеници кој што еве веќе одреден број на пратеници го заговараат, подготвуваат и после тој закон ќе биде многу појасно што ќе биде со пратеникот кога ќе му заврши мандатот. Се разбира секој од нив ќе го изгуби работното место и потоа би станал работник без работа.

Имав и одреден број на амандмани. На пример предлагам одредени подобрувања на текстот. Начинот на гласањето е многу интересен, партиите да не бидат наброени под 1,2,3,4..., партиите да не бидат наброени под реден број па да се заокружува број, туку пред име-

то на кандидатот или пред името на партијата да се стави едно празно кругче кое што ќе се штиклира едноставно, или ќе се стави некој знак во тоа кругче така да гласачите нема да бидат подготвени да одат да гласаат за број 5, или за број 3 или број 4 туку ќе гласаат за оној кандидат за кој што тие ценат. Ќе мора да го прочитаат кандидатот или кандидатската листа односно листата на партијата за која што би гласале.

Потоа, доста дискусија имаше околу нумерацијата на ливчињата. Нумерацијата на ливчињата има и позитивни и негативни страни. Позитивни се тоа што не може да се уфрлуваат неограничен број на ливчиња подготвени, допечатени, препечатени, за кои што имаше сомнежи и во минатото дека се случуваат, но од друга страна кај мали изборни гласачки места кои имаат мал број на избирачи возможно е избирачкиот одбор да ги запамти ливчињата , броевите на ливчињата за сите кандидати што гласаат. Има села каде што се 20 гласачи, 15 гласачи или 30 гласачи. Комисијата може да ги запамти сите по редослед како доаѓале, така му ги дава ливчињата да ги запамтат и така сите лица за кои гласале со тоа што може целосно да се на- руши тајноста на гласањето. Или пак во голема изборна единица каде што има 1000 гласачи, не може да се запамтат сите, меѓутоа може еден кандидат на избирачкиот одбор да му каже те молам ти ќе ми провериш тој и тој дали гласал за мене. Овој може да запамти три или пет ливчиња, мислам еден член на избирачкиот одбор.

Од тие причини предлагам ливчињата да се поставуваат наопаку и да бидат измешани. Граѓанинот кој доаѓа да гласа сам да си земе ливче, така што никој не може да види кое ливче кој го зел.

Убаво решение има тука околу решението за функционерите кои што ги избира Собранието, Владата околу униформираниот дел на граѓаните било да се во полиција, било да се во армија. Тоа е добро

решение. Јас тука предлагам едно мало допрецизирање. Во истата група да спаѓаат и лицата кои што ги именува министерот, затоа што министерот е составен дел на Владата, така што тука суштински не се разликува, но станува појасен законот дека се однесува на сите лица кои ги именува Собранието, Владата и министерот како составен дел на Владата.

Можам да кажам дека голем број од забелешките што ги дадовме и како партија при разговорите со министерот, овде еден пратеник кажа дека ова е најконсултиран закон, со најмногу консултации правен со политичките партии и во мојата дискусија која што беше како претставник на партијата голем дел од тие забелешки се вградени и јас му благодарам на министерот што ги прифатил тие за- белешки. Засега толку а ќе си дозволам да ги образложувам повторно моите амандмани.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-динот Игнатие Богдановски.

**ИГНАТИЕ БОГДАНОВСКИ:**

Г-дине потпретседателе, г-дине министер, дами и господа пратеници,

После вака долга дискусија, доста и елоквентни, доста и квалитетни дискусии, како што имавме прилика да ја слушаме дискусијата од претседателот на ЗПК и аспектите на овој закон, а нашите согледувања човек може да си постави едно прашање, дали е релевантен да суди за еден законски проект, не она што се случува во пракса, па некаде и да погреши. Човечки е да се погреши а сигурно од оваа говорница досега не еден дискутант дискутирал за прашања кои што релативно добро не ги елаборирал.

XII /7

Ако направиме една анализа од она што сме во можност да го пратиме делот на изборните законодавства, повеќе резултатите од изборите во постарите парламентарни демократии од една страна, ако сме свесни и ја знаеме законската регулатива која беше во из- минативе два мандата на изборот на плуралното Собрание на Македонија ќе видиме дека полека навлегуваме во доста правични односи. Кога велам правични не би сакал да го употребувам зборот демократија бидејќи од оваа говорница е дотолку многу експлоатиран што во крајни граници можеме да кажеме дека тој збор премногу е толку употребуван за кој што и некогаш и не сме свесни за суштината на тој збор.

Правичноста, а правичноста во законска регулатива секогаш се подведува под прагот на сомневање. Правично е оној кој што ги добива бенифициите, резултатите од изборниот дел. Секогаш во битието на човекот постои некое сомневаше и секогаш тоа сомневање, секогаш човекот има мислење дека нешто не е реализирано поради некој што му донел законска регулатива или некој друг кој што е крив за тоа заради тоа што тој не ги остварил своите цели, амбиции, а во прв ред тоа се интереси.

Сметам дека овој закон е добар, затоа тшо во границите на моите познавања и кога ќе го прочита човек нуди многу либерални и демократски сваќања во делот на изборната регулатива. Друго е прашањето како ние ќе го реализираме во пракса.

Најголем недостаток на овој закон во овој момент е тоа што нема да ни гарантира на никој повторно избирање во овој Парламент, па и на некој останати релевантни политички партии во државата кои што не се во овој Парламент во овој момент. Тоа е закон кој што сите го кажуваме, и политички субјекти и индивидуално, амбиции на делот на тој парламентарен колач, затоа што оттука произлегува и власта. А власта познато е дека е примамлива. Таа секога нуди одредени разрешувања

на проблеми, а секогаш амбициите на луѓето и човечки е да се градат ѕредности индивидуални, па и општествени, државни и тн.

Во една прилика по повод реизборот или изборот на г-динот Џафери за повторно во Парламентот искажав една мисла која што денеска ќе ја повторам. Јас бев за тоа повторно да се распишат односно мандатот на г-динот Џафери повторно да се валоризира во овој Парламент. Тргнувам од констатацијата дека овој закон кој што нуди мнозински и пропорционален, на пропорционалната листа ни нуди да најзначајните кога велам најзначајните, а мислам на релевантни политички субјекти во партиите имаат можност да дојдат во овој Парламент со тоа што битката вербална и таа борба ќе се води во Парламентот а не од аспект на националности и национално да се води некаде на улиците кои што во крајниот биланс пак страдаат други. Тој елементи ќе ни донесе една голема демократичност, а сигурно можеби седниците на тој парламент ќе траат и многу долго меѓутоа битно е нашиот народ, граѓаните на РМ исто така се релевантен субјект кој што може да цени, да суди и да пресудува за вредности не само на политичките , туку и на индивидуалните субјекти што се наоѓаат во овој Парламент. Тоа е она што ќе го добиеме со пропорционалниот систем односно дел на пропорционалниот систем.

Вториот елемент е мнозинскиот без оглед на многу луѓе кои што сметаат дека тој сепак со себе си носи одредени застарени сваќања дека некаде само со еден глас некој може да добие условно да стане пратеник во Собранието и тн. иако можеби во тој го карикирам, сепак популизмот, вредноста на партијата и на индивидуата одлучува за обезбедување на интересите на граѓаните. Ние секогаш сакаме и секогаш велиме дека сме за интересот на граѓаните. На македонското плурално небо, или како сакате имаме еден куп политички

партии. На овој начин ќе дојдеме со подигнување на цензусот на прагот изборен, дојдеме во ситуација  дека политичките, така да кажам релевантните партии и субјекти да бидат намалени.

XIII/1.- СС-ВБ

**ИГНАТИЕ БОГДАНОВСКИ:** (продолжение)

Морам да кажам, иронија на политичкото небо кај нас е кога претставник на некоја политичка партија свикува конференција за печат, никаде не е застапен ниту бил застапен до сега и кажува дека, условно, јас, мојата политичка партија нема да коалиција со таа и таа политичка партија што е во најмала рака стопати поголема од неа. Следниот ден друга политичка партија итн. итн. Не е тоа труење, но ние во оваа држава многу го исполитизиравме граѓанинот. Во крајна мерка сите луѓе се ориентираат кон политика и политикантство, но во оваа држава има и други многу поважни критериуми, вредности за што треба да се бориме.

Елементот на што посебно сакам да се осврнам е што политичките субјекти низ закон ја имаат регулирано кампањата за избори. Кампањата што во изминатите парламентарни избори, ако во првите парламентарни избори уште не бевме свесни за вредноста на политичката кампања, во вторите парламентарни избори се случуваа нонсенс ситуации во оваа држава. Во културниот свет, во светот каде парламентарната демократија долги години, а ние имаме возможност да отидеме во светот и да видиме како на едно пано или на одредено место сите пропагандни материјали или релевантни кандидати на одредени политички партии се на исто место. Ние,односно тие граѓани ќе одлучуваат од тој критериум не се тоа дали некому му извадиле очи или напишале ваква парола или онаква или сме го уништиле градот, сме ги уништиле градовите со сето она што е во таа кампања, а подоцна нема никој кој тоа да го санира. Станува една руина. Оние што не добиле, сметаат дека е направен елемент на штета на нив и дека секој во секого се сомнева.

Мислам дека законот, како законска регулатива, вака како што е денеска, да видиме во практика како тој со измена на амандман со амандманска измена како ќе се покаже. Па, ќе стигнат нови пратеници

XIII/2.-

и со развивањето на тој плуарален демократски систем ајде да го употребам уште еднаш тој збор "демократски систем" ќе може нешто и во ход да оставиме и на другите парламентарци нешто да менуваат во делот на таа законска регулатива.

Вака, веднаш се смета дека оваа политичка партија го прилагодува законот за себе, другите за себе, третите за себе. Дали тоа се создава елаборација за нешто да имаме оправдување пред нашите гласачи, пред нашиот електорат? Меѓутоа сите се залажуваме ако сметаме денеска на нашево плурално милје дека граѓанинот е така еден релативно инсуфицијентен субјект дека ние можеме до крајни граници да го лажеме, било да е позиција или опозиција кога утре ќе дојдеме на власт ќе тече мед и млеко.

Суштината на проблемите ќе се појавува секогаш и трендот на вредностите треба полека да ги создава.

На крајот би завршил, секој закон со себе носи ригорозни пресекувања на одредени вредности. До тука важело тоа, од утре или од овој момент важи се. Политичките војни зависат од политичките субјекти и релевантните политички партии и нивните политички раководства и се она што ќе се случи на теренот, во градовите, на цела РМ одговорноста е нивна. Не е електоратот. Само инструкциите што доаѓаат од разните политички партии односно од политичките партии, тие се оние за кои што не можеме да побегнеме одговорноста и ние што сме сега во парламентот, позицијата и опозицијата и сите оние други релевантни субјекти. Тоа се оние што ги иницираат, а секогаш вината оди на другите.

Како тоа ќе се спроведе ќе зависи пред се од законската регулатива, но и од луѓето овие избори да бидат во границите на норма лата, правични, а правдината уште не е до крај идеализирана, дали за еден што е право, за другиот не е право итн.

Овие мои искажувања, како лични ставови и размислувања во делот на оваа законска регулатива сакав да ги изнесам пред овој аудиториум затоа што имам еден впечаток, ретроградно на повеќе седници на парламентот влеговме, уште веднаш пред донесувањето на законската регулатива да се создаде една клима на условно, "крвни антагонисти" што можат да предизвикаат многу проблеми во делот на новите парламентарни избори во Македонија.

Вистината што се изнесува од оваа говорница секогаш не е вистина. Ќе слушнете математики, статистики итн. Научни докажувања, а познато е дека статистиката е најидеална, така да речам наука ато може да ги искриви фактите во зависност од тоа која статистичка мерка се користи и на кого таа мерка му служи во тој период.

Благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-динот Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитуван министер за правда, почитувани дами и господа,

Иако атмосферата во највисокиот законодавен дом не соодветствува на тежината на прашањето за кое разговараме, слободен сум да кажам дека не е потребно да се трошат аргументи за да се докажува од колкава важност за легитимноста на поредокот во РМ е донесувањето на законот за избор на пратеници. Пред се, поради неспорниот факт дека со него директно се врши обликување на изборниот модел што ќе се применува за избор на пратеници во РМ, дека тој директно ќе влијае врз стабилноста на политичкиот систем, затоа што индиректно врши повратно влијание врз стабилноста на целиот систем во РМ.

Од тие причини мислам дека денеска, односно овие денови ќе донесеме една многу крупна одлука од која што ќе зависи развојот и обликувањето на политичкиот систем на Македонија и легитимноста на период.

Иако приказната за изборниот модел заврши веројатно со претходната расправија и со ставот на Владата да се излезе со предлог за ваков ваков изборен модел, слободен сум да дадам одредени коментари посебно мотивиран од воведното излагање на почитуваниот министер за правда изнесено на почетокот на расправата на оваа седница.

Неспорен е фактот дека РМ ќе биде, заедно со Белорусија единствена држава во Европа од оние таканаречени земји во транзиција на југоисточна Европа што ќе го практикува мнозинскиот модел затоа што моето мислење е дека ова на некој начин е корегиран мнозински модел а не комбиниран мнозински модел затоа што е доминантно влијанието на изборниот модел во вкупниот број на избрани пратеници во Собранието на РМ. Најголемиот дел од државите во Европа се определија за пропорционален изборен модел, со исклучок на поголемите Франција и Англија. Меѓутоа, во Англија во моментов има огромна тенденција за менување на изборниот модел, затоа што сите на некој начин сфатија колку е немилосрден изборниот односно мнозинскиот модел затоа што не овозможува адекватно пренесување на волјата на избирачите преку доделувањето на мандати за пратеници во Собранието на РМ.

Меѓутоа, веројатно се навикнавме да бидеме исклучок или да учиме на сопствените грешки, наместо да учиме на туѓите грешки. Постојано сакаме да бидеме уникатни да бидеме исклучоци и не знам каде тоа ќе не доведе. Наместо да учиме и да гледаме од тие кои го измина- ле патот по кој ние сега одиме.

Според мене, неспорно е дека нема идеален изборен модел. Дека и мнозинскиот и пропорционалниот модел имаат свои предности и негативности. Меѓутоа, неспорен е фактот дека грото од предностите

се на страната на пропорционалниот изборен модел, затоа што според мое мислење единствена предност на мнозинскиот изборен модел, што е доминантен во моделот што го нуди Владата на РМ е фактот дека пратениците кои ќе бидат избрани по мнозинскиот модел имаат директна конкретна врска со избирачкото тело во РМ и ќе можат гласачите да се идентификуваат со нив, за разлика од тие што ќе бидат избрани по пропорционалниот модел затоа што цела држава ќе претставува една изборна единица.

Меѓутоа, исто така неспорен е фактот дека за разлика од пропорционалниот модел, од мнозинскиот, пропорционалниот има огромни предности затоа што:

Прво, не е многу скап и не трае долго како мнозинскиот дел Повеќе ги стимулира граѓаните да излезат на гласање затоа што обезбедува вреднување на секој глас на гласачите во РМ изразено преку доделувањето на мандатите, овозможува во Собранието да влезат многу поквалитетни народни пратеници за разлика од мнозинскиот изборен модел и овозможува да влезат поголем број на жени, млади стручни кадри од одредени области што исто така се неопходно потребни на овој Парламент. Исто така, затоа што тој модел ги стимулира партиите да се организираат насекаде во земјата да имаат свои подружници, затоа што секој глас било каде на територијата на РМ е многу важен. Затоа што ги принудува партиите на поголема соработка и кооперативност во создавање на Владата и активностите на Владата. Затоа што овозможува создавање силна опозициона партија и на крајот на краиштата затоа што тој изборен модел, односно со тој изборен модел на минимум се сведуваат манипулациите во текот на изборниот процес.

Аргументите што се даваат дека наводно мнозинскиот изборен модел овозможува стабилно мнозинство и стабилна влада, на примерот на Република Македонија се покажаа како неточни, како што се покажа

неточен и фактот дека тој изборен модел доведува до создавање на двопартиски политички систем затоа што во Македонија, што е држава каде егзистираат и голем број национални партии односно партии на малцинствата, е невозможно тоа да се случи.

Примерот со Македонија покажува дека на изборите во 1990 година односно на првите избори иако имавме мнозински изборен модел, не успеавме да создадеме стабилна политичка влада, односно избравме експертска влада која за две години мораше да го отстапи своето место на политички избрана влада. На изборите во 1994 година се по- кажа дека може да се добие стабилна влада, меѓутоа стабилноста на Владата секогаш не значи и одговорна влада и одговорно вршење на функциите од страна на Владата на РМ.

Ова сакав посебно да го потенцирам заради изнесените ставови од страна на министерот во неговото воведно излагање гато беа опфатени во четири тези од кои:

Првата беше дека овој изборен систем ќе обезбеди повисока стапка на проодноста политичките партии во Парламентот, односно ќе обезбеди поголема рамноправност за политичките партии, поголема можност на политичките партии кои имаат свои претставници во Парламентот, што не соодветствува на вистината. Тоа се аргументи што повеќе одат во прилог на пропорционалниот изборен модел или на изборен модел што би бил, да речам, 50% пропорционален, 50% мнозински, или поправилно ги трансформира добиените гласови на избирачите во пратенички мандат. Поправилно трансформирање на мандатите од класичен пропорционален модел, што беше до сега неизмисливо.

Втората негова теза беше дека со овој изборен модел се обезбедува повисока заштита на избирачкото право и дека со тоа ќе се дојде до поголема гаранција за фер и демократски избори.

XIII/7.-

Третата теза дека тој ќе обезбеди стабилно мнозинство во Парламентот за обезбедување повисок квалитет на пратениците.

Четвртата, да се намалат трошоците за избор на пратеници, што апсолутно не е точно, затоа што пропорционалниот изборен модел до максимум ги сведува трошоците, до минимум ги сведува трошоците и на политичките партии во градењето на изборната кампања, ако и на државата која е организатор на изборите.

Овие тези се најдобра потврда дека политичарите многу чест можат едно да мислат, друго да прават, а трето да зборуваат, што е далеку од вистината и реалноста.

Морам да признам дека сум пријатно изненаден од ставот на Владата дека е расположена за соработка и дека прифати еден од најважните амандмани на опозиционите партии во Македонија, во вториот изборен круг да се пласираат двајцата кандидати кои ќе освојат нј- многу гласови во првиот круг. Мислам дека е добро тоа што Владата го прифати, затоа што ако останеше решението што сега е составен дел на законот, за кое Националниот демократски институт со седиште во Вашингтон, во неговата експертиза кажа дека ова е крајно необичен мнозински систем и дека ваквите изборни модели се многу ретки во светот, се овозможува концентрација на гласачите во вториот изборен круг, односно вниманието на гласачите ќе биде концентрирано на помал број кандидати, со што ќе се знае идентификација на гласачите со кандидат на позиција или со кандидат на опозиција, со што и легитимноста на пратениците ќе биде зголемена, затоа што зад нивниот мандат ќе стојат значително поголем број кандидати, во споредба со првиот предлог, доколку во вториот круг беа пласирани сите кандидати што ќе освојат најмалку 7% од гласовите. Со тоа фактички првиот круг ќе беше непотребен, затоа што скоро сите кандидати ќе се пласираа во вториот изборен круг.

XIII/8.-

Исто така е добро што Владата на РМ прифати дел од амандманите упатени на органите за спроведување на изборите. Иако не сме до крај задоволни со предлогот на Владата да се редуцира бројот на судиите на три судии во Државната изборна комисија ние повеќе го преферираме ставот што е од истакнати професори од Правниот факултет во Скопје, користејќи ги сознанијата и искуствата од светската практика и, тргнувајќи од членот 100 став 3 од Уставот на РМ каде што се вели дека "судската функција е неспоива со вршење на друга јавна функција и професија или со членување во политичка партија", а не заради начинот на кој се избрани судиите од парламентарното мнозинство во Собранието, како што тоа го кажа во своето излагање министерот за правда. Пред се, заради одредбите на Уставот на РМ би било добро да се направи напор да се најде поинакво решение за составот на органите за спроведување на изборите.

Многу важно прашање е статусот на пратениците во новиот состав во Собранието на РМ. Аргументите што беа изнесени до пратеникот Лазаров, што можеа да се слушнат и во настапите на претставници на Владата и на СДС дека ова Собрание не може да издржи товар за професионално ангажирање на 120 пратеници и дека економската развиеност на државата е на такво ниво да мора да се задржи постојното решение, мислам дека е погрешно толкување за да се задржат постојните состојби такви какви што се. Фактите зборуваат дека воопшто нема да се зголеми Буџетот на Собранието на РМ доколку пратениците професионално ја извршуваат својата функција, а на сметка на тоа Собранието ќе биде многу подинамично, може да биде во постојано заседание и да ја извршува својата функција на многу подобар начин, во споредба со претходниот период. Тоа е така затоа што сегашната состојба, таква каква што е, гледаме дека не доведе во ситуација скоро на секоја седница да се судираме со проблемот на кворум, затоа што најголем дел од пратениците се директори, раководители, вршат некои други професии или функции и, на некој начин пратеничката функција им е од второстепено значење.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:** (Продолжение)

Исто така, јас би замолил поголем степен на соработка од страна на Владата во врска со неспоивоста на вршење пратеничка функција со профитна дејност, што е стандард кој е вграден во многу држави. Јас тука ги имам искуствата, конкретно во вид на закони од Полска и од Словенија. Мислам дека тоа се многу современи, многу добри решенија, кои ќе овозможат пратеничката функција до крај да се врши многу чесно и одговорно во име на граѓаните на Република Македонија и да не се злоупотребува за приватни цели, затоа што е факт дека еден дел од пратениците, посебно тие кои се занимаваат со приватен бизнис или кои се наоѓаат на одговорни функции во своите претпријатија, често пати ја злоупотребуваат или ја употребуваат пратеничката функција за стекнување на некакви привилегии или за полесно завршување на некои обврски за фирмите. Нешто што не им е достапно на останатите граѓани на Република Македонија, кои не се во нивната позиција и мислам дека тоа треба да биде уредено дел со овој закон, а дел со законот кој долго време го чекаме за неспоивост на јавна функција, вршење на јавна функција со профитна дејност.

Исто така, за мене е многу важно во законот да има точна одредба со која би се забранило во време на изборната кампања да се организираат манифестации од типот ставање на камен темелници, сечење на ленти за пуштање во употреба на некои објекти, затоа што таквите објекти се градат со средства или од Буџетот на Република Македонија, или од јавни фондови или со средства од јавните претпријатија или со средства од јавни фондови или со средства

од јавните претпријатија или со средства кои се собрани од референдум, значи, со средства од граѓаните на Република Македонија. Многу е непродуктивно и штетно таквите манифестации организирани во текот на изборната кампања да се употребуваат и злоупотребуваат за правење на партиски маркетинг, а тоа го имавме премногу и за локалните избори во 1996 година, како и за претходните парламентарни избори. Ние предложивме амандман со таква содржина и би било добро доколку Владата на РМ покаже добра волја и го прифати тој амандман. Посебно за мене е важно прашањето на односот на јавните гласила за време на изборната кампања односно обезбедувањето рамноправна застапеност на политичките партии и сите други организатори на кампањата односно кандидатски листи во јавните гласила, посебно во оние јавни гласила кои се основани од Собранието на Република Македонија или кои се делумно финансирани од Буџетот на Република Македонија. Ова посебно стана важно после последниот извештај на Советот на министрите на Европската Унија кој беше обелоденет неодамна во кој меѓу другото беше кажано следното:" Уставот на Република Македонија гарантира слобода на изразување, но ситуацијата со медиумите останува предмет на загриженост". Државно финансираното издавачко претпријатие, се мисли на НИП " Нова Македонија" , кое доминира со печатените медиуми има широка контрола врз печатниците и дистрибутивната мрежа и малку понатаму и така цитирам: " Во врска со електронските медиуми Владате се уште има контрола врз националната радио и телевизија". Што значи дека ова се многу остри оценки на Европската Унија за состојбите со печатените и електронските медиуми во нашата држава, посебно тие што се основани од Собранието на Република Македонија заради нивната пристрасност

Република Македонија заради нивната пристрасност кон Владата на Република Македонија. Оттаму, сосема во право Националниот демократски институт оценува дека точноста, рамнотежата и непристрасноста во давањето вести за време на изборната кампања од активностите на политичките партии е поважно од обезбедувањето на непристрасност во информирањето од страна на јавните гласила во време на изборната кампања. Поради сите овие аргументи мислам дека е неопходно во законот да се предвидат амандмани со кои ќе се гарантира точноста, урамнотеженоста и непристрасноста во емитувањето на вести за активностите на политичките партии и листите на кандидати во изборната кампања, како и обврската Собранието на Република Македонија да донесе правила за рамноправно медиумско претставување на политичките партии и кандидатските листи за време на изборите во јавните медиуми во Република Македонија. Во надеж дека седницата ќе продолжи во оној тек како што ја започна министерот за правда, во спремност за прифаќање и на добар дел од другите амандмани, завршувам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

За збор се јави господинот Спасов, министер за правда.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Почитуван господине потпретседателе, почитувани пратеници, со оглед на тоа што веќе од двајца пратеници на ЛДП се навраќаат на моето уводно излагање во кое што реков нешто, а кое што погрешно се интерпретира, должен сум да го кажам следното. Точно е само едно дека јас во уводното излагање, кои што сите го имате реков дека во

промената на стариот Закон за избор на пратеници, Владата се ориентира да почитува барем четири основни цели што ќе се постигнат со новиот модел за избор на пратеници. Тоа значи, дека со новиот модел, значи со овој понудениот во кој што веќе 35 пратеници се избираат по чистиот пропорционален модел се добива повисока проодност за политичките партии во однос на стариот модел што го имавме досега, значи во однос на чистиот мнозински модел, се добива поправилна распределеност на гласовите во мандати, затоа што 35 пратеници се избираат по пропорционалниот модел, се добива повисок квалитет на парламентот, со тоа што сите политички партии имаат можност на тој дел од пропорционалниот модел да ги стават своите најквалитетни кадри, се смалуваат трошоците, исто така, затоа што еден дел завршува само во еден изборен круг и реков дека истовремено ќе се обезбеди старата придобивка, обезбедување на стабилно мнозинство во Парламентот, односно можност за стабилна влада, која што ќе може да ги продолжи стабилно демократските реформи. Ни во еден момент ова што го предлагавме не го споредував со некаков чист пропорционален модел, бидејќи за тоа ниту има потреба, ниту мислам дека тоа го кажав. Според тоа, тоа што го кажав се однесува на компаративните предности, на ова што сега го нудиме во однос на она што досега веќе го имавме. Ако некој каже дека таквиот модел во една ситуација во 1990 година не довел до стабилно мнозинство, а во друга ситуација, довел до стабилно мнозинство, меѓутоа, не и до одговорна влада, тогаш нема никаква дискусија за тоа, дека и нема никаква гаранција дека некаков чист пропорционален модел со кој што 6и можеле да експериментираме и кој што сигурно доведува до повисока фрагментација на политичкиот живот во Републиката, задолжително ќе донесе, пред се, до стабилно политичко мнозинство во Парламентот и стабилна Влада или пак до поодговорна Влада.

На крајот, во однос на судиите. Јас реков дека во нашиот предлог кој што ќе го добиете, остануваме на предлогот во Државната изборна комисија да имаме тројца судии и тоа е оној минимум на кој што го сведовме на судиите во Државната изборна комисија, што сметам дека е апсолутно пракса во сите земји на Централно - Источна Европа, зашто можеме да понудиме и емпириска евиденција. А, од еден од амандманите кој што го имаме добиено од ЛДП, за кој што ќе разговараме во дебатата по амандманите, се предлага тој број на судиите во Државната изборна комисија да биде 5.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

За збор се јави господинот Минов.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани министре, дами и господа пратеници, бидејќи имав прилика господинот министер за правда пред мене што зборуваше, ќе ја искористам можноста да го искоментирам неговото последно јавување. .Фактички, не се работи само за она што се добива со воведување  во изборниот систем во Република Македонија со комбинирањето на пропорционалниот и мнозинскиот модел, туку тоа е неспорно и во тоа има  подржување и од пратеничката група на ЛДП. Суштината е во тоа што на ваков начин уреден мнозински модел, како што и еден од колегите пред мени искажа, фактички и од меѓународните

експерти е оценет како многу чуден, како да е многу редок итн., со други зборови кажано дека не е адекватен на вистинските принципи на мнозинскиот модел. Во таа смисла, еве, и јас се придружувам кон поздравувањето на најавата и од министерот и од некои пратеници од СДС дека она што е и заложба на меѓународните експерти, заложба и амандманска интервенција на пратеничката група на Ј1ДП, да се прифати во вториот изборен круг да одат оние двајца, односно тројца пратеници кои што добиле најголем број гласови.

Сакам да искоментирам тоа, по мене што главен одговор треба да се даде на прашањето дали кон остварување на целта на фер, објективни и демократски избори со донесувањето на овој закон, ќе се обезбеди со неговото конкретно уредување на односите во изборната материја и нормално со конкретните решенија во Предлог законот за избор на пратеници, она што е најбитно, а тоа најбитно ние многу малку се осврнавме на тој момент, тоа е дали пренесувањето на суверенитетот на граѓаните преку изборниот резултат, доверувајќи ја довербата на избраните пратеници во вистинска смисла со реални показатели и со објективни инструменти, ќе биде загарантирана со уредувањето на односите и со конкретните решенија во овој Закон. Ако тргнеме од тоа дека граѓаните на такви општи, непосредни и тајни избори, фактички, кореспондирајќи со решението за неотповикување на пратениците, ја пренесуваат довербата, а со тоа и суверенитетот сега на нас и на идните пратеници за извршување на највисоката законодавна власт, овој закон и тоа како треба во смисла на остварување на реализација на гаранциите за навистина, обезбедување, на тоа објективно и реално пренесување

на довербата од граѓаните врз изборните пратеници да ги задоволи највисоките стандарди на објективност и реалност во гласањето и во резултатот од гласањето.

По мене, во оваа смисла неодминливо е да се искоментира, прво, не прифаќањето на решенијата за професионализација на пратеничката функција. Тука беше искажано, неколку пратеници од, исто така, различни поодделни аспекти за тоа кои се аргументите за профенионапизација на пратеничката функција, а јас повторно ќе се навратам на бирачкиот електорат односно на самите гласачи на она што значи преку гласањето и изјавувањето на доверба и преку изборниот резултат пренесувањето на надлежноста зачленување и одлучување во највисокиот законодавен дом, тоа со гласањето, да не бидам погрешно сфатен, на непрофесионални пратеници, бидејќи повеќе од сигурно е, покажа и досегашната пракса и искуство на работа на овој Парламент, непрофесионални пратеници, објективни и субјективни фактори и причинители за немање кворум, за нередовно функционирање на парламентот и да не бидам погрешно сфатен, и за неквалитетна работа на овој Парламент.

Во таа смисла сакам да заклучам дека неприфаќањето на решението за професионализација на пратеничката функција, фактички, го загрозува во вистинска смисла она што значи пренесување на довербата од граѓаните за остварување на застапувањето на нивните во вистинска смисла интереси и права како членови и пратениците во Законодавниот дом. Тоа е мое мислење. За тоа причини нема други, бидејќи е неспорно дека пратеникот треба да биде целосно ангажирана личност во остварувањето на своите права, обврски и реализација на функциите во Парламентот. Тоа бара целосен ангажман на една личност

избрана за пратеник и во таа опсервација мислам дека нема други причини, освен дека ете, преовладал кај предлагачот и политичката партија која стои зад него, моментот дека субјективното судрување со ова решение на голем број личности и во актуалниот состав на парламентот и во идниот ќе предизвика таква реакција што е непожелно да биде професионално функцијата, пратеник. Тоа мислам дека е неиздржано аргументирање за неприфаќање на професионалната функција.

Втор коментар е исто така неизбежен во делот на изборните органи за спроведување на изборите, овде беше многупати кажано, јас без претензија да се повторувам во однос на тоа, сакам да ја искоментирам изјавената резерва кон регрутирањето на судискиот состав и во Државната комисија и во Изборните комисии. Лично сметам дека нема пообјективна и попрофесионална структура од судиите во кои што би се имало најмногу доверба за извршување на една ваква, исто така, многу одговорна функција, како што е членување во изборните органи за спроведување на изборите. Но, во исто време, мислам дека е многу мал периодот на членување на тој состав сега избран за судии и сеуште присутната свест кај дел од истите, не сакам да бидам сфатен генерално да имам резерва кон судиите кои би членувале во овие изборни органи, но сигурно кај дел од нив сеуште и присутна таа свест за припаѓање кон партијата што тогаш беше единствена, а сега е партија на власт од една страна и неминовно чувството на одговорност, изборното мнозинство при именувањето нивно како судии.

XIV/9

Од друга страна сведоци сме, исто така, дека има претставници од тој судиски состав, кој што јавно не го кријат своето, да кажам, иако деполлитизирано, но припаѓање кон Социјал - Демократскиот сојуз.

**ПАНЧО МИНОВ:** (продолжение)

Во таа смисла во многу ќе се изгуби објективноста и реалноста, ако евентуално, негенерално, од таа структура на студии, бидат, именувани за членови и на државната и на изорните комисии кои што со погрешното утврдување на изборниот резултат, или со погрешното насочување на спроведувањето на изборите би направиле злоупотреба во она што значи вистинско расположение и преку гласањето вистинско пренесување на доверба за предложените кандидати за пратеници

Исто така, еден аспект саскам да искоментирам, беше кажано во делот на финансирањето, за буџетските средства и средствата од јавните фондови, од друг аспект.

Ние во досегашните два парламентарни избора и на локалните избори бевме сведоци за големо учество на претставниците на челната власт на СДСМ, преку намена на средства од буџетските и јавни фондови за изборни маркетинзи.

Овде како што сега е регулирано во законот, фактички вели - забрането е да се употребуваат средства од Републичкиот буџет и од фондовите. Ниту е до крај доуредено со кој инструмент и средства не смее, во кој период не смее како што беше предложено тука, периодот кога е изборната кампања, ниту пак, з а жал, е санкционирано во казнените одредби, што во случај ако, иако не смее повторно во изборната кампања да се користат јавните фондови за маркетиншки изборни цели. Јас да ви кажам пример, во праксата за избор на кампања во Англија каде што бев сведок, не смее кандидатот за пратеник ни во кафана да часи едно или група на лица. Тоа е строго забрането и е со последица за укинување на неговата кандидатура, а да не правиме коментари за тоа, еве, како кандидат по положба актуелен пратеник, или припадник

на парламентарното мнозинство да се користат јавни буџетски средства. Тоа, исто така, ќе се вратам на првата констатација, ќе значи купување на довербата на граѓаните и искривување на вистинскиот изборен резултат, како што е објективното расположение на граѓаните.

Ретко се кажа во оваа расправа, јас сакам да го потенцирам тоа дека не е добро решението, да не се лично поканувааат непосредно граѓаните за гласање, туку со општ повик и со плакати. Мислам дека тоа е едно решение кое е подобро за организаторите на гласањето, но, за граѓаните, во остварување на оваа нивно почесно право и обврска, е неповолно. Моето залагање е, за тоа имаме и амандмани од новата пратеничка група, е дека гласачите со избирачко право треба да бидат лично поканувани.

Исто така, иако навидум не важно, но многу важно е прашањето, а во функција на тајноста на гласањето, затоа, бирачките кутии да не бидат проѕирни, или пак прифаќање на амандманот, бидејќи имаме и сериски броеви, а и проѕирноста на избирачките кутии може да ја загрози тајноста, или прифаќање на амандманот на Ј1ДП за гласање во плика.

Има, одредени укажувања, тргнувајќи од искуството, досега се гласаше на пример во пропорционалниот модел и како неважечки се користеа гласачките ливчиња за кои гласачот јасно се определил за подносителот на листата и за носителот на листата. Јас предлагам овие терминологии - носител на листа и подносител на листа на кандидати, тоа и за нас овде поголем број од присутните прави забуна. Треба до предлагачите да се употреби една сугестија, да се оди со една друга терминологија која е поразбирлива, нормално и за содржината на законот а и за самите граѓани, подносител на листа треба да гласи партијата или група на граѓани кои поднесуваат кандидатура. За подносителот на листа листата во најголем број случаи може да доведе и до забуна околу тоа за кого се работи.

XV/3.-

Решението, во пропорционалниот модел да се гласа за партијата или групата на бирачи кои предлагаат листа на кандидати, со наведување само на носителот на листата мислам дека не е добро решение нема да ја отслика јавноста на гласачот при неговото определување за тоа што сигурно дека битен момент е кој и од другите, освен носителот на листата, тие 35 кандидати за пратеници од односната партија или група на бирачите кандидирани. Мислам дека има простор да се прифати нашиот амандман кој е исто така многу битен и ограничувачки за евентуалните манипулации, за одреден број од 7%на неважечки гласачки ливчиња, тогаш и самото гласање да се поништува.

На крајот сакам да кажам дека таков амандман има предложен пратеничката група на Ј1ДП, како еден ограничувачки фактор за тоа да не дојде во ситуација заради тоа што во предлогот на законот е овластен само претседателот на избирачкиот одбор да биде прогласувач за тоа дали е важечко или неважечко гласачкото ливче, па да не испадне енормно голем број на неважечки ливчиња, поради одредени субјективни убедувања за тоа кое е важечко а кое е неважечко гласачко ливче.

На крајот сакам да кажам уште една работа а тоа е следното

Ако забележавте во казнените одредби имаме само еден член кој го регулира кривичното санкционирање на повреди на одредбите од законот за избор на пратеници. Во тоа набројување, покрај тој што ги спречува изборите и гласањето кој е покрај тој што изврши и злоупотреба на избирачкото право, да дава поткуп на гласачите итн., отсуствува едно решение, а тоа е, тој што ќе го злоупотреби утврдувањето на изборниот резултат, а тоа се однесува директно за членовите на изборните комисии за спроведување на изборите. Мислам дека едно такво решение во кое децидно се виде дека под кривична одговорност ќе се санкционира и он ој сторител на повреда на одредбите, кој ќе изврши злоупотреба на она што значи вистински изборен резултат реализиран во самото гласање.

Во амандманска расправа ако предлагачот го прифати решението кое значи вистински мнозински модел односно од втор круг два односно три кандидати, ако се прифати исто така решението што значи не, постојните јавни медиуми за кои зборуваше г-динот Коцевски да донесат правила за рамноправно медиумско претставување, туку тоа да биде работа и надлежност на Собранието на Републиката, со посебна одлука, сметам дека во таков случај ќе се задоволат содржински уредувањата на одн осите во предлогот на законот, во тој случај тој би бил прифатлив и за мене.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Пред да му дадам збор на г-динот Шапуриќ ке замолам за поголемо внимание кон колегите кои на некој начин придонесоа за усовршување и квалитетно подобрување на предлогот на законот за избор на пратеници.

Има збор г-динот Зоран Шапуриќ.

XV/5

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Прашањата за изборниот модел и воопшто изборната регулатива се едни од најкруцијалните прашања за парламентарната демократија, но и за демократијата воопшто. Оттаму Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија е мошне важно прашање за понатамошниот развој на демократијата во Република Македонија.

Прашањето на изборниот модел е веќе решено, како што можеме да видиме со законот, но во оваа прилика само ќе кажам само две реченици околу моделот, тоа дека во над 95% во земјите во Европа е застапен пропорционалниот модел, кој што пак е застапен тн. Транзициони земји кои остварија најкрупни чекори кон европските интеграции, како на пример Словенија, Унгарија и т.н. дури и во Велика Британија, каде што со векови е присутен мнозинскиот модел. Моделот претрпе сериозни корекции при изборите за парламентите на Шкотска и Велс, а најавено е од страна на премиерот на Велика Британија дека за изборите на Европарламентот оваа година како и наредниот парламентарен состав ќе бидат корегирани, односно ќе биде корегиран мнозинскиот принцип.

Означениот Закон треба да биде таков, што максимално ќе ги стимулира но и ќе им овозможи на граѓаните на РМ масовно да излезат на избори и да влијаат врз одлучувањето на својата иднина, иднината на своите деца, своето семејство и својата држава. Апстиненцијата од изворите може да биде многу опасна за демократијата кај нас и може да ги насочи граѓаните да бараат решавање за своите проблеми вон институциите. Апстиненцијата од изборите е патолошка, ненормална појава за сите политички погледи, освен за елитистички погледи и тоа само во порадикални варијанти, па бидејќи СДСМ неодамна се изјасни дека се оградува од било каков елитизам, би било нормално да се очекува да министерот Спасов како претставник на Владата и мнозинството на СДСМ ги прифати амандманите на пратеничката група на ЛДП со која се овозможува максимално стимулирање на граѓаните да излезат на избори. Овие амандмани од ЛДП како што Ви е познато се поддржани и од другите опозициони партии. Неопходно е да се прифатат

амандманите со кои граѓаните за гласање во наредните парламентарни избори ќе им се врачува покана во која ќе биде содржано избирачко место, време на гласање, датумот и други податоци. Исто така, неопходно е граѓаните квалитетно да бидат информирани за сите прашања околу начинот на гласање во медиумите и во овој Закон да постојат тие одредби за да не се повтори состојбата од локалните избори 1996 година кога беше ветувано дека ќе бидат граѓаните квалитетно информирани за сите прашања околу гласањето но тоа се случи само инцидентно и во мошне ретки интервали. Неопходна е оваа обврска не само за државните медиуми туку за сите оние медии кои добиваат средства од Буџетот на Република Македонија. За овие медиуми треба во Законот да се подвиди обврска без надомест да предвидат одреден простор за претставување на учесниците на изборите.

Министерот Спасов и челниците од СДСМ често пати нагласуваа дека Владата и СДСМ ќе сторат се сите учесници во изборите да почувствуваат дека се создадени услови за фер и демократски избори. Ние тоа го очекуваме бидејќи беше најавено со амандманите, но се надевав, освен оние амандмани кои ги најави дека ќе прифати и други амандмани на ЛДП, бидејќи изборното законодавство треба да биде резултанта на барање на сите политички субјекти. Беше напоменато дека имаше различни, меѓутоа еден просек од тие барања е можно да се најде.

Според мене неодрживо е решението во законот, според кое по правило отстапувањето е од + - 10% од просечната изборна единица. За да се реализира во стварноста начелно на еднаква вапоризација на секој глас за што декларативно беше наведено, сега за сега во излагањето на министерот, неопходно е отстапувањето од просечната изборна единица да биде + - максимум + - 5%, а не како што е предложено во принцип. Со ова би се спречила и диспропорцијата во големината на изборните единици. И она што имавме прилика да го видиме од работната верзија, оние големи аномалиии би биле отстранети, како што е на пример во најголемата скопска населба Аеродром, изборните единици би биле многу поприфатливо распределени. Исто така, не би имале случај во изборната единица број 67 во Кисела Вода имаме околу 22 илјади

гласачи, а во соседната изборна единица Кисела Вода, 4, или 70, по број, да имаме 18 илјади гласачи. Би се отклонила диспропорцијата, Пинтија, како населба блиска до Драчево да биде пренесена преку Драчево во Студеничани, односно Зелениково, а наместо тоа, Усје кое природно припаѓа кон сосема друга изборна единица да биде прифатено кон 67. Исто така би се отстранила можноста, селото Горно Лисиче да не биде природно разделено од тн. Населба на дивоградби на улица " Островска" во Лисиче и би се создала една поголема компактност. Затоа сметам дека навистина нема причини, од една страна да се прифати амандманот отстапувањето да биде + - 5%. Тоа ќе биде околу + - 1000 гласа. Така да тоа навистина е доволно добра бројка. Од друга страна пак, ако се избрише она по правило, бидејќи овде сега имаме решение од 10% и ако и ова решение од 10% не дава доволно простор за разлика, навистина не гледам причина да останат тие зборови во принцип, бидејќи во овој случај пак, сосема обратно би се создала разлика од 3600 гласа и би се отстранила диспропорцијата која што често пати беше напомената, бидејќи во Кисела Вода се околу 100 илјади гласачи, има пет изборни единици, а да речеме во општина Центар со 68 илјади има четири изборни единици. А коко што е познато во општина Кисела Вода, во населба Аеродром се градаат секој ден нови згради, така да и во иднина ќе имаме зголемување. Оттаму е неопходно во оваа општина да бидат шест изборни единици.

Огромна доминација во избор на пратеници е дадено по овој закон на мнозински принцип вкупно 85. И за да се оствари тоа начело на мнозински принцип неопходно е во вториот круг да одат само двајца првопласирани кандидати од првиот круг. Впрочем и секогаш праксата го покажува тоа дека секогаш првите двајца имаат големи шанси. Со многу ретки исклучоци третиот успевал, од досегашната пракса, и на локалните и на двата парламентарни циклуса, да помине. Ова е вообичаено, како што беше кажано во сите мнозински принципи, а тоа е предвидено и при избор на Претседател на Република Македонија во нашето законодавство. Оттаму сметам дека министерот ќе го одржи ветувањето дека ќе го прифати овој наш амандман да идат двајца првопласирани кандидати, во мнозинскиот дел, во вториот круг.

XV/8

Како што е познато почитувани пратеници ЛДП има забелешки и на структура на изборни органи каде треба да има поголема застапеност на опозицијата. И беше кажано околу изборните комисии, нема да повторувам. Јас само ќе се задржам на структурата односно составот на избирачките одбори каде што бараме да биде 5 члена. Ова беше исто така ветено и се надевам дека ќе биде прифатено. Останува кај избирачкиот одбор да се предвиди и процедурата, односно начинот и предлогот на кој ќе биде избран претседател на избирачки одбор. Бидејќи како што е познато почитувани пратеници, од овој закон претседателот на избирачките одбори има навистина големи овластувања. Меѓу другото тој го прогласува гласачкото ливче за важечко односно неважечко и мора да биде на еден прецизен начин, бидејќи е нелогично од каде пак претседателот на изборната комисија би ги осознал сите кандидати од одредена изборна единица, а праксата ќе покаже дека не е можно секоја изборна единица да имаа судии, односно претседатели на комисии. Така да во голем дел од изборни единици ќе бидат претседатели кои живеат во други изборни единици. Оттаму наш предлог е да се спречи ова, да се предвиди во една изборна единица, 50% од претседателите на овие одредби да бидат од редовите на опозицијата, а останатите 50% од редовите на позицијата.

Понатаму во член 33 од Законот е предвидено едно чудно и нејасно решение кое никаде не е предвидено и познато, најавување на изборите и онака како што е во најавата пројавено, така учесниците на изборите треба да учествуваат, односно да го пријават учеството на изборите. Навистина чудно е да се дуплираат и усложнуваат работите и да се зголемуваат изборните трошоци, бидејќи со најавување на учество на изборите, таа одредба треба да отпадне и да остане само пријавување, бидејќи непосредно по 15 дена имаме пријавување. Така да се надевам дека и таа наша забелешка Ќе биде прифатена.

XV/9

Во Законот се предвидени огромен број на обрасци кои ќе бидат препишани од Републичката (Државна) Изборна Комисија. Неопходно е тоа што се намерава да биде составен дел на обрасците да биде вградено во Законот за да може да се знае за каков закон всушност ќе имаме, бидејќи во спротивно можеме да имаме евентуален субјективизам при изготвување на тие обрасци.

**ЗОРАН ШАПУРИК:** (продолжение)

Во Законот те предвидено според мене исто така едно нелогично решение, жалбите до судовите да можат да се поднесуваат само преку комисиите, односно жалбата до Врховниот суд да мора да се поднесува преку Државната Изборна Комисија, а не и до Врховниот суд, а жалбите до апелационите судови да се поднесуваат преку Изборната комисија во изборната единица со што се ускратува правото на учесниците во изборите да ги поднесуваат овие жалби директно во судовите.

Почитувани пратеници, во изминатите локални избори имавме пракса во неколку случаи Државната изборна комисија и изборните комисии да не ги достават жалбите до судовите каде што беа наменети, односно да ги пропратат до други органи. Оттаму е неопходно согласно начелото на поднесување на жалба да се остави простор учесниците на изборите да можат да доставуваат жалби и директно до судовите, тие сами да одлучат како ќе ја достават жалбата дали преку Изборната комисија до надлежниот суд, или пак ќе ја достават директно до судот. Исто така имаше еден амандман 15 дена пред одржување на изборите наместо 5 дена да бидат забранети анкети, односно искажување на јавно мислење. Јас мислам дека тој рок треба да биде 30 дена. Беше кажано околу големината на пропагандниот материјал, мислам дека не видов таков амандман, меѓутоа не е лошо да се прецизира. И околу одговорност; бидејќи во досегашната пракса имавме прекршување на изборните правила, а никој досега ниту учесник поединечно, ниту пак политичка партија не е ни опомената, а камоли да биде прекршочно казнета, зборувам овде на спротивно поставување,на кинење, на лепење, прилепување итн., или пак лепење на недозволени места со што тие одредби што се предвидени мора да бидат повеќе прецизирани.

Што се однесува до овластен претставник на политичките партии во досегашното парламентарно искуство, односно изборно искуство во РМ имавме некои проблеми што е тоа овластен претставник на политичка партија. Затоа мора да се предвиди кој е тој овластен и дали секој е овластен од политичката партија. Бидејќи некои изборни комисии различно го толкуваат ова решение, па дури и лидерот на партија не го сметаат за овластен што е навистина нонсенс, а пак друго лице кое што е овластено од претседателот на партија го смета за овластен. Затоа мислам дека мора едно извесно минимално прецизирање да се направи чисто заради појаснуваше и за да немаме недоразбирање кај изборните комисии, односно кај нивната примена на законот.

Во експертизата на Советот на Европа е наведено прашањето на разграничувањето, односно моделирањето на изборните единици дека треба да ги врши еден независен орган во кој треба да земат активна партиципација и политичките партии, мислам дека навистина при тоа разграничување би требало да имаме еден независен, непартиски орган каде што партиите пак би се вклучиле во ова разграничување и би давале свои сугестии. За да ја олесниме процедурата добро е што е најавено дека Законот за изборните единици ќе оди во две фази, меѓутоа ако веќе во самата фаза на изготвување на тие изборни единици се постигне одреден договор, со тоа е скратена и процедурата пред Парламентот, односно расправата се сведува на минимум со што ќе овозможиме изборната регулатива да биде што побрзо заокружена. Министерот Спасов како претставник на Влада има шанса да ги прифати амандманите на опозицијата како и забелешките на меѓународната експертиза, посебно на Советот на Европа пред се за да добиеме еден

демократски закон што ќе биде чекор кон развој на парламентарната демократија и демократијата воопшто. Овие наши амандмани беа дадени исклучиво почитувани пратеници, во функција на подобрување на изборите, на изборниот закон и олеснување на изборната процедура, на стимулирање на граѓаните да излезат во што поголем број на избори и од тој мотив беа пред се од аспект на граѓанинот, а второстепено беше значење партискиот интерес за кој што кажав дека навистина постои простор да се најде резултатна на барањата на релевантните политички субјекти.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес. Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за политички систем поднесе амандмани на член 84 за менување на став 2 по кој Владата не се произнела.

Пратениците: Зоран Шапуриќ и Илија Каров поднесоа амандмани на член 17 став 2, член 18 за бришење на став 1 и на член 36 став 2, по кои Владата не се произнела.

XVI/4.-

- Пратениците Зоран Шапуриќ и Илија Каров поднесоа амандмани на член 17 став 2; член 18 за бришење на став 1 и на член 36 став 2, по кои Владата не се произнела.

- Пратениците Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Слободан Даневски, Владимир Соколовски, Чапов, Владимир Станковски, Љупчо Мешков, ИЈ ров, Николина Трајановска, Петар Талимџиоски Богдан Најдовски поднесоа амандмани на член 2 3; на член 12 став 1; член 13 став 1 за бри! на став 2 и на став 3; член 14 за менување на став 1; член 15 став 2; член 16 став 3 и 4; член ЦП 2 и за додавање нов став 4 по ставот 3; член 24 став 2 и 3; за бришење на член 33; член> 34; ЧЈ став 2; член 41 став 2 и за бришење на ставовите 5 и 6; член 47 за додавање нов став 3 по ставот 2; ™ член 48 став 2; за менување на член 50; член 60 за додавање нов став 6 по став 5; член 65 став 5; член 66 став 1 точка 5; член 67 за бришење на став 2; член 75 за додавање нов став 2; член 82 став 7; член 84 став 1 и на член 89 за менување на став 4, по кои Владата не се произнела.

- Пратениците Кире Видимче и Илија Каров поднесоа амандмани на член 2 4 за менување на став 1; за бришење на член 33; член 34 став 1; член 42 став 3; член 51 за менување на став 2; член 58 став 1 алинеја 1; член 60 став 1; член 86 за додавање нов став; за менување на насловот на Глава 6 после член 87; член 88 за менување на став 3; член 89 став 7; за менување на член 90; член 91 став 2; член 92 за додавање нов став; член 93 став 2; за бришење на член 114; член 115; член 117 и на член 117 за додавање нов став, по кои Владата не се произнела.

XVI/5.-

- Пратеникот Томислав Стојановски поднесе амандмани на член 2 став 3; член 4; за додавање нов член 6-а; за бришење на член 33; член 3 4 став 1; член 55 став 1 за бришеше на став 3 и за менување на став 6; член 62 став 1; член 82 став 7; член 83 став 5; член 89пстав 4; член 94 став 5; член 99 став 1 за додавање нова алинеја 6 и на член 102 став 1, по кои Владата не се произнела.

- Пратеникот Бранирод Михајловски поднесе амандмани на член 7 став 2; член 4 3 за бришење на став 2 и на член 89 за бришење на став 2, по кои Владата не се произнела.

- Пратеникот Јован Лазаров поднесе амандман на член 77 став 1, по кој Владата не се произнела.

Комисијата за внатрешна политика и одбра- на поднесе амандмани на член 7, член 12 став 4 и член 14 став 2, член 13, став 2 и 3, член 14 став 1 и 3, член 17 став 1, член 43 за бришење на став 2, член 49, член 57 став 3 и член 60 став 5, член 58 алинеја 1 член 79 став 4, 5 и 6, член 82 став 5, член 8& став 2 и 3, член 87 став 4, член 93 став 2, член 99 став 3, член 100 став 1, член 108 став 3 и 7 и на член 113 став 1 алинеја 1 и 4.

Пратениците Кенан Хасипи и Хисен Рамадани поднесоа амандмани за менување на називот на Предлогот на законот, за менување на член 1 и на член 94 став 5, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Кире Видимче и Илија Каров поднесоа амандмани за бришење на член 54, член 116 став 1 за бришење на алинеја 1 и член 116 став 1 алинеја 2 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Јован Лазаров поднесе амандмани на членовите 66 и 67 и член 78, по кои Владата не се произнела.

XVI/6.-

Пратениците Аце Коцевски, Владимир Станковски, Владимир Соколовски, Николина Трајановска, Љупчо Мешков и Зоран Шапуриќ поднесоа амандмани за бришење на член 22, член 34 став 2, член 47 за додавање два нови ставови 3 и 4, член 75 за додавање нов став 2, член 76 за додавање нов став 5, член 77 став 1, член 78 став 2, член 83 став 5, член 86 став 1, член 78 став 2 член 83 став 5 и на член 120 за додавање нов став 2 по кои Владата не се произнела.

Кон овие амандмани се приклучи и пратеникот Илија Каров.

Пратениците Владимир Соколовски, Љупчо Мешков и Владимир Станковски поднесоа амандман на член 13 за менување на став 1 и 2 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Владимир Соколовски, Љупчо Мешков и Владимир Станковски поднесоа амандман на член 16 за менување на став 2 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Томислав Стојановски поднесе амандман на член 36 став 2 по кој Владата не се произнела.

Пратениците; Аце Коцевски, Николина Трајановска и Зоран Шапуриќ, поднесоа амандман на член 2 за менување на став 3 по кој Владата не се произнела.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на членовите 6 став 1, 14 став 1, 27 точка 15, 50, 57 став 3 и член 120, член 7, член 13 став 4, член 28 точка 13, член 30, член 41 став 4 член 71 став 4 член 98 став 5, член 112 и 115, член 118 став 1 и 2 член 114, член 119 и на член 120 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 48 став 2 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Мерсел Биљали, Исмет Рамадани, Сејфедин Харуни, Газменд Ајдарага и Риван Сулејмани поднесоа амандмани на член 2 став 3, член 18 за бришење на став 1, член 41 за додавање нов став 5 по став 4 и на член 48 став 2, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Аце Коцевски, Николина Трајановска, Зоран Шапуриќ, Владимир Станковски, Љупчо Мешков, Владимир Соколовски, Слободан Даневски, Илија Каров, Петар Талимџиоски, Слободан Најдовски и Славчо Чапов поднесоа амандмани за додавање нов член 5-а, член 34 став 2, за додавање нов член 44-а, член 50 за додавање нов став 2 по став 1, член 55 став 2, член 66 став 1 за бришење на точка 4, член 67 став 1 за бришење на точка 2, член 69 став 1, член 84 став 1 и на член 89 став 4 и 5 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Зоран Шапуриќ, Илија Каров, Љупчо Мешков и Слободан Даневски поднесоа амандман на член 2, став 3, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Кенан Касипи поднесе амандмани на член 7 став 1, и за бришење на став 2, член 33 за бришење на ставовите 2 и 3 член 34 став 2, член 44, член 48 за менување на став 3, член 54 и на член 89 за менување на став 7 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Фаик Абди поднесе амандмани на член 2 став 3, член 8 за додавање нов став 2 по став 1, член 94 за бришење на став 5 и на член 99 став 1 за додавање нова алинеја 6 по алинеја 5 по кои владата не се произнела.

XVI/8.-

Пратениците Јован Лазаров, Мирко Пецов и Мирко Лазаревски поднесоа амандмани на член 6 став 1, член 33 став 2, член 36 став 2 и на член 99 став 1 за додавање нова алинеја 6 по алинеја 5, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Томсилав Стојановски поднесе амандман на член 75 за додавање нов став 2, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Амди Бајрам, поднесе амандман на член 94 став 5 по кои Владата не се произнела.

Пратениците: Љубомир Поповски, Александар Гештаковски, Митко Ристевски, Персида Малинска, Рубинчо Белчевски, Драган Георгиев Љупчо Беличев, Душан Данев, Бранирод Михајлвоски и Александар Јакимовски, поднесоа амандмани на член 12 став 1, член 13 за менување на ставовите 1,2 и 3, член 15 став 2, член 16 за менување на став 2 и на став 3, член 18 за менување на ставовите 1 и 2, член 19 за додавање нов став 3 по став 2 и на став 3, член 20 став 2, член 27 став 1 за бришење на точка 3 и на точка 11, член 2 8 став 1 за менување на точка 2, член 32, член 38 за менување на став 2, член 41 став 4, член 60 став 1 за бришење на став 2, член 67 став 1 за додавање нова точка 1-а, член 77 став 2, член 81 за бришење на став 6, за менување на член 84, член 89 став 7, член 91 став 2, член 98 став 1 алинеја 1 и за бришење на став 7, член 108 за бришење на став 2 и за менување на член 120, по кои Владата не се произнела.

Бидејќи концентрацијата на пратениците, на нивното внимание е при крај, предлагам да прекинеме со работа, а утре продолжуваме со работа со почеток во 11,00 часот.

(Седницата прекина во 17,20 часот).